association for the prevention of torture

International Detention Coalition
Human rights for detained refugees, asylum seekers and migrants

UNHCR
The UN Refugee Agency

МОНИТОРИНГ НА ЗАДРЖУВАЊЕТО ОД ИМИГРАЦИСКИ ПРИЧИНИ

Практичен прирачник

АВТОРСКО ПРАВО © 2014, Асоцијација за превенција на тортура (АПТ) и Канцеларија на Високиот комесар за бегалци на Обединетите нации (УНХЦР).

Сите права се задржани. Материјалите содржани во оваа публикација може слободно да се цитираат или да се препечатуваат, под услов да се даде заслуга на изворот. Барањата за дозвола за репродукција или преведување на публикацијата треба да бидат упатени до АПТ и УНХЦР.

Дизајн: BaKos Design

Техничка обработка: Дата Понс

Оваа публикација е отпечатена во рамките на проектот „Глобална програма за техничка помош и градење на капацитетите за спречување на притвор на децата и заштита на децата и на другите баратели на азил во притвор“, финансирана од Европската Унија. Содржината на оваа публикација е во исклучива одговорност на УНХЦР и во никој случај не ги одразува гледиштата на Европската Унија.

Овој прирачник е достапен на:
http://www.refworld.org/docid/53706e354.html
и на www.apt.ch/publications

МОНИТОРИНГ НА ЗАДРЖУВАЊЕТО ОД ИМИГРАЦИСКИ ПРИЧИНИ

Практичен прирачник

apt association for the prevention of torture

UNHCR The UN Refugee Agency

International Detention Coalition
Human rights for detained refugees, asylum seekers and migrants

БЛАГОДАРНОСТ

Првичните нацрти на овој Прирачник беа изготвени од Ив Лестер (Eve Lester), консултантка и ревидирани од Едуард Делаплас (Edouard Delaplace) и Тања Нортон (Tanya Norton) од Асоцијацијата за превенција на тортура (АПТ). Управниот одбор е во состав: Барбара Бернат (Barbara Bernath) (АПТ), Алис Едвардс (Alice Edwards) (УНХЦР), Грант Мичел (Grant Mitchell) (ИДЦ), Тања Нортон (Tanya Norton) (АПТ) и Ариел Рива (Ariel Riva) (УНХЦР). Во подготовката на Прирачникот се консултиравме со голем број најразлични меѓународни, регионални и национални тела и засегнати страни, вклучително и меѓународни и национални тела за мониторинг, специјални процедури на Обединетите нации, меѓународни организации и граѓанското општество. АПТ, ИДЦ и УНХЦР сакаат да ја изразат својата благодарност до сите експерти што дадоа свој придонес во оваа публикација.

ПРЕДГОВОР ОД ВИСОКИОТ КОМЕСАР НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ ЗА БЕГАЛЦИ

Далеку од очите, но не и од срцето

Затворањето на лицата што, бегаат затоа што животот им е во опасност или се соочени со ризик од прогон во некои земји стана рутина – а, не исклучок – на властите во рамките на нивното раководење со границите. Особено е алармантен фактот дека децата и семејствата не се поштедени од оваа практика, која е во подем, и некои од нив поминуваат долги периоди зад бодликава жица или зад решетки. Честопати барателите на азил и бегалците се задржуваат во затвори со максимално ниво на обезбедување, заедно со многу опасни лица или живеат во супстандардни услови, и со нив се постапува како да извршиле кривично дело. Понекогаш тие се суштински отстранети од општеството, со тоа што се сместени на оддалечени локации, какви што се пустините, граничните области или дури и подалечни острови, тешко достапни за редовен мониторинг и контрола. Таквите места и таквото постапување не се компатибилни со универзалното право на азил, право што е во суштината на работата на мојата Канцеларија.

Иако нелегалната миграција може да претставува предизвик за граничниот интегритет и за ефикасното функционирање на системите за азил, властите имаат обврска да постапуваат на хуман и достоинствен начин и со барателите на азил и со мигрантите. Без разлика на нивниот имигрициски или азилантски статус, барателите на азил и мигрантите, како и сите човечки суштества, имаат право на древниот закон за habeas corpus, или правото никој да не биде лишен од слобода на своеволен или незаконски начин. Барателите на азил што се задржани се меѓу најранливите лица со кои персоналот на УНХЦР има контакт. Со мониторингот се обезбедува, иако тие не ни се пред очи, да не се заборави на околностите во кои се наоѓаат.

Овој Прирачник за мониторинг беше изготвен со заеднички напори на мојата Канцеларија, Асоцијацијата за превенција на тортура (АПИ) и Меѓународната коалиција против задржување (ИДЦ). Се надеваме дека со него ќе се зајакне капацитетот не само на персоналот на УНХЦР за заштита за кој мониторингот на задржувањето претставува редовна и важна активност за заштита туку, исто така, и на другите актери и тела со национален и/или меѓународен мандат да ги посетуваат местата за задржување од имигрициски причини.

Начелата и стандардите утврдени во овој Прирачник се од превентивна и од корективна природа. Мониторингот може да помогне во спречувањето на повредите на човековите права на индивидуално и на системско ниво, и може да ги нагласи областите за кои е неопходно подобрување, со цел да се обезбеди

целосно почитување на основните права на достоинствено и човечно постапување. Пристапот до установите за задржување претставува прв чекор кон спречување на злоупотребата.

Со тоа што нуди практична методологија за спроведување на мониторинг на задржувањето и со тоа што се потпира на најсовремените меѓународни и регионални стандарди за човекови права и бегалци, Прирачникот претставува постапен („чекор по чекор“) водич за оние што го вршат мониторингот, а кој можат да го понесат со себе кога вршат контрола на установите за задржување. Исто така, може да се користи и како листа за проверка за владите и персоналот од установите за задржување во однос на најдобрите практики и стандарди што треба да ги применат во сите фази од процесот на задржување. Прирачникот е надополнување на *Насоките за критериумите и стандардите што се применуваат во врска со задржувањето на барателите на азил и алтернативните решенија на задржувањето (2012) (Насокas on the Applicable Criteria and Standards)* на УНХЦР и се надградува на стручната и обемна работа на АПР и ИДЦ во мониторингот на задржувањето, односно во залагањето за алтернативни решенија на задржувањето. Ви го препорачувам Прирачникот.



Антонио Гутереш (António Guterres)

Висок комесар на Обединетите нации за бегалци

ПРЕГЛЕД НА СОДРЖИНАТА

1. ВОВЕД ВО ПРИРАЧНИКОТ 19

1.1 Зошто да се врши мониторинг? Зошто е потребен овој прирачник? 21

1.2 За кого е наменет овој прирачник? 22

2. ЗАДРЖУВАЊЕ ВО ИМИГРАЦИСКИ КОНТЕКСТ 27

2.1 Зошто лицата се задржуваат? 28

2.2 Кој може да биде задржан? 28

2.3 Каде се задржуваат лицата? 29

2.4 Колку долго се задржуваат лицата? 30

2.5 Кој задржува? 30

2.6 Задржувањето поради имиграциски причини и меѓународната правна рамка 31

3. ЗАДРЖУВАЊЕ ОД ИМИГРАЦИСКИ ПРИЧИНИ: МЕТОДОЛОГИЈА ЗА МОНИТОРИНГ 35

3.1 Мониторинг на местата за задржување во имиграциски контекст 35

3.2 Развивање стратегија за мониторинг: клучни елементи 41

3.3 Подготовка за посетата 48

3.4 Спроведување на посетата 52

3.5 После посетата 70

4. КОИ АСПЕКТИ ОД ЗАДРЖУВАЊЕТО ОД ИМИГРАЦИСКИ ПРИЧИНИ ДА СЕ ИСПИТААТ 83

4.1 Задржување и имиграциски процедури 83

4.2 Постапување и заштита 104

4.3 Безбедност, ред и дисциплина 112

4.4 Материјални услови 119

4.5 Активности 131

4.6 Здравствена заштита 146

4.7 Персонал 156

4.8 Лица во состојба на ранливост/ризик 162

ФУСНОТИ 179

ПРИЛОЗИ 187

Прилог I: Глосар на клучни термини 187

Прилог II: Библиографија од избрана литература 193

СОДРЖИНА

АКРОНИМИ И СКРАТЕНИЦИ 14

1. ВОВЕД ВО ПРИРАЧНИКОТ 19

1.1 Зошто да се врши мониторинг? Зошто е потребен овој прирачник? 21

1.2 За кого е наменет овој прирачник? 22

2. ЗАДРЖУВАЊЕ ВО ИМИГРАЦИСКИ КОНТЕКСТ 27

2.1 Зошто лицата се задржуваат? 28

2.2 Кој може да биде задржан? 28

2.3 Каде се задржуваат лицата? 29

2.4 Колку долго се задржуваат лицата? 30

2.5 Кој задржува? 30

2.6 Задржувањето поради имиграциски причини и меѓународната правна рамка 31

3. ЗАДРЖУВАЊЕ ОД ИМИГРАЦИСКИ ПРИЧИНИ: МЕТОДОЛОГИЈА ЗА МОНИТОРИНГ 35

3.1 Мониторинг на местата за задржување во имиграциски контекст 35

3.1.1 Предизвиците на мониторингот на задржувањето поради имиграциски причини 35

3.1.2 Што значи да се врши мониторинг на задржувањето поради имиграциски причини? 36

3.1.3 Мониторинг на задржувањето од имиграциски причини: Ранливост 38

3.1.4 Добивање пристап за потребите на мониторингот 39

3.2 Развивање стратегија за мониторинг: клучни елементи 41

3.2.1 Разбирање на севкупниот контекст на задржувањето од имиграциски причини 41

3.2.2 Дефинирање јасни цели за мониторинг 43

3.2.3 Утврдување на севкупната временска рамка за Програмата за мониторинг 43

3.2.4 Избор на местата за задржување на кои ќе се фокусира 43
3.2.5 Природата и времетраењето на посетите за мониторинг 44
3.2.6 Колку чест се организираат посетите за мониторинг 44
3.2.7 Составот и големината на тимот за мониторинг 46
3.2.8 Координација меѓу телата што одат во посета 47

3.3 Подготовка за посетата 48
3.3.1 Истражување, собирање и средување на информациите 48
3.3.2 Дефинирајте ги конкретните цели на посетата 49
3.3.3 Внимавајте лицата што вршат мониторинг да бидат добро подготвени 50
3.3.4 Да се обезбеди материјална и логистичка подготовка 50

3.4 Спроведување на посетата 52
3.4.1 Разговор со раководителот на Центарот на почетокот од посетата 53
3.4.2 Преглед на објектите и забелешки 54
3.4.3 Преглед на регистрите и други документи 57
3.4.4 Процедури за набљудување 57
3.4.5 Интервјуа со задржаните лица 58
3.4.6 Интервјуа со персоналот 68
3.4.7 Состанок со раководителот на Центарот на крајот од посетата 69

3.5 После посетата 70
3.5.1 Организирајте брифинг за анализа за тимот и за членовите 70
3.5.2 Анализа и интерен документ 71
3.5.3 Поднесување извештаи 71
3.5.4 Давање препораки 74
3.5.5 Дистрибуција на извештаи 77
3.5.6 Она што следи по извештаите и препораките 77
3.5.7 Проценка и ревидирање на процесот на мониторинг 79
3.5.8 Можни дополнителни стратегии што ќе следат 79

4. КОИ АСПЕКТИ ОД ЗАДРЖУВАЊЕТО ОД ИМИГРАЦИСКИ ПРИЧИНИ ДА СЕ ИСПИТААТ 83

4.1 Задржување и имиграциски процедури 83
4.1.1 Процедури за задржување и пристап до алтернативни решенија на задржувањето 84
4.1.2 Пристап до адвокат 87
4.1.3 Пристигнување и прием 90
4.1.4 Трансфер(и) 95
4.1.5 Пристап до процедури за азил/заштита 96

4.1.6 Барања и жалби 98
4.1.7 Ослободување и последователна грижа 100
4.1.8 Процедури за отстранување, депортирање и репатриација 101

4.2 Постапување и заштита 104
4.2.1 Мачење или друго несоодветно постапување 105
4.2.2 Изолација и самица 108
4.2.3 Средства за совладување и употреба на сила 110

4.3 Безбедност, ред и дисциплина 112
4.3.1 Дисциплински постапки 112
4.3.2 Надворешна инспекција 114
4.3.3 Малтретирање и виктимизација 116
4.3.4 Справување со вонредни ситуации 117

4.4 Материјални услови 119
4.4.1 Сместување 119
4.4.2 Храна и вода за пиење 123
4.4.3 Санитетски услови и хигиена 126
4.4.4 Облека 128
4.4.5 Готовина и личен имот 130

4.5 Активности 131
4.5.1 Посети и комуникација со надворешниот свет 132
4.5.2 Образование и градење вештини 136
4.5.3 Работа и активности кои се плаќаат 138
4.5.4 Рекреација надвор, слободно време и културни активности 139
4.5.5 Религија 142
4.5.6 Социјално и стручно советување 144

4.6 Здравствена заштита 146
4.6.1 Пристап до здравствена заштита 146
4.6.2 Медицински персонал 150
4.6.3 Посебни потреби на жените и бебињата 152
4.6.4 Лица со ментални здравствени проблеми 154

4.7 Персонал 156
4.7.1 Односите меѓу персоналот и задржаните лица и безбедноста 157
4.7.2 Ангажирање на персоналот, обука и однесување 159

4.8 Лица во состојба на ранливост/ризик 162
4.8.1 Основни принципи 162
4.8.2 Деца 164

4.8.3 Непридружувани или разделени деца 167
4.8.4 Жени 168
4.8.5 Лица со ментална или физичка попреченост 171
4.8.6 Лица жртви на трговија со луѓе 172
4.8.7 Жртви на мачење и траума 173
4.8.8 Лица без државјанство 175
4.8.9 Лица кои се ЛГБТИ 176

ФУСНОТИ 179

ПРИЛОЗИ 187

Прилог I: Глосар на клучни термини 187

Прилог II: Библиографија од избрана литература 193

ЛИСТА НА РАМКИ

Рамка 1.1. Задржување од имиграциски причини 20
Рамка 1.2. Цели на Прирачникот 25
Рамка 2.1. Насоки за задржувањето на УНХЦР 32
Рамка 3.1. Мониторинг 36
Рамка 3.2. Аспекти на задржувањето што треба да бидат предмет на мониторингот 37
Рамка 3.3. Пристап до местата за задржување 40
Рамка 3.4. Водечки принципи за мониторинг 42
Рамка 3.5. Колку често се организираат посети 45
Рамка 3.6. Профил на тимот за мониторинг 46
Рамка 3.7. Разговор со раководителот на центарот на почетокот од посетата 55
Рамка 3.8. Безбедносни прашања што се разгледуваат 56
Рамка 3.9. Регистри 58
Рамка 3.10. Заштита на изворите и на информациите 60
Рамка 3.11. Селекција на лицата што ќе бидат интервјуирани 62
Рамка 3.12. Вовед во интервјуто 64
Рамка 3.13. Освежување на сеќавањето 65
Рамка 3.14. Уреди за снимање 66
Рамка 3.15. Толкувачи 67
Рамка 3.16. По посетата 71
Рамка 3.17. Интерен документ 72
Рамка 3.18. Пет општи принципи при изготвувањето извештаи 73
Рамка 3.19. Двојниот С.М.А.Р.Т. (паметен) модел 76
Рамка 3.20. Оцена на посетата за мониторинг 80

АКРОНИМИ И СКРАТЕНИЦИ

ACHR	OAS (Organization of American States) American Convention on Human Rights (1969)	АКЧП	ОАД (Организација на Американските Држави) Американска конвенција за човекови права (1969)
ACHR AP	OAS American Convention on Human Rights Additional Protocol in the Area of Economic, Social and Cultural Rights (1988)	АКЧП ДП	Дополнителен протокол на Американската конвенција за човекови права на ОАД во областа на економските, социјалните и културните права (1988)
ACHRP	AU (African Union) African Charter on Human and Peoples' Rights (1981)	АППЧН	Африканска повелба за правата на човекот и на народите на АУ (Африканска унија) (1981)
APT	Association for the Prevention of Torture	АПТ	Асоцијација за превенција на тортурата
ASP	UN Protocol against the Smuggling of Migrants by Land, Sea and Air, supplementing the United Nations Convention against Transnational Organized Crime (Anti-Smuggling Protocol) (2000)	АСП	Протокол на ООН против криумчарење мигранти по копно, море и воздух, со кој се надополнува Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал (Протокол против криумчарење) (2000)
ATP	UN Protocol to Prevent, Suppress and Punish Trafficking in Persons, Especially Women and Children, supplementing the United Nations Convention against Transnational Organized Crime (Anti-Trafficking Protocol) (2000)	АТП	Протокол на ООН за спречување, сузбивање и казнување на трговијата со лица, особено жени и деца, со кој се надополнува Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал (Протокол против трговијата со луѓе) (2000)
BPP	UN Body of Principles for the Protection of All Persons under Any Form of Detention or Imprisonment (1988)	БПП	Корпус на принципи на ООН за заштита на сите лице од секаква форма на задржување или затворање (1988)
BPTP	UN Basic Principles for the Treatment of Prisoners (1990)	БПТП	Основни принципи на ООН за постапување со затвореници (1990)
BPUFF	UN Basic Principles on the Use of Force and Firearms by Law Enforcement Officials (1990)	БПУФФ	Основните начела на Обединетите нации за употреба на сила и огнено оружје од страна на службениците за спроведување на законот (1990)
BR	UN Rules for the Treatment of Women Prisoners and Non-custodial Measures for Women Offenders (the "Bangkok Rules") (2010)	ПБ	Правила на ООН за постапување со жени затвореници и вонинституционални мерки за жени престапници („Правилата од Банкок") (2010)
CAT	UN Committee against Torture	КПТ	Комитет на ООН против тортура
CCLEO	UN Code of Conduct for Law Enforcement Officials (1979)	ЦЦЛЕО	Кодекс на однесување на ООН за овластени службени лица (1979)
CCPR	UN Human Rights Committee	ЦЦПР	Комитет за човекови права на ООН
CDR	Cartagena Declaration on Refugees (1984)		Декларација за бегалци од Картагина (1984)
CEDAW	UN Convention on the Elimination of All forms of Discrimination against Women (1979)	ЦЕДАВ	Конвенцијата на ООН за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (1979)

CERD	UN Committee on the Elimination of Racial Discrimination
CESCR	UN Committee on Economic, Social and Cultural Rights
CFREU	Charter of Fundamental Rights of the European Union (2000)
CMCoE	Committee of Ministers of the Council of Europe
CMW	UN Convention for the Protection of the Rights of All Migrant Workers and Members of their Families (1990)
CoE	Council of Europe
CoE-TGFR	CoE Twenty Guidelines on Forced Return (2005)
CPT	European Committee for the Prevention of Torture and Inhuman or Degrading Treatment or Punishment
CRC	UN Convention on the Rights of the Child (1989)
CRC-GC	General Comments to the UN Convention on the Rights of the Child (1989)
CRIHL	ICRC, Customary Rules of International Humanitarian Law
OAUR	AU Convention Governing the Specific Aspects of Refugee Problems in Africa (1969)
CRPD	UN Convention on the Rights of Persons with Disabilities (2006)
CSR	UN Convention relating to the Status of Refugees (1951)
CSSP	UN Convention relating to the Status of Stateless Persons (1954)
DOM	World Medical Assembly – Declaration of Malta on Hunger Strikers (1991) (revised in 1992 and 2006)
DOT	World Medical Assembly – Declaration of Tokyo (1975) (revised in 2005 and 2006), Guidelines for Physicians Concerning Torture and other Cruel, Inhuman or Degrading Treatment or Punishment in Relation to Detention and Imprisonment
ECHR	European Convention for the Protection of Human Rights and Fundamental Freedoms (1950)

ЦЕРД	Комитет на ООН за елиминација на расната дискриминација
ЦЕСЦР	Комитет на ООН за економски, социјални и културни права
ЦФРЕУ	Повелба на Европската Унија за основните права (2000)
КМСЕ	Комитет на министри на Советот на Европа
КРМ	Конвенција на ООН за заштита на правата на сите работници мигранти и на членовите на нивните семејства (1990)
СЕ	Совет на Европа
СЕ-ДНПВ	Дваесет насоки на СЕ за присилно враќање (2005)
КСТ	Европски комитет за спречување тортура и нечовечно или понижувачко постапување или казнување
КПД	Конвенција на ООН за правата на детето
КПД-ОК	Општи коментари по Конвенцијата на ООН за правата на детето (1989)
ОПМХП	МКЦК – Обичајни правила на меѓународното хуманитарно право
ОАУР	Конвенција на АУ за конкретни аспекти од проблемите на бегалците во Африка (1969)
ЦРПД	Конвенција на ООН за правата на лицата со попреченост (2006)
ЦСР	Конвенција на ООН за статусот на бегалците (1951)
ЦССП	Конвенција на ООН за статусот на лицата без државјанство (1954)
ДОМ	Светско медицинско собрание – Декларацијата од Малта за лицата што штрајкуваат со глад (1991) (ревидирана во 1992 и во 2006)
ДОТ	Светско медицинско собрание – Декларација од Токио (1975) (ревидирана во 2005 и 2006), насоки за лекарите во однос на мачењето и на друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување, поврзано со задржувањето и затворањето
ЕКЧП	Европска конвенција за заштита на човековите права и на основните слободи (1950)

ECPT	European Convention for the Prevention of Torture and Inhuman or Degrading Treatment or Punishment (1987)
EPR	European Prison Rules (2006)
ERTG	Equal Rights Trust, Guidelines to Protect Stateless Persons from Arbitrary Detention (2012)
EU-RD	European Union, Directive 2013/33/EU of the European Parliament and Council laying down standards for the reception of applicants for international protection (recast) (2013)
IACPPT	OAS Inter-American Convention to Prevent and Punish Torture (1985)
IACPPEVAW	OAS Inter-American Convention on the Prevention, Punishment and Eradication of Violence against Women (1994)
ICCPR	UN International Covenant on Civil and Political Rights (1966)
ICESCR	UN International Covenant on Economic, Social and Cultural Rights (1966)
ICPPED	UN International Convention for the Protection of All Persons from Enforced Disappearance (2006)
ICRC	International Committee of the Red Cross
IDC	International Detention Coalition
ILO	International Labour Organization
IOM	International Organization for Migration
LGBTI	Lesbian, Gay, Bisexual, Transgender and Intersex
NGO	Non-governmental organization
NHRI	National Human Rights Institution
NPM	National Preventive Mechanism, under the OPCAT
OAS	Organization of American States
OHCHR	Office of the UN High Commissioner for Human Rights
OHCHR-TG	OHCHR, Recommended Principles and Guidelines on Human Rights and Human Trafficking (OHCHR Trafficking Guidelines) (2010)
OPCAT	UN Optional Protocol to the UN Convention against Torture (2002)

ЕКСТ	Европска конвенција за спречување тортура и нечовечно или понижувачко постапување или казнување (1987)
ЕЗП	Европски затворски правила (2006)
ЕРТГ	Труст на еднакви права – насоки за заштита на лицата без државјанство од своеволно задржување (2012)
ЕУ-РД	Европска Унија, Директива 2013/33/ЕУ на Европскиот парламент и на Совет на Европа, во која се утврдени стандардите за прием на барателите на меѓународна заштита (ревидирана верзија) (2013)
ИАЦППТ	Меѓуамериканска конвенција на ОАД за спречување и казнување тортура (1985)
ИАЦППЕВАВ	Меѓуамериканска конвенција на ОАД за спречување, казнување и едукација за насилството врз жените (1994)
ИЦЦПР	Меѓународен пакт на ООН за граѓански и политички права (1966)
ИЦЕСЦР	Меѓународен пакт на ООН за економски, социјални и културни права (1966)
ИЦППЕД	Меѓународна конвенција на ООН за заштита на сите лица од присилно исчезнување (2006)
МКЦК	Меѓународен комитет на Црвениот крст
ИДЦ	Меѓународна коалиција за задржување
МОТ	Меѓународна организација на трудот
ИОМ	Меѓународна организација за миграција
ЛГБТИ	Лезбијки, геј, бисексуалци, трансродови и интерсексуални лица
НВО	Невладина организација
НИЧП	Национална институција за човекови права
НПМ	Национален превентивен механизам според ОПКАТ
ОАД	Организација на Американските Држави
ОХЦХР	Канцеларија на Високиот комесар за човекови права на Обединетите нации
ОХЦХР-ТГ	ОХЦХР – Препорачани принципи и насоки за човековите права и трговијата со луѓе (Насоки за трговијата со луѓе на ОХЦХР) (2010)
ОПКАТ	Факултативен протокол на ООН за Конвенцијата на ООН против тортура

PBPPDLA	OAS/IACHR Principles and Best Practices on the Protection of Persons Deprived of Liberty in the Americas (2008)	ПБППДЛА	Принципите и најдобрите практики на ОАД/ИАЦХР за заштита на лицата лишени од слобода во Америка (2008)
PPMIHC	UN Principles for the Protection of Persons with Mental Illness and the Improvement of Mental Health Care (1991)	ППМИХЦ	Принципи на ООН за заштита на лицата со ментална болест и подобрување на грижата за менталното здравје (1991)
PME	UN Principles of Medical Ethics (1982)	ПМЕ	Принципи на ООН за медицинска етика (1982)
PSR	UN Protocol relating to the Status of Refugees (1967)	ПСР	Протокол на ООН во врска со статусот на бегалците (1967)
RPJDL	UN Rules for the Protection of Juveniles Deprived of their Liberty (1990)	РПЈДЛ	Правила на ООН за заштита на малолетници лишени од слобода (1990)
SMR	UN Standard Minimum Rules for the Treatment of Prisoners (1955)	СМР	Стандардни минимум правила на ООН за постапување со затвореници (1955)
SPT	UN Subcommittee for the Prevention of Torture, under OPCAT	СПТ	Поткомитет на ООН за спречување на тортура, според ОПКАТ
SR Torture	UN Special Rapporteur on Torture and other Cruel, Inhuman or Degrading Treatment or Punishment	СИ Тортура	Специјален известувач на ООН за тортура и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување
SRHRM	UN Special Rapporteur on the Human Rights of Migrants	СИЧПМ	Специјален известувач на ООН за човековите права на мигрантите
SRTP	UN Special Rapporteur on Trafficking in Persons, especially women and children	СИТЛ	Специјален известувач на ООН за трговија со лица, особено со жени и деца
UDHR	UN Universal Declaration of Human Rights (1948)	УДЧП	Универзална декларација за човековите права на ООН (1948)
UNCAT	UN Convention against Torture and Other Cruel, Inhuman or Degrading Treatment or Punishment (1984)		Конвенција против тортура и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување на ООН (1984)
UNHCR	Office of the United Nations High Commissioner for Refugees	УНХЦР	Канцеларија на Високиот комесар за бегалци на Обединетите нации
UNHCR–DG	UNHCR Guidelines on the Applicable Criteria and Standards relating to the Detention of Asylum-Seekers and Alternatives to Detention (2012)	УНХЦР-ДГ	УНХЦР – Насоки за критериумите и стандардите што се применуваат во врска со задржувањето на барателите на азил и алтернативни решенија на задржувањето (2012)
UNICEF	United National Children's Fund	УНИЦЕФ	Детски Фонд на Обединетите Нации
WGAD	UN Working Group on Arbitrary Detention	РГС3	Работна група на ООН за своеволно задржување
WMA	World Medical Association	СМА	Светско Медицинско Здружение
YP	Yogyakarta Principles on the Application of International Human Rights Law in relation to Sexual Orientation and Gender Identity (2007)	ЈП	Принципите од Јогјакарта за примена на меѓународното право за човековите права во врска со сексуалната ориентација и родовиот идентитет (2007)

1 ВОВЕД ВО ПРИРАЧНИКОТ

"Не постојат емпириски докази дека задржувањето ја одвраќа нелегалната миграција или ги обесхрабрува лицата од барање азил.

Глобална тркалезна маса за алтернативните решенија на задржувањето за барателите на азил, бегалците, мигрантите и лицата без државјанство: Резиме од заклучоците, УНХЦР/ОХЦХР (Global Roundtable on Alternatives to Detention of Asylum-Seekers, Refugees, Migrants and Stateless Persons: Summary Conclusions, UNHCR / OHCHR, July 2011).

"Мигрантите што се задржани се наоѓаат во особено ранлива ситуација, бидејќи може да не го говорат јазикот и затоа и да не разбираат зошто се задржани или да не се свесни за начините на кои може да се оспори легалноста на нивното задржување (...) мигрантите што се задржани честопати се лишени од клучната процедурална заштита, како што е брз пристап до адвокат, толкување/ превод, неопходна здравствена заштита, начини за контакт со семејството или со конзуларните претставници и начини за оспорување на задржувањето.

Специјален известувач за човековите права на мигрантите, Совет на ООН за човекови права (Special Rapporteur on the Human Rights of Migrants, UN Human Rights Council, A/HRC/20/24, §15, April 2012).

РАМКА 1.1 **ЗАДРЖУВАЊЕТО ПОРАДИ ИМИГРАЦИСКИ ПРИЧИНИ** обично се однесува на лишување од слобода на лицето од административен карактер, поради наводна повреда на условите за влез, задржување или престој во земјата примач.

Правата на слобода и безбедност на лицето се основни човекови права отсликани во меѓународната забрана за своеволно лишување од слобода и поддржани од правото на слобода на движење. Иако државите имаат право на контрола на влез и престој на нивна територија на лица што не се нивни државјани, ова право треба да се остварува така што ќе се почитуваат законските стандарди за правата на бегалците и човековите права[1].

Денеска примената на задржувањето поради имиграциски причини како алатка за управување со миграцијата е во пораст во голем број земји. Задржувањето на барателите на азил и на мигранти[2] претставува сè поголем предизвик за човековите права во целиот свет, и покрај тоа што задржувањето е дозволено само во согласност со меѓународното право, кога е тоа неопходно, разумно и сразмерно на легитимната цел што треба да се постигне, а и тогаш дури откако ќе се утврди дека помалку присилни алтернативни решенија не се соодветни за секој поединечен случај.

Во реалност, барателите на азил и мигрантите од време на време се подложени на своеволно и/или незаконско задржување. Тие можат да бидат задржани без соодветни процедури или во услови што не ги исполнуваат минималните стандарди и кои не се соодветни за нивните специфични околности. Иако практиките и условите на задржување варираат во голема мера од земја до земја, па дури и во самата земја во различни установи за задржување, ендемски проблем во имиграциски контекст е тоа дека задржувањето може, било намерно или ненамерно, како последица да има лишување на пристап до процедури кои се од клучна важност за решавање на имиграцискиот статус на задржаното лице, честопати со далекосежни последици по човековите права. Во врска со ова, административната и/или судската ревизија на различни форми на задржување од имиграциски причини може да не е достапен. Во практиката многу власти не ги земаат предвид посебните или специфичните потреби од заштита или поединечните аспекти на ранливост на одредени категории на лица што се задржани поради имиграциски причини[3].

Лицата што се задржани поради имиграциски причини се во позиција на ранливост, со тоа што се надвор од својата земја на потекло или надвор од земјата од која имаат државјанство, не го познаваат правниот контекст, па дури ни јазикот што се користи. Тие може да поминале долги патишта, кои ги трауматизирале

додека да стигнат во земјата, вклучително во случајот на бегалците, и избегале од своите земји на потекло поради прогон, сериозни повреди на човековите права или конфликт.

Конечно, задржувањето поради имиграциски причини честопати се карактеризира со мал или со никаков независен надзор, особено во граничните зони. Во некои земји задржувањето поради имиграциски причини е историски една од најмалку транспарентните области на јавната администрација.

1.1 ЗОШТО ДА СЕ ВРШИ МОНИТОРИНГ? ЗОШТО Е ПОТРЕБЕН ОВОЈ ПРИРАЧНИК?

Транспарентниот и независен надзор на јавната администрација на државата е клучниот дел на секој систем заснован на принципите на демократијата и владеењето на правото. Ова особено важи во случајот на мониторинг на овластувањето на државата да лиши некого од слобода, особено во контекст на имиграцијата. Задржувањето претставува лишување од слобода. Затоа, тоа мора да е во согласност со релевантните заштити што ги обезбедува меѓународното право. Во овој контекст главната цел на овој прирачник е да се обезбеди практична алатка за градење и јакнење на мониторингот и/или на контролните капацитети на организациите и поединците што ги посетуваат местата каде што се задржани лица поради имиграциски причини.

Самиот факт дека местата каде што се задржани лица поради имиграциски причини ги посетуваат тела за мониторинг, може да го отвори затворениот свет на притворот и да придонесе за зголемување на транспарентноста и отчетноста, како и за јакнење на јавната доверба. Овие посети, исто така, можат да имаат и важен ефект на одвраќање и намалување на ризикот од повреда на човековите права, како што се мачењето и нечовечкото и понижувачко постапување.

Основната премиса на мониторингот е дека треба да се случи во контекст на превентивниот пристап, кој се обидува да ги спречи повредите на човековите права на индивидуално или на систематско ниво пред тие да се случат. Мониторингот на задржувањето исто така има и корективен пристап и ги нагласува областите каде што е потребно подобрување. Во практиката ова значи дека Прирачникот нуди практична методологија за идентификување и документирање на ситуации во кои условите на задржувањето поради имиграциски причини нема да го исполнат минимумот меѓународни стандарди. Во рамките на овој широк опсег, овој Прирачник ќе овозможи посетите заради мониторинг да бидат конзистентни, ефективни, независни и засновани на докази и, се надеваме, на тој начин да се подобрат условите на задржувањето поради имиграциски причини и да се спречи ризикот од своеволно или нелегално задржување, мачење и други

форми на несоодветно постапување и враќање (*refoulement*)[4].

Превентивните посети се дел од тековен и конструктивен дијалог со релевантните власти, кои обезбедуваат конкретни препораки за подобрување на системот за краткорочно и долгорочно задржување. Тие можат да се случат претходно, наместо како одговор на некаков конкретен настан или жалба. Посетите можат да се случат во секое време, дури и кога не постои очигледен проблем.

Важно е да се биде свесен дека посетите поради поединечен случај можат да обезбедат информации за посистемски или структурни прашања и, поконкретно, во имиграциски контекст, тие можат да отворат прашања за адекватноста на механизмите за упатување на процедурите за азил или други процедури.

1.2 ЗА КОГО Е НАМЕНЕТ ОВОЈ ПРИРАЧНИК?

Овој прирачник е наменет за секој човек или институција што спроведува посети на места каде што се задржани лица поради имиграциски причини. Постојат различни типови мониторинг во зависност од мандатот и целта на телото за мониторинг. Некои тела се фокусираат на работата на поединечни случаи или барања; други имаат поопшт пристап и ги разгледуваат систематските и структурните прашања.

Во контекст на задржувањето поради имиграциски причини, сè поголем број тела за мониторинг имаат пристап до имиграциски установи. Меѓу нив е УНХЦР, како и други меѓународни, регионални и национални тела, како што се:

МЕЃУНАРОДНО НИВО

- **Поткомитетот на ООН за спречување тортура** (СПТ): Факултативниот протокол на ООН на Конвенцијата против тортура и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување (ОПКАТ)[5] воспостави двоен систем на превентивни посети, „преземени од независни меѓународни (СПТ) и национални тела (НПМ), во места каде што луѓето се или може да бидат лишени од слобода, со цел да се спречи мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување". СПТ е составен од 25 независни експерти и може да врши мониторинг на места каде што лицата се лишени од слобода, вклучително и на задржувањето поради имиграциски причини, во секоја од земјите потписнички на ОПКАТ.
- **УНХЦР:** Како дел од својата надзорна обврска во однос на спроведувањето на меѓународните инструменти поврзани со барателите на азил и бегалците од страна на државите и во согласност со неговиот мандат за меѓународна заштита на бегалците, УНХЦР има посебна улога, што треба да ја игра во вршењето мониторинг на задржувањето поради имиграциски причини.

Статутот на УНХЦР од 1950 година ги повикува сите држави да соработуваат со Канцеларијата во остварувањето на нејзините функции, додека земјите потписнички на Конвенцијата од 1951 година во врска со статусот на бегалците (ЦСР) и/или Протоколот од 1967 година, всушност, се обврзани да соработуваат со Канцеларијата, вклучително и да му обезбедат пристап на УНХЦР до местата за задржување, како и до барателите на азил и бегалците што се задржани[6].

- **Специјалните процедури на Советот за човекови права** можат да ги посетат местата за задржување од имигрициски причини[7]. Ова ги вклучува специјалните известувачи за тортура, за човекови права на мигрантите, како и за трговија со луѓе, особено жени и деца и Работната група за своеволно задржување (РГСЗ). Овие механизми можат да спроведат само посети на терен со претходно одобрение од засегнатата држава.

- **Меѓународниот комитет на Црвениот крст** (МКЦК) е водечкото тело што врши мониторинг на местата за лишување од слобода во контекст на вооружени конфликти, во својата улога да посетува воени затвореници. Подоцна мандатот му беше проширен и му беше дозволено да посетува задржани лица, со согласност од засегнатата влада, за време на интерни немири или тензии. Ова вклучува и места за задржување од имигрициски причини.

РЕГИОНАЛНО НИВО

- **Африканската комисија**, вклучително и специјалните известувачи за бегалци, барателите на азил и внатрешно раселени лица во Африка, како и за затворите и условите на лишување од слобода во Африка.

- **Меѓуамериканската комисија за човекови права**, вклучително и известувачите за правата на мигрантите и за правата на лицата лишени од слобода.

- **Европскиот комитет за спречување тортура** (КСТ) беше првото тело формирано конкретно за спроведување на превентивни посети на сите места на лишување од слобода во земјите членки на Советот на Европа, вклучително и за задржување од имигрициски причини. Првите посети на КСТ беа во 1990 година[8].

НАЦИОНАЛНО НИВО[9]

- **Национални превентивни механизми** (НПМ): Државите потписнички на ОПКАТ се обврзани да одржуваат, да назначуваат или да воспостават НПМ, кој е функционално независен и соодветно пополнет со персонал и средства за спречување тортура. Државите потписнички се обврзани да им доделат на НПМ пристап до сите места за лишување од слобода. Ова неопходно ги вклучува местата за задржување од имиграциски причини. Во овие случаи НПМ има директен мандат да спроведе ненајавени посети на местата за лишување од слобода и да даде препораки во врска со почитувањето на правата на лицата лишени од слобода. НПМ се очекува да станат клучен составен дел при вршењето мониторинг на задржувањето поради имиграциски причини. Навистина, значителен број НПМ веќе ја вршат оваа улога, во некои случаи со значителни ефекти. Согласно членот 19(в) од ОПКАТ, НПМ, исто така, „може да поднесе предлози и забелешки во врска со постојните или со нацрт-законските акти".

- **Националните институции за човекови права** (НИЧП) имаат широк мандат за следење и промоција на човековите права, вклучително и во места каде што се задржуваат лица. Тие честопати имаат активни улоги во мониторингот, вклучително и во контекст на задржувањето поради имиграциски причини. Некои имаат создадено цел корпус непроценлива литература и документација за задржувањето поради имиграциски причини и претставува важен ресурс во развивањето на секоја програма за мониторинг. Многу влади имаат назначено НИЧП како НПМ, во согласност со ОПКАТ.

- **Невладините организации** (НВО) во некои земји имаат овластување да вршат мониторинг на местата за лишување од слобода. Мониторингот од граѓанското општество вообичаено се карактеризира со голем степен на независност од властите. Поради нивната независност, нивните наоди и извештаи честопати добиваат голем публицитет. Меѓутоа, нивната законска основа за мониторинг честопати знае да биде слаба, врз основа на устен или писмен договор со засегнатите министерства или дури и поединечен министер. Поради ова, лицата што вршат мониторинг стануваат зависни од политичката волја на властите. Во некои земји недостигот на средства дури и за патни трошоци може да ја направи задачата на постојан мониторинг вистински предизвик за таквите независни групи.

- **Парламентарците** во голем број земји имаат широки овластувања за вршење посети на места каде што лица, вклучително и мигранти, се лишени од својата слобода[10]. Во некои земји ова го вклучува, исто така, и правото да се спроведуваат ненајавени посети.

Ниеден од постојните механизми не функционира во вакуум и сите имаат посебна вредност за сложениот систем на заштита и унапредување на човековите права. Ова значи дека телата што ги вршат посетите треба да бараат начини за соработка и да споделуваат информации и, во некои случаи, извештаи. Многу од нив веќе ги координираат своите активности, што резултира со позитивни ефекти.

РАМКА 1.2 ЦЕЛИ НА ПРИРАЧНИКОТ

Конкретните цели на Прирачникот се:

- да се обезбеди практична алатка за да им се помогне на телата што вршат мониторинг да се осврнат на сите аспекти на задржувањето поради имигрициски причини;
- да се подобри квалитетот, доследноста и ефективноста на мониторингот на задржувањето поради имигрициски причини;
- да се обезбеди рамка и одредници за мониторинг на условите на задржувањето поради имигрициски причини, кои се универзално релевантни, при тоа охрабрувајќи ги оние што вршат мониторинг да ги имаат на ум специфичностите на состојбата што ја следат;
- да се овозможи телата што ги вршат посетите да ги идентификуваат лицата што се задржани поради имигрициски причини, а кои имаат или можат да имаат право на меѓународна заштита или други средства за регулирање на нивниот статус и да овозможат да се остварат нивните посебни потреби;
- да се обезбедат насоки за она што ќе следува по интервенциите, вклучително и воспоставување механизми за упатување до соодветните организации и даватели на услуги;
- да се унапредат кооперативните и комплементарните практики за мониторинг меѓу различните тела што прават посети на национално ниво, како и меѓу регионалните и меѓународните тела.

2 ЗАДРЖУВАЊЕ ВО ИМИГРАЦИСКИ КОНТЕКСТ

> *"За да не се повреди правото на слобода и безбедност на лицето и да се заштити од своеволност, задржувањето на мигрантите мора да биде пропишано со закон и неопходно, разумно и сразмерно на целите што треба да се постигнат."*
>
> Специјален известувач за човековите права на мигрантите. A/HRC/20/24, §9, April 2012.

> *"Доколку мора да има административно задржување, принципот на сразмерност бара тоа да биде последното средство. Строгите законски ограничувања мора да бидат почитувани и да се обезбеди судска заштита. Причините што ги изнесуваат државите за да се оправда задржувањето, какви што се: потребата за идентификување на мигрантот во нелегална ситуација, ризикот од бегство или олеснување на протерувањето на нелегален мигрант кој добил налог за протерување, мора да бидат јасно дефинирани и исцрпно наведени во законската регулатива."*
>
> РГС3, Извештај до Тринаесеттата сесија на Советот за човековите права (WGAD, Report to the Thirteenth Session of the Human Rights Council, A/HRC/13/30, January 2010).

Задржувањето поради имигрициски причини, генерално, е административно по својот карактер (иако во некои околности може да следува осудителна пресуда за кривично дело). За разлика од задржувањето во рамките на кривичниот правосуден систем, ова не треба да претставува казна, ниту по својата намена ниту во однос на ефектите. Затоа, државата задолжително мора да го олесни губењето на слободата во рамките на своите можности така што ќе обезбеди постапувањето и условите да го почитуваат достоинството и фактот дека лицата што се задржани поради имигрициски причини не се кривично осудени.

2.1 ЗОШТО ЛИЦАТА СЕ ЗАДРЖУВААТ?

Иако задржувањето поради имиграциски причини може да биде дозволено во поединечни случаи, владите честопати даваат широки оправдувања за политиките на системско задржување на барателите на азил и на мигрантите, кои ги засенуваат внимателно развиените меѓународни стандарди и условот за индивидуална проценка на потребата од задржување[11]. Такви оправдувања редовно опфаќаат тврдењата поврзани со суверенитетот, граничната контрола, националната безбедност, јавната безбедност и депортирањето и протерувањето. Иако овие објаснувања се наоѓаат во основата на многу владини политики за задржување, тие не можат да се користат како поткрепа за општо или за сеопфатно задржување на барателите на азил и на мигрантите. Исто така, задржувањето се користи од време на време како начин за ограничување на учеството или вклученоста во општеството (како на социјално така и на економско ниво), за да се спречи семејно обединување, да се спречи или да одврати она што се смета за незаслужена или неоправдана миграција и како средство за ограничување на пристапот до адвокати, постапки за азил/имиграција. Овие широки политики за оправдувања на задржувањето не се компатибилни со меѓународната правна рамка..

2.2 КОЈ МОЖЕ ДА БИДЕ ЗАДРЖАН?

Лицата задржани на места за задржување од имиграциски причини, генерално, можат да бидат мигранти, барателите на азил, лица без државјанство, лица жртви на трговија, криумчарени мигранти или нелегални мигранти. Лицата можат да бидат задржани на сметка на прекршување на условите на нивниот престој (на пример, прекршување на забраната на правото на работа, бегство од постапка за азил или надминување на дозволениот престој); бидејќи тие се предмет на кривично обвинение или други управни прекршоци, на пример поврзани со неовластен или нелегален влез или престој; или на сметка на процедури за протерување/депортирање.

Задржаните лица можат да бидат мажи самци, жени, но и деца, вклучително и непридружувани или разделени деца и семејства. Постојат докази дека задржувањето поради имиграциски причини предизвикува сериозни проблеми по физичкото и по менталното здравје и може да предизвика или да влоши низа од постојните ранливости, особено кај лицата со посебни потреби. Во сите ситуации на задржување од имиграциски причини, телата што вршат посети имаат клучна улога во вршењето на мониторинг врз сигурноста, безбедноста, постапувањето и потребите на задржаните лица во однос на нивното ментално и физичко здравје, како и нивното застапување и потреба од поддршка.

2.3 КАДЕ СЕ ЗАДРЖУВААТ ЛИЦАТА?

„Место за задржување од имиграциски причини“ се однесува на секое место каде што едно лице е лишено од слобода врз основа на својот имиграциски статус. Таквите места можат да вклучуваат:

- определени центри за задржување од имиграциски причини;
- центри за отстранување или транзитни центри;
- прифатни центри или центри за обработка од затворен тип;
- полуотворени центри од кои е дозволено или може да се дозволи дневно пуштање;
- аеродроми, пристаништа, транзитни и меѓународни зони, засолништа, острови;
- возила, авиони, бродови или други превозни средства;
- затвори, полициски ќелии или полициски станици;
- затвори или ќелии за воен персонал или воени бази;
- куќи, хостели, хотели и други локации во заедницата од каде што не им е дозволено на станарите да заминат;
- психијатриски институции и болници;
- складишта што не се користат или објекти на приватни безбедносни компании;
- или секое друго место каде што луѓето физички се лишуваат од својата слобода.

Без разлика на местото каде што се задржани лицата поради имиграциски причини, локацијата на задржаното лице мора да биде соодветно евидентирана во централен регистар и, откако ќе се задржи, лицето има право да ги информира членовите на семејството или други соодветни лица за својата прецизна локација[12] и местото каде што се наоѓа или за секој дополнителен трансфер. Во ниеден случај природата или локацијата на местото на задржување не треба да попречува кое било од правата на лицето што е задржано поради имиграциски причини.

2.4 КОЛКУ ДОЛГО СЕ ЗАДРЖУВААТ ЛИЦАТА?

Времетраењето на задржувањето варира во голема мера. Во некои јурисдикции националната законска рамка е многу попустлива и овозможува лицата да бидат задржани долго време, а понекогаш и неограничено. Некои од исклучително лошите примери на неограничено задржување се имаат случено во контекст на ад хок задржувањето. Кога е задржувањето само заради депортација, периодот на задржувањето е поверојатно да биде пократок, оправдан само додека трае процесот на депортација или отстранувањето во разумно кратко време. Меѓутоа, кога задржувањето трае додека траат управните и/или судските процедури, или отстранувањето не се спроведува, тоа може значително да се пролонгира. Во некои јурисдикции по почетниот период на задржување – заради здравствени прегледи, проверка на идентитетот или безбедносни проверки – следува судска или вонсудска одлука за ослободување или за задржување.

Времетраењето на задржувањето секогаш треба да ги загрижува лицата што вршат мониторинг, во најмала рака поради штетните ефекти врз менталното и врз физичкото здравје на задржаните лица кои се предмет на пролонгирани или неограничени периоди на задржување[13]. Во исто време, опасно е да се смета дек, ако е задржувањето краткорочно, тоа е во согласност со меѓународните стандарди за човековите права. Максималните периоди на задржување од имиграциски причини треба да бидат утврдени со закон[14].

2.5 КОЈ ЗАДРЖУВА?

Јавните власти вклучени во практикувањето на задржувањето поради имиграциски причини може да ја вклучуваат полицијата, затворските службеници, имиграциските власти, граничарите[15], воените и безбедносните сили, или морнарицата и крајбрежната стража. Исто така, некои држави функцијата за задржување од имиграциски причини ја даваат на приватни компании, кои честопати се компании што раководат со затворите[16].

Иако опсегот на службени лица што се овластени да задржуваат лица отвора важни прашања за отчетноста, во ниеден случај не може да се каже дека државата се откажува или се лишува од одговорност задржувањето на нејзината територија и под нејзина јурисдикција, како и овластувањата или ефективната контрола да бидат во согласност со меѓународните и со домашните правни стандарди[17]. Некои аспекти од управувањето со задржувањето, вклучително и установата или управувањето со установата можат да се спроведуваат и да се водат од приватна компанија. Овие приватни компании може да веруваат дека тие не подложат на надзор на ист начин како и јавните или државните институции. Важно е да се информираат таквите приватни компании дека отчетноста и

надзорот за човековите права важат за сите установи, без разлика дали се управувани од приватно или од јавно тело. Исто така, јасно е дека одговорните национални власти не можат да се откажат од своите преземени обврски во согласност со меѓународното право за човековите права и бегалците, и остануваат отчетни во согласност со меѓународното право. Соодветно на тоа, државите треба да обезбедат вршење на делотворен надзор на активностите на приватните ангажирани субјекти, вклучително и преку одредбата за соодветни механизми за независен мониторинг и отчетност[18].

2.6 ЗАДРЖУВАЊЕТО ПОРАДИ ИМИГРАЦИСКИ ПРИЧИНИ И МЕЃУНАРОДНАТА ПРАВНА РАМКА

Меѓународното прапредвидува дека ограничувањата на слободата и вонредната примена на задржувањето се дозволени само кога тие се законски и не се своеволни. Условот за законитост значи дека сите ограничувања, вклучително и задржувањето, можат да бидат наметнати само врз основи пропишани со закон и во согласност со процедурите одобрени со закон[19]. Затоа, секое задржување од имиграциски причини што не е конкретно наведено во домашното право на државите, нужно е незаконско и недозволиво.

Во меѓувреме, забраната за своеволно задржување[20] бара низа дополнителни заштити за да се обезбеди правичност и недискриминација. Најпрво, задржувањето мора да биде поради легитимни цели. „Легитимните цели" во контекст на имиграцискоото задржување се исти и за барателите на азил и за мигрантите, како и за сите други: кога некој претставува ризик од можно избегнување на идни правни постапки или управни процеси или кога некој претставува опасност по својата или по јавната безбедност[21]. Криминализацијата на нелегалниот влез на барателите на азил и на мигрантите секогаш „го надминува легитимниот интерес на државите"[22] и затоа ќе се смета за своеволна.

Второ, дури и под претпоставка дека државата има легитимна цел за задржувањето, секое задржување од имиграциски причини мора да биде неопходно, разумно и сразмерно[23] во сите околности на случајот[24]. Ова бара индивидуализирана оцена и затоа секоја одлука за групно задржување или секое дискриминирачко задржување на барателите на азил или на мигрантите ќе се смета за своеволно. Овие барања за неопходност, разумност и сразмерност се применуваат на сите лица што се предмет на задржување од секаков вид. Тие се применуваат за сите лица што се предмет на задржување од имиграциски причини, без разлика на имиграцискиот статус[25].

Конечно, задржувањето мора да подложи на значајна, спроводлива и независна периодична ревизија[26].

Националната законска рамка која го уредува задржувањето дава важен контекст на целите на мониторингот. Оние што вршат мониторинг нема да бидат секогаш во позиција да проценат дали задржувањето во секој даден случај е своеволно или незаконско; таквата оцена е прашање на законот и фактите и вообичаено е прашање за судовите. Сепак, дури и ако таквата евалуација оди пошироко од капацитетот или од мандатот на оние што вршат мониторинг, за нив е важно да ги знаат важечките законски стандарди и да бидат свесни за ризикот дека задржаните лица можат своеволно или незаконски да бидат задржани на места за задржување од имиграциски причини.

Особено кога е утврдено дека задржувањето во даден случај е своеволно или незаконско според домашното или меѓународното право, или кога се знае дека е пошироко распространет или има системски проблем кај таквото задржување, лишувањето од слобода треба да се сфати не само како повреда на забраната на своеволно или незаконско задржување туку, исто така, и како давање контекст во кој постои зголемен ризик од други повреди на правата на задржаните лица, вклучително и мачење и друго несоодветно постапување.

РАМКА 2.1 НАСОКИ НА УНХЦР ЗА ЗАДРЖУВАЊЕТО

Во случај кога некои лица бараат меѓународна заштита, Насоките на УНХЦР од 2012 за важечките критериуми и стандарди во врска со задржувањето на барателите на азил и алтернативните решенија на задржувањето ги утврдуваат меѓународните правила, кои треба да се во основата на одлуките за задржување на таквите лица и стандардите за постапување на кои имаат право.

- Насока 1: Правото да се бара азил мора да се почитува.
- Насока 2: Правото на слобода и безбедност и на слобода на движењето важи за барателите на азил.
- Насока 3: Задржувањето мора да биде во согласност со закон и одобрено со него.

- Насока 4: Задржувањето не смее да биде своеволно и секоја одлука за задржување мора да се заснова на проценка на специфичните околности на лицето.

- Насока 4.1: Задржувањето е вонредна мерка, која може да се оправда само со легитимна цел.

- Насока 4.2: Задржувањето да се примени само кога ќе се утврди дека е неопходно и разумно, во сите околности и пропорционално на легитимната цел.

- Насока 4.3: Треба да се размисли за алтернативни решенија на задржувањето.

- Насока 5: Задржувањето не смее да биде дискриминирачко.

- Насока 6: Неограниченото задржување е своеволно и со закон треба да се утврдат максимални ограничувања на задржувањето.

- Насока 7: Одлуките за задржување или за продолжување на задржувањето мора да подложат на минимум процедурални заштити.

- Насока 8: Условите на задржувањето мора да бидат хумани и достоинствени.

- Насока 9:Треба да се земат предвид посебните околности и потреби на одредени барателиа на азил.

- Насока 10: Задржувањето треба да подложи на независен мониторинг и контрола.

3 ЗАДРЖУВАЊЕ ОД ИМИГРАЦИСКИ ПРИЧИНИ: МЕТОДОЛОГИЈА ЗА МОНИТОРИНГ

Мониторингот на задржувањето поради имиграциски причини бара да се земат предвид специфичностите на режимот на задржување во стратегијата за мониторинг (деловите 3.1. и 3.2.).

Посетата на местата за задржување е главното средство за пристап до информации од прва рака за постапувањето со задржаните лица, нивните услови и функционирањето на местата за задржување. Спроведувањето на посетите претставува процес од три чекори, кој вклучува:

- подготовка на посетата (дел 3.3.);
- спроведување на посетата (дел 3.4.);
- активности што следуваат по посетата (дел 3.5.).

3.1 МОНИТОРИНГ НА МЕСТАТА ЗА ЗАДРЖУВАЊЕ ВО ИМИГРАЦИСКИ КОНТЕКСТ

3.1.1 Предизвиците на мониторингот на задржувањето поради имиграциски причини

Еден од клучните предизвици за ефективен мониторинг на задржувањето поради имиграциски причини е тоа што законските рамки што се на сила во некои од земјите не ги исполнуваат минималните меѓународни стандарди против своеволно и незаконско задржување. Ова значи дека централниот проблем за задржаното лице може да биде самото задржување. Ова е причината зошто овој прирачник го смета мониторингот на своеволно и незаконско задржување и, особено, можностите за пролонгирано и/или бесконечно задржување за подеднакво важни како и – и навистина интегрално поврзано со – постапувањето и условите на задржувањето. Секако, телата што вршат посета вообичаено немаат овластување да наложат ослободување на некое лице што е задржано.

Во таа смисла, нивната улога вообичаено е ограничена на давање препораки преку идентификување, документирање и известување за ефектите по задржаните лица од идентификувањето, документирањето и известувањето за ефектите од задржувањето врз задржаните лица (како што се времетраењето на задржувањето или пристапот до процедури) и, оттука, недостатоците во законската рамка во врска со задржувањето. Упатувањето на други тела кои имаат овластување и улога да постапуваат во име на задржаните лица може да биде дел од стратегијата што ќе следува.

Другите предизвици во одредена земја се поврзани со опсегот на проблемот, вклучително и бројот на лица што се задржани и бројот на места на задржување. Местата на задржување од имиграциски причини кои се лоцирани во подалечни или на друг начин недостапни области, исто така претставуваат посебен предизвик. Понатаму, ако не се дозволува пристап до местата на задржување од имиграциски причини или пристапот е со одредени ограничувања, тоа претставува предизвик во одреден контекст и тоа, исто така, треба да се земе предвид кога се изработува стратегијата за мониторинг.

3.1.2 Што значи да се врши мониторинг на задржувањето поради имиграциски причини?

Некои организации вршат посета поради поединечни случаи, кои можат да обезбедат информации за посистемски и поструктурни прашања, кои, особено во имиграциски контекст, можат да отворат прашања за адекватноста на механизмите за упатување на процедурите за азил, како и на други процедури.

Суштински елемент во рамките на секој систем за мониторинг се честите ненајавени посети од страна на независните тела на местата каде што се држат барателите на азил и мигрантите. Не само што таквите посети обезбедуваат мерка за отчетност туку, исто така, тие имаат и важна превентивна намена, како што е минимизирањето на ризиците од враќање (*refoulement*), нелегалната и незаконска депортација[27], мачењето или несоодветното постапување. Од друга страна,

РАМКА 3.1 МОНИТОРИНГ

Во овој прирачник мониторингот го опишува процесот на периодична или редовна проверка на задржувањето поради имиграциски причини преку посети на самото место. Проверката може да ги вклучува сите или одредени категории лица задржани поради имиграциски причини во еден или во повеќе типови установи, и може да се фокусира на еден проблем или да се работи за посеопфатна посета.

РАМКА 3.2 АСПЕКТИ НА ЗАДРЖУВАЊЕТО ШТО ТРЕБА ДА БИДАТ ПРЕДМЕТ НА МОНИТОРИНГОТ

Мониторингот ги испитува следниве аспекти на задржувањето:

- правната рамка што ги утврдува основите за задржувањето од имиграциски причини;
- административната рамка, која управува со имплементацијата на шемата за задржување оди имиграциски причини на оперативно ниво;
- условите за живеење на лицата задржани од имиграциски причини;
- режимот на задржување во однос на активностите;
- постапувањето и грижата за лицата што се задржани од имиграциски причини,
- секојдневната работа, организација и управување со местото за задржување и неговите ефекти по задржаните лица и по персоналот;
- пристапот на лицето задржано од имиграциски причини до професионална грижа, совет и помош, вклучително и до: лекарска нега; УНХЦР, други меѓународни или невладини организации и/или конзуларна помош; правна помош;
- пристап на лицето задржано од имиграциски причини до: семејството; процедурите за азил и имиграција; информации поврзани со неговите права и основата за негвото задржување; ефективни механизми за претставки и правни лекови пред судските власти[28];
- квалитетот и карактерот на односите меѓу лицата задржани од имиграциски причини, персоналот, управата и властите што ги задржуваат лицата;
- соодносот меѓу персоналот и задржаните лица и работните услови за персоналот.

телата што вршат посети можат да се потпираат на најавување на посетите однапред за да се обезбеди присуство на лицето што раководи со центарот. Најавувањето на посетите може да биде основа за воспоставување конструктивен дијалог со властите, заснован на заемна почит и доверба. Одлуката за каков вид посета ќе се спроведе и кога претставува клучен елемент за развивање на долгорочна стратегија за мониторинг. Со текот на времето применетиот пристап може да создаде промена во културата кај телото што врши задржување. По сите посети треба да следуваат писмени извештаи до властите што вршат задржување и до други институции, проследени со препораки.

Основната премиса на мониторингот е дека тој се одвива во контекст на превентивниот пристап, кој бара да се спречат повредите на човековите права пред тие да се случат. Мониторингот на задржувањето поради имигрициски причини може да испита некои или да ги испита сите аспекти за задржувањето и треба да препознае дека тие се меѓусебно поврзани и дека зависат од контекстот, дека заемно можат да ги зајакнат или подеднакво да ги поткопаат или да ги ослабат заштитите од повреда на стандардите. Целта е да се идентификува системска или структурна причина за загриженост.

Преку мониторинг на сите овие аспекти на задржувањето од имигрициски причини, кои заедно даваат слика за севкупните услови на задржувањето и постапувањето со задржаните лица, може да се утврди дали средината на задржувањето претставува ризик од повреда на човековите права и какви чекори треба да се преземат од страна на властите за да се одговори на овие ризици.

Важно е да се потсетиме дека само посетите не можат да ги решат сите проблеми. Некои од главните причини за проблемите можат да лежат во законската рамка, јавните политики или во самите институции.

3.1.3 Мониторинг на задржувањето од имигрициски причини: ранливост

Лицата задржувани од имигрициски причини се ранливи на повеќе нивоа. Генерално, лицата задржувани од имигрициски причини се лишени од својата слобода на непрецизиран период, како резултат на немање или поради нејасен имигрициски статус. Ваквиот недостиг на информации за нивната индивидуална ситуација ја зголемува нивната ранливост. Тие се надвор од нивната земја на потекло или поранешно вообичаено место на престој; честопати не го говорат јазикот и можеби немаат силна мрежа на поддршка од семејството или од заедницата. Покрај чувството на несигурност во средината каде што се задржани од имигрициски причини, нивното чувство на небезбедност честопати е засилено од стравот за тоа каква иднина ги чека и каде ќе бидат во иднина. Тие, исто така, со право или погрешно, можат да веруваат дека оние што ја примениле својата

власт врз нив со тоа што ги задржале, исто така го држат и клучот за нивната иднина. Постои реален ризик дека оние што ја имаат власта во свои раце можат да ги злоупотребат реалните или перципираните импликации од таквата нерамнотежа на моќ.

Дополнително, оние што вршат мониторинг треба да бидат особено на штрек во однос на повеќекратната ранливост. Лицата задржани од имиграциски причини веќе се наоѓаат во ранлива состојба и ова дополнително може да ја влоши состојбата на лицата со посебни потреби или на лицата од ризични категории (како што се: жените, децата, вклучително и непридружуваните или разделените деца, припадниците на различни етнички/племенски/социјални групи задржани заедно, жртвите на мачење или траума, лицата со попреченост, постарите лица, ЛГБТИ-лицата или оние што имаат итни медицински потреби)[29].

3.1.4 Добивање пристап за потребите на мониторингот

Овој прирачник пред сè е наменет за телата што вршат посета, кои веќе имаат пристап до лицата задржани од имиграциски причини и до местата за задржување од имиграциски причини, во согласност со законот или во согласност со природата на постојниот или на утврдениот мандат, меморандум за разбирање или друг договор[30].

Кога ќе се обезбеди овластување, од суштинска важност е условите на пристапот да бидат јасно дадени во писмена форма за да им биде јасна природата и опсегот на пристапот на сите.

Дополнително, во зависност од стратегијата и мандатот на лицата што вршат мониторинг, можноста за примена на електронски уреди, какви што се камерите или опремата за снимање, може да бидат предмет на дискусија. Ова мора да биде многу внимателно проценето во однос на потребите и на тоа дали постои вистинска додадена вредност за постигнување на целите.

Дури и со најширок мандат, телата што вршат мониторинг мора да обезбедат своите овластувања да ги користат соодветно и стратегиски. Многу работи зависат од силата и стабилноста на мандатот, договорот постигнат со властите во однос на пристапот, типот на местото каде што се задржуваат лицата и прашањата на кои се осврнуваат.

РАМКА 3.3 ПРИСТАП ДО МЕСТАТА ЗА ЗАДРЖУВАЊЕ

Мониторингот ги испитува следниве аспекти на задржување:

Врз основа на постојните мандати и стандарди за мониторинг, преговорите за условите за пристап треба да се осврнат и во рамките на можностите да го вклучат следново::

➔ **Пристап до местата:**

- пристап без ограничување до сите места на задржување;
- слобода во изборот на местата на задржување што ќе се посетат;
- слобода во изборот на локации во местата на задржување кои ќе бидат посетени.

➔ **Пристап до задржаните лица:**

- приватни интервјуа со лицата задржани од имиграциски причини без сведоци, доколку е потребно со помош од толкувач;
- пристап до сите задржани лица во местото;
- слобода да се избере кое задржано лице ќе биде интервјуирано;
- сигурност дека нема да биде наложена, применета, дозволена или толерирана никаква санкција против задржаното лице или член на неговото семејство кој комуницира со телото што врши посета
- можност за спроведување дополнителни посети.

➔ **Пристап до персоналот и до други лица што работат во местото:**

- приватни интервјуа со членовите на персоналот, доколку е потребно со помош од толкувач.

➔ **Пристап до потребните информации:**

- сите информации за лицата задржани од имиграциски причини, вклучително и регистрите за прием и медицинските регистри, како и други документи во согласност со принципите за заштита на податоците;
- време, траење и известување за посетите;
- посетите можат да бидат со или без најава;
- посетите за кои има известување можат да бидат со најава непосредно пред посетата, со слобода да одлучат за времето и за времетраењето на посетата, земајќи ја предвид потребата од почитување на редот на работа на местото за задржување во секое време.

➔ **Она што следува по посетите:**
– вклучително и намерата да се подготви извештај (јавен или интерен) за наодите од посетата.

3.2 РАЗВИВАЊЕ СТРАТЕГИЈА ЗА МОНИТОРИНГ: КЛУЧНИ ЕЛЕМЕНТИ

За да се зголеми превентивното влијание на мониторингот на задржувањето, конкретниот контекст на имиграциските потреби треба да се земе предвид уште во рана фаза, особено кога телата што вршат посета ја дефинираат својата стратегија за мониторинг, вклучително и програмата за посети.

Следниве елементи треба да се земат предвид кога се гради стратегијата за мониторинг:

3.2.1 Разбирање на севкупниот контекст на задржувањето од имиграциски причини

Лицата што вршат мониторинг треба да истражат и да соберат колку што е можно повеќе информации за социјалниот, политичкиот и правниот контекст во кои се случува задржувањето од имиграциски причини. Ова значи:

- Разбирање на националната законска рамка за задржување: може да биде од помош да се направи листа од меѓународните инструменти за човекови права што земјата во прашање ги има ратификувано и да се провери дали тие се отсликани во националните закони.
- Да знаат кој е задржан, а кој не е: дали се тие, главно, барателите на азил, лица без државјанство, лица – жртви на трговија, нелегални мигранти или други лица задржани од имиграциски причини? Ова може да открие многу работи, во смисла на тоа дали алтернативните решенија на задржувањето или процедурите за проверка пред задржувањето се применуваат на ефективен начин. Исто така, тимот треба да размисли дали задржаните лица се состојат делумно, главно или целосно од лица со одредено национално, етничко, културно, јазично или религиозно потекло. Ова ќе им овозможи на лицата што вршат мониторинг подобро да разберат и да одговорат на потребите и динамиката на задржаните лица.

РАМКА 3.4 ВОДЕЧКИ ПРИНЦИПИ ЗА МОНИТОРИНГ

Постојат одредени сеопфатни работи што се земаат предвид кога се прави мониторингот: согледување на контекстот, познавање на стандардите и држење до мандатот. Исто така, постојат низа водечки принципи за мониторинг, кои телата што вршат посета треба да ги имаат на ум и да ги почитуваат во секој момент. Подолу се наведени водечките принципи, кои се сметаат за суштински за ефективното исполнување на обврската за мониторинг, особено во контекст на задржувањето од имиграциски причини. Придржувањето на овие водечки принципи го намалува ризикот процесот на мониторинг да биде неефективен или ненамерно да ги зголеми тензиите и немирот во средината на задржување од имиграциски причини:

- Немојте никому да му наштетите.
- Добро расудувајте.
- Почитувајте ги властите и надлежниот персонал.
- Почитувајте ги лицата лишени од слобода.
- Бидете човек кому може да му се верува.
- Почитувајте ја доверливоста.
- Почитувајте ја безбедноста.
- Бидете доследни, упорни и трпеливи.
- Бидете точни и прецизни.
- Бидете непристрасни, објективни и независни.
- Бидете чувствителни.
- Бидете професионални и однесувајте се со интегритет.
- Бидете видливи.

ПОЧИТУВАЊЕ НА ПРИНЦИПОТ: „НЕМОЈТЕ НИКОМУ ДА МУ НАШТЕТИТЕ“

Лицата задржни од имиграциски причини се особено ранливи и оние што вршат мониторинг секогаш треба да ја имаат на ум нивната безбедност и, притоа, да не преземаат никакви дејства или мерки што можат да стават во опасност некое лице или група. Особено во случаи на наводи за мачење или несоодветно постапување, треба да се има на ум принципот на доверливост, безбедност и чувствителност.

3.2.2 Дефинирање јасни цели за мониторинг

Целта на програмата за мониторинг на задржувањето, во широка смисла, е да обезбеди лицето што е задржано од имиграциски причини:

- да не биде своеволно или незаконски задржано;
- да има ефективен пристап до заштита и други имиграциски процедури
- да се држи во услови што ги исполнуваат минимумот меѓународни стандарди за човекови права.

Мониторингот е процес што може да биде премногу скап и напорен и затоа од клучна важност е да се развие стратегија за мониторинг што содржи јасни и остварливи цели за да не колабира под притисокот на претераната амбиција. Овие цели треба да бидат формулирани на колку што е можно поконкретен начин и на начин што ќе обезбеди мерливи резултати. Во подготовката за конкретна посета потоа можат да се утврдат подетални цели.

3.2.3 Утврдување на севкупната временска рамка за Програмата за мониторинг

Пожелно е да се утврди подолгорочна временска рамка за циклус посети за мониторинг, кои ќе се организираат колку што е можно почесто, вклучително и дополнителни и повратни посети. Целиот овој циклус треба да биде доволно долг за да овозможи мониторинг и ревидирање на одржливоста на промената.

3.2.4 Избор на местата за задржување на кои ќе се фокусира

Телото што врши посети може да изврши првично мапирање на сите места каде што барателите на азил и мигрантите можат да бидат задржани. Таквите места можат да вклучуваат, меѓу другото: утврдени имиграциски центри, центри за отстранување или транзит, затворен тип центри за прием или обработка, полуотворени центри; аеродроми; меѓународни зони, возила, авиони, бродови или други превозни средства, затвори, полициски станици, куќи, хостели, психијатриски институции или други места каде што луѓето можат физички да бидат лишени од својата слобода (види го делот 2.3.). Важно е да се потсетиме дека задржувањето од имиграциски причини честопати е на пооддалечени локации.

Предмет на мониторинг треба да бидат тазлични фази од задржувањето од имиграциски причини, какви што се местата на пристигнување и граничните објекти (вклучително и меѓународните пристаништа или аеродромите), процесите за трансфер, центрите за заминување или отстранување и, во некои случаи, установите каде што одат по отстранувањето или за прием во земјата на потекло или во трета земја.

Изборот на места што ќе бидат посетени можат да се засноваат на ризиците (како потенцијални така и актуелни) за лицата што се држат на места за задржување од имиграциски причини, или за да ги опфатат првостепените главни центри за задржување, каде што се држи поголем број од лицата. Тие може да вклучуваат места на кои:

- се достапни малку информации;
- има многу лица во ранлива ситуација;
- постои голем проток на барателиna азил и мигранти лишени од слобода, како што се меѓународните зони, приморските пристаништа или аеродромите;
- постои висок ризик, односно добро документирана историја на проблемите (како што се неодамнешни жалби, извештаи од други организации).

3.2.5 Природа и времетраење на посетите за мониторинг

Како што беше забележано претходно, во контекст на специфичностите на задржувањето од имиграциски причини, некои посети треба да бидат спроведени ненајавено за да се намали ризикот од враќање (*refoulement*), присилно депортирање, мачење или несоодветно постапување. Предноста на ненајавените посети е во тоа што тоа ги намалува шансите установата привремено да се среди за посетата (на пр., постапувањето со задржаните лица, исхраната или општите услови на задржувањето). Телата што вршат посета треба да одлучат дали ќе спроведуваат само ненајавени посети или комбинација на ненајавени и најавени посети. Времетраењето на посетите зависи од многу променливи вредности, вклучително и големината на местата и од тоа дали е потребен толкувач, што може да го удвои времето што е потребно за интервју. Во сите случаи лицата што вршат мониторинг треба да задржат одреден степен на флексибилност за да се обезбеди тие да можат да одговорат на секој неочекуван проблем или инцидент.

3.2.6 Колку често се организираат посети за мониторинг

Искуството покажува дека посетите за мониторинг ќе бидат многу поефективни како средства за спречување тортура, несоодветно постапување или враќање и за постигнување на одржливо подобрување во сите овие аспекти, доколку тие се одвиваат често.

РАМКА 3.5 КОЛКУ ЧЕСТО СЕ ОРГАНИЗИРААТ ПОСЕТИ

Одлуките за тоа колку често треба да се посетува едно место за задржување зависи од неколку фактори, вклучително и од:

- Типот на установата за задржување од имиграциски причини и очекуваното времетраење на задржувањето на таа локација. Местата што треба да бидат посетувани често ги вклучуваат:
  - оние во кои се водат интервјуата и постапките при пристигнувањето, како на пример, меѓународните зони, граничните премини и приморските пристаништа, бидејќи честопати на тие места има голем проток на луѓе;
  - оние од кои често се случуваат депортации или отстранувања, бидејќи таквите места во голем број случаи ги подложуваат луѓето на забрзани процедури, со што се зголемува ризикот од враќање;
  - оние каде што задржаните лица се држат подолго;
  - оние каде што вообичаено се држат лица обвинети или осудени за кривични дела (затвори, полициски станици, полициски комбиња и полициски ќелии), и во двата случаи бидејќи можат да ги изложат лицата задржани од имиграциски причини на мешање со лицата осудени за кривични дела и бидејќи персоналот може да не е подготвен за да се справи со лица задржни од имиграциски причини.

- Доколку тимот што врши посета почувствува дека може да има санкции против задржаните лица што разговарале со членовите на тимот за мониторинг, во такви случаи од клучна важност е да се спроведе брза дополнителна посета или друга итна активност.

- Другите работи што се земаат предвид можат да го вклучат севкупниот мандат и капацитет на телото што врши посета. На пример, мандатите на некои тела можат да опфатат повеќе видови места и бегалци; барателите на азил и мигрантите можеби ќе треба да бидат интегрирани во поширока стратегија.

РАМКА 3.6 ПРОФИЛ НА ТИМОТ ЗА МОНИТОРИНГ

- многу разновидни знаења (експерти за здравство, психосоцијални прашања, право, деца, комуникации);
- лични ставови (сензибилност за културите, вештини за слушање);
- соодветна родова рамнотежа;
- лица со различно етничко или верско потекло;
- релевантни јазични вештини.

3.2.7 Состав и големина на тимот за мониторинг

Иако овој прирачник промовира тимска методологија како најдобра практика, едно лице или тим од две лица за мониторинг може да биде стандардна практика на одредена организација, во зависност од ресурсите и од други аспекти што треба да се земат предвид. Големината на тимот за мониторинг исто така зависи од низа фактори поврзани со опсегот на посетата. Во секој случај, пристапот во овој прирачник треба да ја води посетата за мониторинг. Тоа ги вклучува целите на посетата, износот и квалитетот на информациите што се веќе достапни и големината на местото за задржување и бројот на задржани лица што се сместени таму. Меѓутоа, во сите случаи едно лице треба да биде идентификувано како шеф на тимот и одговорно за координација на посетата.

Пожелно е тимот за мониторинг да опфаќа цел спектар од разни стручни лица и особини на персоналот, како на пример, вештина за слушање и сензибилност за културната разновидност. Исто така, мошне позитивно е да постои родова рамнотежа и, во овој конкретен случај, од огромна важност е различни етнички и верски припадности да бидат отсликани во телото што врши посета. Дополнително, тимот за мониторинг треба значително да биде помогнат од членови со релевантни јазични вештини (дури и да не го зборуваат јазикот течно и понатаму да биде потребно толкување), бидејќи на тој начин полесно ќе се стекне довербата од задржаното лице.

Посебно внимание треба да се посвети во тимот за мониторинг да бидат вклучат:

- лица со искуство со имиграциското или бегалското право, кои ги разбираат стандардите за заштита што се применуваат во контекст на задржувањето од имиграциски причини;
- квалификувани професионалци од областа на здравството за да се проценат особено чувствителните здравствени проблеми поврзани со задржувањето од имиграциски причини[31];
- толкувачи, кога е тоа релевантно, особено за спроведување на интервјуа насамо со лицата задржани од имиграциски причини, кога е тоа можно;
- лица со други корисни професионални знаења, вклучително и социјални работници, педагози и психолози.

3.2.8 Координација меѓу телата што одат во посета

Како што беше забележано, во некои земји практиката на задржување од имиграциски причини е во подем. Ова бара координиран и кооперативен мониторинг, додека телата за мониторинг на задржувањето од имиграциски причини се надополнуваат едни со други во својата работа и избегнуваат удвојување, евентуално преку формализирана мрежа. На овој начин клучните аспекти од функцијата за мониторинг можат да се одржат, на пример, преку ефективен систем на упатување и добро обмислен временски распоред на посетите. Координацијата е, исто така, релевантна во фазата што следува; освен ако не се донесе свесна одлука за да се постапи така, телата што одат во посета треба да избегнуваат дуплирање на она што следува. Ова може да биде особено проблематично доколку препораките за промени не се доследни едни со други[32].

Кога мониторингот го врши национално тело, исто така треба да се бара координација со регионалните и меѓународните тела, какви што се: Договорните тела за човекови права на ООН, УНХЦР, Специјалните процедури на Советот за човекови права на ООН, МКЦК или регионалните тела за мониторинг – КСТ (види дел 1.). ОПКАТ особено нагласува директен контакт меѓу НПМ и СПТ.

Во крајна линија, координацијата ќе ја унапреди ефикасноста на програмата за мониторинг и ќе ја направи поефикасна во очите на властите.

3.3 ПОДГОТОВКА ЗА ПОСЕТАТА

Подготовката на самата посета е од клучна важност. Лошо испланирана посета или посета што не е во согласност со стандардите и принципите за мониторинг, или што не е спроведена во согласност со методологијата за мониторинг, може дури да биде и штетена. Добрата подготовка на посетата за мониторинг обезбедува доволно време за:

- истражување, собирање и средување на информациите;
- дефинирање на целите на посетата;
- подготовка на тимот за нивните колективни и поединечни задачи;
- обезбедување материјална и логистичка подготовка.

3.3.1 Истражување, собирање и средување на информациите

- Запознавање со националните и меѓународните норми и стандарди.
- Собирање информации за контекстот на задржувањето од имиграциски причини[33].
- Собирање конкретни информации за местото што треба да се посети.

Информациите за конкретното местото што треба да се посети треба да содржат:

- закони и прописи, вклучително и интерни правила, како и сите конкретни прописи за групи соочени со посебна ранливост (види Дел 4.8.);
- капацитетот на местото, бројот и поделбата на лицата задржани од имиграциски причини по род, возраст, специфична ранливост (како погоре), како и детали за сите други лица што се затворени на тоа место;
- детали за одговорните власти, управувањето и персонал, и линија на отчетност (вклучително и органограм, доколку е можно)[34];
- актуелниот имиграциски статус на задржаното лице, како на пример, бројот на барања за азил, информации за новопристигнатите [35], оние што чекаат или чија процедура е завршена, прегледи, претставки или други правни лекови што се исцрпени, отстранување/депортација на која се чека, задржување врз основа на прекршување на условите за престој, како и времетраење на задржувањето;
- детали за јазикот што го зборуваат задржаните лица (за да се утврди дали и колку толкувачи ќе бидат потребни и дали можеби ќе има етнички, културни

или верски тензии што треба да се земат предвид како фактор при изборот на толкувачите).[36]

- Информации стекнати во текот на претходните посети или од други извори (други национални, регионални и меѓународни тела што вршат посети, НВО, медиуми, ослободени задржани лица, семејства на поранешни или актуелни задржани лица, адвокати, лекари, добротворни здруженија, волонтери што работат во местата на задржување и др.).
- Секоја друга релевантна информација.

Лицата што вршат мониторинг треба проактивно да собираат информации од различни извори, вклучително и однапред да стапат во контакт со властите за фактичко информирање.

Исто така, од голема корист може да биде да се сретнат со другите актери[37] кои редовно се во контакт со задржаните лица и кои поради тоа имаат корисни информации за споделување. Првичниот директен контакт може да се направи пред или за време на посетата, со можност за дополнителен контакт во подоцнежна фаза.

Врз основа на собраните информации неопходно е да се средат, да се категоризираат и да се постави приоритетот на прашањата на кои ќе треба да се поработи и изворите од кои ќе треба да се соберат дополнителни информации. Конечно, информациите ќе му овозможат на тимот да ја фокусира посетата на најкритичните проблеми и да ги дефинира целите.

3.3.2 Дефинирајте ги конкретните цели на посетата

Од клучна важност е да биде јасно кои се целите на посетата од самиот почеток. Тие можат да бидат:

- разбирање и анализа на тоа како функционира установата за задржување од имиграциски причини и да се идентификуваат конкретните проблеми;
- да се фокусираат на конкретна тема (лицата што вршат мониторинг можеби добиле или чуле жалби во однос на одредено прашање, како што е времетраењето на задржувањето од имиграциски причини или недостигот на пристап до лекарска нега);
- дополнителни активности по претходна посета за да се провери одреден аспект од задржувањето, поединечни случаи или спроведувањето на претходните препораки на тоа или на други тела.

Исто така, целите на посетата варираат во согласност со мандатот на телото што врши посета и севкупните цели на стратегијата за мониторинг, како и прашањата и проблемите што се идентификувани во подготовката како нешто на што треба да се работи.

3.3.3 Внимавајте лицата што вршат мониторинг да бидат добро подготвени

Дел од подготовката за посетата за мониторинг е, секако, да се обезбеди лицата што вршат мониторинг да бидат добро подготвени како тим и за поединечните задачи што му се доделени на секој член, вклучително и на толкувачите. Ова е одговорност на лидерот на тимот, како и на секој поединечен член на тимот.

Секој член на тимот треба:

- да биде запознаен со целите, работниот план, задачите и временскиот распоред на посетата за мониторинг;
- да биде информиран за правните стандарди и оперативните прашања што ги загрижуваат во местото на задржување кое ќе го посетат;
- да ја дели одговорноста за собирање, разгледување и размена на детали од документацијата однапред, земајќи го предвид специјалистичкото знаење и вештините;
- да биде добро подготвен за она што треба да го очекува и, притоа, да остане отворен и особено свесен за потенцијално многу кревката психолошка состојба во која може да се најде некое или повеќето лица задржани од имиграциски причини[38].

3.3.4 Да се обезбеди материјална и логистичка подготовка

Документација и опрема

Важно е да се обезбеди лицата што вршат мониторинг да донесат соодветна опрема, лични карти и копии од сите неопходни акредитиви, дозволи и документи за идентификација за спроведување на посетата. Тие можат да вклучуваат бедџови за идентификација и/или писма од релевантниот надлежен орган, копија од законот со кој се дозволува пристап на телото што врши посета, некаква релевантна кореспонденција и телефонски броеви од клучните контакти за да може веднаш да се одговори на прашањата од итен карактер или во случај на проблем со пристапот.

Некои други документи можат да бидат: однапред подготвена листа за проверка за условите[39], како начин за гарантирање на стандардизирано собирање на информации од тимот и брошура за телото што врши посета и неговиот мандат наменета за задржаните лица, која ќе биде на релевантните јазици. Ова може да помогне доколку се користи на флексибилен начин.

Видливост и пристојна облека

Управувањето со перцепциите е од витална важност во контекст на мониторингот на задржувањето. Лицата што вршат мониторинг не само што требаат да бидат објективни, непристрасни и независни туку треба и да бидат сметани од другите за такви. Треба јасно да ја прикажат својата независност, на пример, така што на персоналот и на задржаните лица ќе им го претстават мандатот и методологијата на телото што врши посета. Дополнително, лицата што вршат мониторинг можат да носат некакво видливо обележје за идентификација (на пример, елек или бец) и да внимаваат таквото обележје да биде јасно видливо и лесно да се разликува од некакво обележје што го носат властите и/или персоналот. Важно за лицата што вршат мониторинг е да изгледаат дека имаат овластување да бида таму, како и јасно обележје за нивната независност од властите и управата.

Исто така, „соодветната" облека има културни импликации: да се сокријат потенцијални замки – како во однос на задржаните лица така и во однос на властите[40]. Не постои златно правило кое важи за секоја земја или за секоја ситуација, но од клучна важност е облеката да биде пристојна и во согласност со контекстот. Доколку луѓето чувствуваат дека се почитувани, поголема е веројатноста и тие самите да покажат почит.

Логистичка подготовка

Телата што вршат посета треба да дадат доволно време и флексибилност за посетата и да не ја потценат логистичката подготвеност што е вградена во планирањето на посетата за мониторинг. Ова вклучува:

- доколку е потребно, најава на посетата и одредување на датумите (меѓу тимот за мониторинг и управата на установата, во согласност со условите);
- да се овозможи местото на задржување да биде достапно на тие датуми (на пр., промените на годишните времиња можат да направат некои места за задржување непристапни поради временските услови);
- проверка на безбедносните прашања во конфликтни или во региони што се небезбедни од други причини;

- проверка што може да се внесе во објектот, како на пример: уреди за снимање или компјутер (во некои објекти не е дозволено или е потребна претходна дозвола);
- организирање на патувањето и сместувањето;
- обезбедување толкувачи и, доколку е потребно, организирање на патувањето и сместувањето и за нив.

3.4 СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСЕТАТА

Спроведувањето на посетата е клучната фаза во процесот на мониторинг.

За да се проверат условите на задржувањето и постапувањето со задржаните лица правилно, лицата што вршат мониторинг треба да направат вкрстена проверка на различни извори на информации (процес познат како „триангулација"), бидејќи ниедна информација не смее да се прифати здраво за готово. Изворите го вклучуваат:

- гледиштето на самите задржани лица;
- гледиштето на властите, персоналот и разни стручни лица што се грижат за задржаните лица;
- Сопствени забелешки и анализа на лицата што вршат мониторинг.

Триангулација на информациите

Посетите вообичаено ги вклучуваат следниве чекори, од кои некои се меѓусебно заменливи:

- разговор со раководителот на центарот на почетокот од посетата;
- проверка на просториите и забелешки;
- преглед на регистрите и на други документи;
- процедури за набљудување;
- разговори со задржаните лица;
- разговори со персоналот;
- на крајот, разговор со раководителот на центарот.

Важноста што му се дава на секој чекор ќе зависи од типот на вежбата. Лицата што вршат мониторинг не треба да гледаат на овој редослед како на ригиден модел, туку треба да бидат подготвени да бидат флексибилни и да реагираат на секоја ситуација во која ќе се најдат, менувајќи ги плановите и вообичаениот редослед на активностите во согласност со потребите.



3.4.1 Разговор со раководителот на центарот на почетокот од посетата

Посетата на центарот за имигранти треба да започне со разговор меѓу телото што ја врши посетата и раководното лице или неговиот заменик. Ова е прв чекор во воспоставувањето дијалог со властите. Оваа посета може, но не мора да биде најавена. Доколку била најавена, голем дел од воведните формалности можат да се направат однапред, пред посетата, иако некои аспекти можеби ќе треба да бидат дополнети и затоа можеби треба внимателно да бидат повторени.

Доколку телото што ја врши посетата веќе спровело неколку посети за мониторинг на тоа место без да наиде на некакви посериозни пречки, воведните формалности можат да бидат ограничени на поздравување и основна размена на информации и, во отсуство на конкретни приспособувања на програмата за мониторинг, уверување дека посетата ќе биде спроведена на ист начин како и во минатото.

Според состојбата, тимот може да одлучи да се подели на два дела, при што еден или два члена (вообичаено, вклучувајќи го лидерот и лидерот на тимот) ќе се сретнат со раководителот на центарот или директорот, додека другите ќе започнат со самата посета и веднаш ќе ги проверат областите со највисок ризик (какви што се просториите за изолација и здравствените служби, како области каде што постои веројатност за повреда на човековите права).

Конечно, лицата што вршат мониторинг треба да се договорат за датумот, времето и местото за состанокот со директорот на крајот од посетата, кога тие ќе дадат преглед на резултатите[41] од посетата и ќе ги посочат прашањата што бараат итен ангажман од страна на директорот.

3.4.2 Преглед на објектите и забелешки

Во текот на првата посета особено е важно да се видат сите делови од објектите. Сите членови на тимот можат на направат кратка општа тура низ целата установа. Неа може да ја води директорот или службено лице што ќе може да даде корисни информации за распоредот на просториите и обезбедувањето услуги. Може да биде од корист да се мапираат просториите или да се добие постојниот план; ова може да биде корисна алатка за разговори со задржаните лица и персоналот, вклучително и поради вкрстена проверка на информациите.

Турата низ установата ќе им овозможи на лицата што вршат мониторинг да ги добијат првичните впечатоци за физичката средина, како и за општата атмосфера и расположението во местото. Турата може да ги опфати:

- просториите и нивниот распоред;
- мерките за физичко обезбедување (надворешно и внатрешно, вклучително и оградата, безбедносните врати и sидови, разделувањето на различните делови на местото за задржување);
- просториите за прием (за задржаните лица, како и за посетителите);
- просториите за спиење;
- тушевите и тоалетите;
- трпезариите;
- пералните;
- амбулантата;
- можностите за правно советување;
- можностите за практикување на вера и молитва;
- просториите за посети;
- рекреативните можности на отворено и во затворен простор;
- библиотеката и тивок простор за учење;
- работата и работилниците;
- просториите за персоналот;
- просторијата за издвојување, безбедната просторија и другите простории за интерно управување и дисциплина.

Во текот на општата тура лицата што вршат мониторинг можат да забележат одредени прашања, вклучително и идентификување лица што се во ранлива состојба, за да се поразговара со нив насамо поради дополнителните активности во текот на остатокот од посетата.

РАМКА 3.7 РАЗГОВОР СО РАКОВОДИТЕЛОТ НА ЦЕНТАРОТ НА ПОЧЕТОКОТ ОД ПОСЕТАТА

Првиот разговор е еден (од многуте) извор на информации. Овој разговор дава важна можност:

- да се претстави телото што ја врши посетата, неговиот мандат и членовите на тимот;
- да се објаснат целите на посетите за мониторинг воопшто, како и на оваа посета конкретно;
- да се изнесе очекуваното времетраење на посетата (вклучително и дополнителното време, поради поголема флексибилност, за да може да се одговори на неочекуваното);
- да се објаснат работните методи, вклучително и конкретно:
  - што очекува тимот дека може да направи и каде очекува да биде во можност да оди;
  - дека реалната и прифатената независност на тимот е од суштинска важност, нагласувајќи ја потребата од слободно движење низ местото на задржување без придружба;
  - како ќе работи тимот (на пр., подгрупи распоредени низ установата);
  - дека сите разговори треба да се направат насамо;
  - дека принципите на приватност и доверливост се во суштината на работата на тимот за мониторинг, како и употребата на собраните информации, било од документите или од усни искази.
- да се уверат дека лицата што вршат мониторинг ќе се однесуваат како што треба во текот на целата посета и соодветно ќе ги земат предвид интерните правила и безбедносните процедури и прашања што треба да се земат предвид. Да бидат информирани за овие правила и процедури (на пр., во случај на пожар, бунт, и сл.);
- да се побараат најнови и конкретни информации (како, на пример, дали имало некакви евидентни промени или настани и дали има лица со посебни потреби што се задржани);
- да се побара од раководното лице негово мислење за предизвиците со кои се соочува во рамките на својата работа, како и можни решенија.

РАМКА 3.8 БЕЗБЕДНОСНИ ПРАШАЊА ШТО СЕ РАЗГЛЕДУВААТ

Речиси во сите места за задржување од имиграциски причини треба да се истакнати во пишана форма интерните правила што треба да ја обезбедат и да ја одржуваат безбедноста и редот. Како општ предлог, паметно е да се погледнат интерните правила. Лицата што вршат мониторинг, сепак, ќе треба да бидат во одредена мера внимателни, доколку безбедноста се посочи како основа за ограничување или условување на нивниот пристап до некое место во некој дел од установата или до одредено задржано лице.

Иако лицата што се задржани од имиграциски причини немаат статус на сторители на кривично дело, со тоа не се отстрануваат во целост сите безбедносни ризици. Во секоја затворена средина каде што се држат луѓе не по сопствена волја и особено на места каде што негативните последици од лишувањето од слобода постојат во голема мера, тензиите може да биде големи и личната безбедност може да биде проблематична, како во случај на пожар или на бунт. Местата на задржување од имиграциски причини не се исклучок, особено кога политиките и практиките на задржување водат кон високи нивоа на вознемиреност и несигурност.

Секакво ограничување предложено од персоналот мора да биде евидентно потребно за лицата што вршат мониторинг. Конечно, лицата што вршат мониторинг и, во принцип, лидерот на тимот, имаат обврска да одлучат како ќе постапат.

По општата тура, лицата што вршат мониторинг треба да се посоветуваат кратко и насамо и, доколку е соодветно, потоа треба да се поделат на помали групи, секоја со сопствена област на одговорност и одредени простории (како, на пример, приемно одделение, амбуланта) можат повторно да бидат посетени и потоа да следува потемелна проверка на условите.

Сите информации собрани во текот на првичната тура низ просториите треба да бидат вкрстено проверени со информациите добиени во текот на разговорите со задржаните лица и поединечни членови на персоналот насамо. На пример, лицата што вршат мониторинг можат да ги прашаат задржаните лица и персоналот кои се трите најдобри и најлоши места во установата и зошто.

3.4.3 Преглед на регистрите и на други документи

Регистрите и другите документи претставуваат важен извор на информации за задржаните лица и за местото. Увидот во овие документи на почетокот на посетата (или претходно, доколку е можно) може да биде од корист, особено ако посетата треба да трае неколку дена. Добиените информации од ваквата документација потоа, доколку е потребно, може да биде потврдена за време на посетата.

За да се разбере на колку што е можно појасен начин и потемелно секојдневниот режим и функционирање на местото, лицата што вршат мониторинг можат, како прв чекор, да побараат пристап до (и кога е тоа можно, копии од):

- интерните правила на установата: дали се достапни на јазиците што ги зборуваат задржаните лица?;
- распоредите и тоа дали се истакнати и ги посочуваат времињата на оброците и другите активности? Дали се тие достапни на неколкуте јазици што ги зборуваат задржаните лица?;
- список на вработени (доколку е возможно со приказ на структурата/профилот на персоналот, бројот и родовата застапеност).

Доколку има некакви тврдења за несоодветно постапување, важно е да постои можност да се навратат на оваа информација.

Лицата што вршат мониторинг секогаш треба да бидат подготвени за можноста дека евиденцијата во регистарот може да била фалсификувана или менувана.

Лицата што вршат мониторинг исто така можеби ќе треба да проверат дали постојат други регистри што ги користи установата за задржување.

3.4.4 Процедури за набљудување

Лицата што вршат мониторинг треба да можат да ги следат и да ги разберат процесите што функционираат во рамките на средината за задржување. Прегледот на формалните процеси и на евиденцијата, вкрстено проверена со сопствените забелешки и сведоштва за она што се случува во практиката, ќе им помогнат на лицата што вршат мониторинг да се уверат дали таму има некакви поголеми проблеми.

Лицата што вршат мониторинг можат да ги проверат процедурите, списоците и распоредите на активности, и можат да го забележат денот и времето на секој од списоците или активностите што ќе се случат во текот на посетата за мониторинг. Доколку во текот на посетата одредени списоци или активности не можат да се проверат, но се нагласени како проблематични, вреди да се закаже соодветна дополнителна или повратна посета.

РАМКА 3.9 **РЕГИСТРИ**[42]

Регистрите и протоколите што се од посебен интерес во контекст на задржувањето од имиграциски причини ги вклучуваат:

- регистрите за влез и излез на задржани лица, вклучително и видот на имиграциските статус (како, на пример, поднесено барање за азил);
- протоколите за проценка на ризици и специфични ранливости;
- протоколите за пристап до процедурите за заштита и имиграција;
- протоколите за пристап до совет и поддршка однадвор;
- регистрите на дисциплински мерки, доколку постојат, или можното сместување во самица;
- медицинските регистри;
- регистарот на инциденти и/или на настани (како што е употребата на сила);
- протоколи за поднесување претставки;
- регистрите за ослободување и депортација/отстранување.

На пример, може да се одлучи да се следат процесите во фазите на пристигнување, прием и регистрација. За барателите на азил и лицата без државјанство ова е еден од моментите на најголема ранливост.

3.4.5 Интервјуа со задржаните лица

Најважниот дел од посетата е времето што ќе се мине во разговор со задржаните лица и она што ќе се чуе директно од нив за нивното искуство во однос на условите и постапувањето во центарот за задржување. Разговорот претставува објективно испитување на прашања што може да бидат мошне деликатни и сложени. Тој треба да биде чувствителен, учтив и приспособен на културните, верските, возрасните и родовите фактори, како и на разновидноста.

Кога се интервјуираат лица задржани од имиграциски причини, важно е да се запомни дека тие се во крајно абнормална средина, која многу веројатно имала негативно влијание врз нивното чувство за себе и за својата добросостојба. Како што нагласува овој прирачник, секое лице што е лишено од слобода е ранливо; а, секое место на задржување е средина каде што лицата се ранливи во однос на властите. Ефектите што може да ги има задржувањето од имиграциски причини врз луѓето вклучуваат: акутен стрес, вознемиреност и страв; губење на секаква идеја за времето; дупки во сеќавањето или губење на помнењето; опсесивни мисли; влошување на претходните ментални проблеми; **посттрауматско** стресно **нарушување** (ПТСН); депресија или насилно однесување, вклучително и самоповредување. Задржаните лица што се засегнати на некој начин, можат да се забележат по тоа што се многу збунети.

Исто така, неврзан или неформален разговор со задржаното лице е незаменлив дел од градењето доверба, како и од собирањето информации.

Групни интервјуа

Вредноста на групните интервјуа при посетата за мониторинг е во тоа што тие овозможуваат контакт со повеќето задржани лица. Меѓутоа, со оглед на тоа што не постои доверливост, групните интервјуа ја исклучуваат можноста да се дискутира за почувствителни прашања (како што е постапувањето, односите со персоналот и со другите задржани лица). Дополнително, постои ризик еден или двајца да доминираат како „лидери" на групата и да зборуваат и за другите, понекогаш затоа што го познаваат локалниот јазик и можеби добиваат посебен третман или привилегии од персоналот. Дополнително, групните интервјуа се несоодветни самите по себе.

Разговорот со група е корисен начин да се идентификуваат заедничките проблеми, да се идентификуваат неформалните лидери и да се добие чувство за атмосферата на местото, расположението на задржаните лица, динамиката на населението и културата на институцијата. Со оглед на тоа дека местата каде што се задржуваат лицата од имиграциски причини честопати се средини каде што има лица од различен пол, како и цели семејства, пожелно е да се спроведат интервјуа на подгрупи со мажи и жени посебно, како и со семејства и со групи врз основа на земјата на потекло, полот или возраста.

Добра идеја е однапред да се фиксира времетраењето на групните интервјуа. Иако разговорите треба слободно да течат, доколку излезат од контрола, можат да се оддалечат од задачата за мониторинг и да не се знае колку ќе траат. По општиот вовед од лицата што вршат мониторинг и во согласност со мандатот на телото што врши мониторинг, едно групно интервју треба да започне со отворено прашање за тоа што сметаат членовите на групата дека се главните проблеми во местото каде што се задржани. Ова е особено важно кога се работи за

РАМКА 3.10 ЗАШТИТА НА ИЗВОРИТЕ И НА ИНФОРМАЦИИТЕ[43]

Во текот на посетата лицата што вршат мониторинг можеби ќе треба одново да ги проверат стратегиите кои постојат за заштита на изворите. Задржаните лица треба да бидат прашани дали има нешто што ги загрижува во врска со нивната безбедност. Доколку има, лицето што го води интервјуто треба да ги објасни стратегиите на тимот за заштита на изворите на информациите што ги собрале. Во зависност од ситуацијата, ова би можело да вклучува интервјуирање на репрезентативен број лица за да се обезбеди конкретните извори на многу чувствителни информации да не можат да бидат идентификувани, или чување на личните податоци издвоено од сведочењето. Лицата што ги водат интервјуата никогаш не смеат експлицитно да упатат на изјавите дадени од некое задржано лице кога интервјуираат некој друг. Лицето што го води интервјуто, исто така, треба да побара информации од задржаното лице и потоа да процени дали има потреба или дали е соодветно да се направи повторна посета како еден вид заштита од санкции и одмазда..

прва посета за мониторинг. Постои веројатност одговорите да поттикнат други прашања, од кои некои можат да се постават веднаш, а други да се постават во рамките на поединечните интервјуа.

Откако посетите за мониторинг ќе се етаблираат, групните интервјуа можат да бидат фокусирани. Меѓутоа, треба да се има на ум дека лицата задржани од имиграциски причини е многу веројатно дека редовно ќе се менуваа, фактор што може значително да влијае на групната динамика, како и на нештата што се од интерес и на поединецот и на групата. Како и со секој друг вид информации, оние што се собираат со групните интервјуа треба да бидат проверени на други начини: за време на интервјуата насамо, преку сопствените забелешки на тимот, преку документирани докази и преку консултирање други извори.

Интервјуа насамо и управување со очекувањата

Интервјуто насамо со лице задржано од имиграциски причини претставува можност не само да се соберат информации за неговите очекувања од секојдневниот живот во установата за задржување туку, исто така, и да открие и како. Како што беше забележано претходно, задржувањето од имиграциски причини обично произлегува од нелегалниот влез или престој на лицето на територијата на држава што не е онаа од која има државјанство или вообичаено место на престој. Неговото траење честопати е подложно на непредвидливи ситуации,

кои можат да се должат на утврдувањето на нечиј идентитет и/или имиграциски статус, и не да се временски определени, дури и кога има одредба во законот за максималното времетраење на задржувањето. Причините и одговорноста за ваквата несигурност може да се тешко сфатливи за едно задржано лице и затоа може да придонесат за перцепција дека нивната слобода е предмет на дискрециско право, кое се наоѓа во рацете на секој за кого се смета дека е на позиција на власт или има влијание. Ова го зголемува чувството на ранливост и немоќ на задржаните лица во однос на персоналот, раководството и повисоките власти и, исто така, може да ги зголеми нивните очекувања од тимот за мониторинг. Освен ако телото што врши мониторинг со кое е поврзан тимот нема судско или вонсудско овластување, тимот мора да биде внимателен да ги ослободи од секаква заблуда или претпоставка задржаните лица дека тие имаат такво овластување. Лицето што го води интервјуто има одговорност да управува со тие очекувања на професионален, цврст и темелен начин, внимавајќи на временските и материјалните ограничувања, како и на потребата од флексибилност, а задржаното лице да има соодветна можност да го артикулира она што го преокупира. Исто така, важно е да се внимава интервјуто да не го попречува пристапот на интервјуираното лице до некое право или услуга (како, на пример, време за оброк, за посета или пристап до библиотека).

Информирана согласност и доверливост на интервјуата

Информациите собрани за индивидуален случај во текот на едно интервју бараат информирана и експлицитна согласност на задржаното лице. Лицето мора да биде информирано за конкретната цел на собирањето податоци и на кој начин тие ќе бидат обработени по интервјуто. Ова особено се однесува на тоа дали ќе бидат споделени со некоја трета страна. Во принцип, информациите добиени од некој поединец мора да бидат третирани како строго доверливи и треба да бидат обелоденети само во согласност со конкретна цел и под услови на кои се согласило лицето.

Истовремено, без разлика на согласноста, останува одговорноста на лицата што вршат мониторинг да ги проценат заканите кон лицето што дава информации и да ги измерат потенцијалните ризици наспроти користа од секоја обработка на личните податоци на задржаните лица. Дополнително внимание се посветува кога се комуницира со деца, преку толкувачи или со лица што се неписмени. Во врска со ова, лицата што вршат мониторинг секогаш треба мошне внимателно да постапат заради заштита, а во случај на деца, да го земат предвид нивниот најдобар интерес. Ова може да бара преземање дополнителни чекори за да се обезбеди анонимност.

Препорачаната практика е да се подготви „образец за информирана согласност“ за да се документира сето она што било претходно објаснето и дека лицето се

согласило на интервју. Треба да има посебно квадратче за означување во однос на тоа дали лицето се согласило да се користи неговото име или деталите од неговиот случај да се користат анонимно.

Кој го води интервјуто?

Постојат две опции: интервјуто да го води еден или да се води во пар. Работата во пар има свои предности, со оглед на тоа што може да обезбеди поддршка, да биде ефективен и одговорен начин за работа, а во исто време, да обезбеди одредени мерки на безбедност во случај на безбедносен инцидент. Се препорачува да постои јасна поделба на задачите (на пример, едно лице го води интервјуто, а друго води белешки). Не се препорачува да има повеќе од тројца (заедно со толкувачот) што го водат интервјуто, бидејќи ова може да го заплаши задржаното лице и може да го отежни менаџирањето со интервјуто.

Како што веќе беше забележано, родовиот состав на тимот што врши посета е од клучна важност. Особено е важно да се интервјуира насамо. Во случаи на тврдења за силување, сексуално злоупотребување и друг тип насилство, на жртвите, машки или женски, треба да им се дозволи да го изберат полот на својот соговорник. Со оглед на тоа дека лицето што ќе го води интервјуто однапред може да не знае дека ќе бидат изнесени такви тврдења, доколку е можно лицата што се задржани треба да бидат однапред прашани, пред интервјуто, дали претпочитаат да бидат интервјуирани од маж или од жена и, кога е тоа релевантно, дали да има машки или женски толкувач, и на ова треба да им се одговори во рамките на можностите.

РАМКА 3.11 СЕЛЕКЦИЈА НА ЛИЦАТА ШТО ЌЕ БИДАТ ИНТЕРВЈУИРАНИ

Во зависност од целите на посетата, во текот на фазата на планирање може да се размисли за комбинирање на стратегиите за селекција, какви што се:

- „методот на случаен избор“: на пример, набљудување за време на прошетката низ центарот на почетокот на посетата (на пр., во дворот) за да се идентификуваат лица што би можеле да бидат интересни да бидат интервјуирани подоцна насамо; случаен избор од регистарот (на пр., по еден на секои пет лица);
- изборот да се базира на конкретни критериуми, на пример: се избираат новодојдени лица, конкретни лица во ситуација на ранливост, лица со пријавени повреди или за кои е евидентирано самоповредување, „ненамерни“ повреди, примена на сила и мерки за изолација; или по случаен избор од регистарот.

Избор на лицата што ќе бидат интервјуирани

Во некои случаи лицата што вршат мониторинг мора да изберат со кого ќе се состанат поединечно за да направат интервју насамо. Оние што ќе бидат избрани треба да бидат колку што е можно порепрезентативни за различните категории задржани лица на локацијата. Во мали установи со малку луѓе се препорачува да се примени принципот „сè или ништо“[44], со цел да се заштитат задржаните лица од тоа да бидат видени како избрани или дека бараат контакт со набљудувачите. Лицата што вршат мониторинг исто така треба да внимаваат да не разговараат само со оние поединци што бараат контакт со нив[45] или оние што се предложени од персоналот. Меѓутоа, ниедно лишено лице не треба да се чувствува обврзано да зборува со лицата што вршат мониторинг.

Во процесот на селекција корисно е да се мапира ризикот во рамките на центрите за имиграција. На пример, лицата што се од одредена земја и/или малцинство, кои биле пријавени дека страдаат од дискриминација, секогаш треба да бидат вклучени, особено кога фокусот на посетата е дискриминацијата.

Каде да се интервјуира?

Во врска со сите претходно наведени поенти, изборот на локацијата за интервјуа насамо е од клучна важност. Тоа треба да биде и да изгледа безбедно, да се почитува достоинството на поединецот, да се одвива на локација на која други не можат да слушаат и доволно издвоена за да се задржи приватноста и доверливоста. Избегнувајте локации поврзани со персоналот и управата, какви што се нивните канцеларии и не чувствувајте се обврзани да ги слушате упатствата од персоналот и управата за тоа каде да се водат интервјуата. Прашајте го задржаното лице дали има место каде што би претпочитало да се сретнат. Лицето може да биде потсетено колку му е важно на тој што го води интервјуто да бидат на место каде што тоа се чувствува безбедно и пријатно. Во зависност од можностите, таквите места можат да ги вклучуваат просториите за средба со адвокати, просториите во кои се сместени (но, не и заедничките простории или каде што може да има други присутни лица), просториите за рекреација или посета, дворовите или просторот за рекреација надвор или библиотеката.

Започнување на интервјуто

На почетокот на поединечното интервју со некое задржано лице, лицето што го води интервјуто треба да се претстави себе, другите членови (доколку се присутни) и телото што врши посета на кое тие му припаѓаат, како и толкувачот, доколку е присутен. Ова претставување е моментот во кој членовите на тимот ќе треба да се здобијат со довербата од задржаните лица и да ги смират. На лицата што се задржани треба да им се даде разумна можност да се претстават и да ја кажат својата приказна. Како дел од претставувањето, лицата што вршат интервју, исто

РАМКА 3.12 ВОВЕД ВО ИНТЕРВЈУТО

Во воведот на интервјуто може:

- да се нагласи независноста на телото што врши посета;
- да се објасни целта и параметрите на посетата за мониторинг;
- да се објасни што може и не може да прави тимот за да не создаде лажна надеж или нереални очекувања (како тоа дека тимот може да влијае на решавањето или на статусот на поединечен случај);
- да се потсетат лишените лица дека ова претставува важна шанса да се обезбедат информации за тимот што врши мониторинг;
- да се објасни дека една жалба или тврдење може да поттикне потреба за потврдување и поткрепа на информациите што се обезбедуваат преку другите интервјуа или преку проверки на документи;
- да објасни дека дополнителната проверка на факти и вкрстената проверка ќе бидат само со искажана согласност на засегнатото лице и во форма која што да ги компромитира правата на приватност и доверливост[46].

така, можат активно да охрабруваат и да примаат прашања и барања за појаснување во секој момент во текот на интервјуто.

Водење интервју

Кога се интервјуираат задржани лица, лицата што вршат мониторинг треба да го имаат на ум изборот на јазикот и на изразите. Нивниот јазик, во рамките на можностите, мора да биде јасен, едноставен и недвосмислен, а нивното држење да биде пристојно и релаксирано. Лицата што вршат мониторинг се советуваат да бидат внимателни да не прават претпоставки за лицата со кои разговараат и за тоа што велат тие, и внимателно да слушаат, а не да се однесуваат критички кон она што тие сметаат дека е дотерување, претерување или невистина. Важно е да не се ограничува или да не се влијае на одговорот на задржаното лице. Оттука, се препорачува прашањата да бидат од отворен тип и да не наведуваат, односно

да бидат поставени така, што ќе бараат информации и нема да наметнуваат мислења врз задржаните лица. Лицата што го водат интервјуто треба да бидат подготвени да побараат повеќе детали и да бидат подготвени да го постават истото прашање на различен начин (поради толкувачот или поради задржаното лице). Во текот на интервјуто лицата што вршат мониторинг треба да се обидат да го задржат лицето што го интервјуираат фокусирано на одреден редослед на прашања, но исто така, да останат отворени за тоа дискусијата да отиде и во друг правец. Доколку испрашувањето отиде во друг правец, може да биде неопходно да се означи прашањето за дополнителен разговор или разговорот подоцна да се врати на тоа.

Важно е да се препознае и да се менаџира недовербата, сомнежот и повлеченоста, без разлика која е причината за тоа (како што е нарушеното бирократско функционирање и корупцијата). Задржаното лице може да биде сериозно сомничаво и повлечено и можеби има добри причини за тоа. Ова не само што може да влијае на односот на задржаното лице со персоналот и со управата туку, исто така, може да влијае и на способноста на тимот да воспостави однос и доверба кај задржаното лице во текот на интервјуто.

Освен ако нема конкретна и итна цел да се направи интервју насамо, генерално, тоа треба да опфати цел спектар прашања што ги засегаат лицата задржани од имиграциски причини и да ги документира сопствените забелешки и искуство на задржаното лице, како позитивни така и негативни.

РАМКА 3.13 ОСВЕЖУВАЊЕ НА СЕЌАВАЊЕТО

Повеќе како средство за освежување на сеќавањето, а не како формална рамка, листата за означување при групно или поединечно интервју претставува многу корисна алатка за систематски пристап со кој ќе се обезбеди да бидат опфатени сите важни прашања. Меѓутоа, процесите на интервјуирање секогаш треба да обезбедат да има доволно време и флексибилност за да им се овозможи на задржаните лица да зборуваат послободно и поспонтано за оние работи што ги засегаат. Во врска со ова, лицата што вршат мониторинг треба да бидат свесни дека доколку се користи таа на премногу ригиден или механички начин, не само што листата за означување може да стане премногу формална и отуѓена туку, исто така, постои ризик да потсети на одредени шеми на сослушување и вкрстено испрашување. Ова мора да се избегне по секоја цена.

РАМКА 3.14 **УРЕДИ ЗА СНИМАЊЕ**

Доколку телото што ја врши посетата има дозвола да внесе уреди за снимање[47] во местото за задржување (камери, мобилни телефони, аудио- или видеорекордери), лицето што го води интервјуто треба да ги измери ризиците и користа од правењето електронски снимки од дел или од сите информации што ќе ги соберат. Ризиците (и користа) можат да бидат поврзани со заштитата: изворите се многу полесно идентификувани, содржината е ранлива, дури и ако употребата на уредите за снимање е одобрена, постои ризик да бидат конфискувани или, од добрата страна, електронското/дигиталното снимање може да обезбеди дополнителна заштита. Тие можат подеднакво да охрабрат или да инхибираат дискусија, имено, кога лицето што го води интервјуто не е цело време со спуштена глава за да води темелни белешки има поголема шанса да воспостави добар однос со задржаното лице, снимањето може да го забрза темпото на интервјуто или задржаното лице може да не биде подготвено да зборува кога се работи за чувствителни прашања. Каков и да е случајот, од огромна важност е да се побара и да се добие согласност од задржаното лице (било написмено или на снимка). Исто така, имајте на ум дека задржаното лице може да биде потсетено дека во секој момент има право да побара уредот за снимање да се исклучи. Лицата што вршат мониторинг никогаш не смеат да користат скриени уреди за снимање.

Работа со толкувач[48]

Пристапот до сигурни и независни толкувачи од доверба е клучен во контекст на задржувањето од имиграциски причини. Во зависност од јазиците што ги говорат задржаните лица (и, од тие причини, персоналот и другите лица што можат да имаат релевантни информации), честопати е неопходно за тимот што врши посета да биде придружуван од еден или од повеќе толкувачи. Толкувачите треба да се изберат внимателно, при што треба да се има на ум не само родовиот баланс и професионалните компетенции туку, исто така, и сите културни и верски аспекти што можат да влијаат на квалитетот на интервјуто. Лицата што водат интервјуа треба да бидат особено внимателни ако користат други лица за толкување, како на пример, персонал од центарот или задржани лица, пријатели или членови на семејството, односно луѓе што можеби немаат искуство, не се објективни или можеби имаат некаков интерес од исходот од интервјуто.

Особено е важно улогата на толкувачот да биде јасна, како за време на разговорите со властите задолжени за местото така и во текот на интервјуата насамо со задржаните лица. Толкувачот не го води разговорот и како таков треба да е во видокругот на лицето што го води интервјуто и на задржаното лице, но да седи отстрана[49].

Работата со толкувачи е специфична вештина и бара темелно и концизно прашување и внимателно слушање. Прецизноста на толкувањето е од клучна важност. Начинот на кој се формулира едно прашање и линијата на аргументирање се следи од лицето што го води интервјуто и може да има значително влијание на испитаникот, а толкувачот мора да биде свесен за таквите нијанси. Лице задржано од имиграциски причини не само што треба да му верува на лицето што го води интервјуто туку, исто така, да му верува и на толкувачот. Во врска со ова лицето што го води интервјуто е одговорно да воспостави основни правила и да управува со интервјуто, и јасно да му укаже на задржаното лице дека и толкувачот е обврзан на доверливост. Иако се чини очигледно, важно е да се запомни дека средбата е меѓу лицето што го води интервјуто и задржаното лице. Затоа, фокусот треба да биде на воспоставување контакт со очите и однос со задржаното лице, а не со толкувачот.

Конечно, лицето што го води интервјуто треба да биде цело време внимателно и да ја следи невербалната комуникација (иако човек треба да биде внимателен кога донесува заклучоци или препознава значење) и суптилната динамика, која можеби постои меѓу толкувачот и задржаното лице, вклучително и говорот на телото, изразот на лицето и контактот со очите (или нивното отсуство). Важно да се има предвид дека многу задржани лица имаат основно познавање на јазикот на кој се води интервјуто, иако им е подобро доколку има толкувач. Тие можат, на пример, да го разбираат јазикот, но да не се чувствуваат доволно сигурни да го говорат.

РАМКА 3.15 ТОЛКУВАЧИ

Толкувачите имаат обврска да ја почитуваат приватноста и доверливоста. При нивниот избор треба да се има предвид динамиката што постои во местото за задржување, вклучително и социјалните, културните, религиозните и политичките разлики; во зависност од ситуацијата, може да биде потребна внимателна проверка на искуството на толкувачот. Во затворена средина, особено во изолирани области, толкувачите можат да станат или многу моќни или многу ранливи (или двете) поради доверливите информации до кои имаат пристап. Како последица на тоа, може да биде неопходно да се размисли да се управува со овие прашања, на пример, преку редовна ротација на толкувачите или да се осигури толкувачите да не се истите што редовно ги користи персоналот и управата. Можно е лицата што вршат мониторинг да одвојат време и да се запознаат со толкувачите и да развијат однос со нив.

3.4.6 Интервјуа со персоналот

Персоналот може да биде интервјуиран за да се утврдат примарните информации или заради потврда или вкрстена проверка на проблемите посочени од задржаните лица или од некој друг. Многу од истите техники и принципи на интервјуирање се применуваат како и при интервјуирањето на задржаните лица. Благосостојбата на персоналот и на управата, кои работат на места за задржување, не е важна самата по себе, туку има директно влијание и врз чувството на благосостојба и безбедност на задржаните лица. Персоналот и управата не се лишени од својата слобода, но може да се под стрес и нервозни, можеби биле сведоци на вознемирувачки инциденти, а можеби дури биле и жртви на насилно однесување. Тие, секако, можеби и извршиле или не се спротивставиле на заплашување, малтретирање или запоставување. Тие можеби се горди и уживаат во својата работа или можеби сметаат дека нивната работа е неблагодарна, недоволно платена, па дури и депресивна.

Генерално гледано, членовите на персоналот вршат две функции: одржување на сигурноста и безбедноста и давање услуги. Дали овие функции се спроведуваат од различни групи од персоналот зависи од големината и природата на местото за задржување. Информациите за двете функции ќе бидат релевантни за тимот за мониторинг. Некои членови на персоналот може да се порезервирани од другите и на тимот за мониторинг може да гледаат како на закана. Сепак, важно е да се истрае. Односот на персоналот и нивната приемливост самите по себе можат да кажат многу за културата на средина во установата на задржување. Мора да се потсетиме дека членовите на персоналот се интегрален дел од секојдневниот живот на задржаните лица.

Тимот за мониторинг ќе треба да донесе сопствена одлука, но можеби е соодветно да има групно интервју со дел од персоналот, внимавајќи на хиерархијата. Важат истите принципи како тие за групните интервјуа со задржаните лица. Конкретно, тие даваат можност за идентификување на лицата со кои можат да се направат интервјуа насамо. Ако поединечен член на персоналот му пријде на тимот и побара интервју насамо, тоа може да биде затоа што имаат чувствителна информација што сакаат да ја споделат. Исто така, може да се работи за одбранбена мерка од некој што се плаши дека бил обвинет за несоодветно постапување. Без разлика на типот на случајот, тимот не треба да организира приватни интервјуа само со членовите од персоналот што го бараат тоа. Ова е така затоа што персоналот можеби треба да биде заштитен од казни и одмазда.

Во врска со тоа, член на персоналот може да побара да се состане со членовите на тимот за мониторинг надвор од местото за задржување. Тимот треба да се справи со таквите барања внимателно, бидејќи можеби ќе треба да се

преземат мерки за заштита на одреден член на персоналот. На пример, мора да бидат внимателни да обезбедат лицето да не добие непотребно внимание во местото на задржување и да се избере соодветно место за средба надвор од установата, каде што ризикот од следење е минимален. Треба да се преземат истите мерки за заштита на идентитетот и на информациите како и со задржаните лица.

3.4.7 Состанок со раководителот на центарот на крајот од посетата

Со оглед на важноста на конструктивниот дијалог за функцијата на мониторингот, секоја посета за мониторинг мора да заврши со средба со директорот или лице што е одговорно за местото за задржување. Ова е важно на повеќе нивоа: како акт на љубезност, за да му се пренесат клучните наоди, да се идентификуваат прашања што треба дополнително да се разгледаат и да се посочат случаи за кои е потребна итна интервенција заради спречување на враќање, мачење или други форми на несоодветно постапување. Тимот за мониторинг треба претходно да се состане и да се согласи со агендата и содржината на состанокот. Состанокот треба да се одржи во претходно договорено време, на крајот од посетата за мониторинг.

Во текот на состанокот, на крајот од посетата, тимот за мониторинг треба да му презентира на директорот преглед од своите наоди[50]. Одговорот на директорот претставува можност за подобро разбирање на културата на местото за задржување. Доколку директорот е отворен за дијалог, ова може да стимулира дискусија во која тој/таа изразува став за условите на задржувањето и задржаните лица, и причините за евентуалните недостатоци во однос на условите. Со оглед дека следниот чекор е да се подготви извештај и да се дадат препораки, би било корисно да се покани директорот да изрази став во врска со подобрувањата што можат да се направат и како да се направи тоа. Лицата што вршат мониторинг можат да го информираат директорот кога да го очекува писмениот извештај и кој друг ќе го добие.

Доколку тимот за мониторинг идентификува сериозни проблеми, вклучително и докази за враќање, лишување од пристап до заштита или имигрициски процедури, или повреда на човековите права, за нив треба да им се обратат на надлежните власти. Најпрво, ова обезбедува заштита од ризикот од казнување или одмазда врз задржаните лица или персонал кои дале информации. Второ, прашањата поврзани со враќањето и пристапот до процедурите се прашања со кои вообичаено се занимаваат централните имигрициски власти.

Во случај да нема некои посебни проблеми што биле идентификувани, овој состанок со директорот на крајот од посетата може да биде формалност и повеќе пригоден разговор.

3.5 ПО ПОСЕТАТА

Посетата за мониторинг не е цел самата по себе; напротив, таа е еден дел од процес што треба да го подобри постапувањето со лицата задржани од имигрициски причини и условите за нивното задржување. Самата посета е, пред сè, заради собирање информации. Иако, важноста на присутноста на телото што врши посета како превентивна мерка никогаш не треба да се потцени. На многу начини она што следува е подеднакво, дури можеби дури и повеќе важно. Тоа треба да биде една форма на анализа на јазот меѓу она што се очекува и реалната ситуација. Тоа е јазот што треба дополнително да се разгледа. Ова е моментот во кој може да се постигне важна промена.

3.5.1 Организирајте брифинг за анализа за тимот и за членовите

Брифинг за анализа за тимот

Се препорачува тимот да се состане во текот на посетата за да ги спореди и да ги триангулира информациите (проверка на еден извор наспроти други), како и да подискутира и да се согласи околу наодите по посетата. Лидерот на тимот е тој што треба да организира брифинзи за анализа и да обезбеди кохерентност на посетата. Тој/таа вообичаено е одговорен/на за водење белешки за време на брифинзите.

Поединечни и групни брифинзи за анализа

Како што е забележано погоре, посетите на местата за задржување од имигрициски причини може да бидат многу напорни и понекогаш длабоко да ги погодат луѓето, особено доколку членовите на тимот за мониторинг се сведоци на лица во крајно тешка ситуација или вклучени во протестирање, самоповредување или некои други неочекувани кризни инциденти.

Доколку е можно, се советува членовите да добијат одредена обука за стратегиите за управување со кризи, кои би ја нагласиле важноста на брифинзите за анализа. Од сите лица што вршат мониторинг треба да се бара да поминат низа периодични брифинзи, дури и ако некои или сите поединечни членови на тимот не покажуваат знаци на истоштеност или измаченост. Во идеални услови, брифингот ќе биде спроведен и поединечно и во група, и ќе биде спроведен од квалификуван и искусен персонал.

РАМКА 3.16 ПО ПОСЕТАТА

Како општо правило, по посетата телото што било во посета треба:

- да организира брифинзи за анализа за тимот и за членовите;
- да ги разгледа и да ги анализира наодите од посетата и да подготви интерен документ;
- брзо да подготви екстерен извештај за одговорниот орган во кој се наведени наодите на телото што ја спровело посетата, со препораки што можат да се спроведат;
- внимателно да го следи спроведувањето на препораките.

3.5.2 Анализа и интерен документ

Тимот што ја врши посетата треба да ги среди и да ги анализира сите информации што се собрани во текот на посетата за мониторинг и да се подготви интерен документ. Интерниот документ можеби ќе треба да го следи образецот кој овозможува компаративна анализа на практиките, шемите и трендовите (како позитивни така и негативни) во текот на повеќе посети за мониторинг или во подолг временски период. Тоа е најсеопфатната евиденција на телото од посетата и ќе претставува ресурс од витална важност при повратни посети. Тој треба да биде добро организиран, внимателно поткрепен со извори и темелно анализиран за да биде колку што е можно подостапен за дополнителни посети. Информациите што не се адекватно анализирани или логично документирани, многу брзо стануваат изгубени информации.

Од интерниот документ телото што врши посета може да ги испита информациите што се собрани во однос на одредниците на релевантните стандарди и/или добри практики. Доколку ова не е првата посета, треба да се забележи секој показател на подобрување или влошување од претходната посета[51].

3.5.3 Поднесување извештаи

Извештаите се една од најважните алатки што телото кои врши посета ги има на располагање за заштита на задржаните лица и за подобрување на нивната ситуација. Иако извршните овластувањата на телата што вршат посета вообичаено

РАМКА 3.17 ИНТЕРЕН ДОКУМЕНТ

Интерниот документ треба да ги вклучи:

- општите фактички информации за центарот за имиграција;
- општите информации за самата посета, вклучително: членови (имиња), датум, времетраење на посетата и целите;
- клучните информации до кои ќе се дојде за време на посетата (на пр., главните идентификувани проблеми, анализата и клучните наоди, дополнителните дејства од страна на властите и телото што ја врши посетата, прашањата на кои дополнително треба да се обрне внимание или верификацијата на следната посета за мониторинг);
- предложена фреквенција на посети (вклучително и провизорен датум за следната посета) и листа на контакти;
- доверливи информации кои нема да се споделат надвор, но кои треба да бидат евидентирани за употреба во врска со можни дополнителни посети.

се ограничени, овластувањата нивните овластувања да поднесат извештај и да дадат препораки се многу важни. Ова е препознаено во нивните мандати, било на национално или на меѓународно ниво. Таквите извештаи обезбедуваат основа за дијалог со владите по прашањата што ги засегаат, и точки на кои можат да упатат во дополнителните активности. Се претпочита одлуките во врска со тоа дали извештаите ќе се објават за јавноста да се донесат пред посетата и комуникацијата со властите, но подоцна можат да се појават добри причини таквите извештаи да останат интерни[52].

Телото што врши посета треба да ја утврди својата стратегија во врска со поднесувањето извештаи, која ќе зависи од околностите во чии рамките се случил мониторингот и проблемите што произлегле од неа. Конечно, телото што врши посета мора да внимава властите што го вршат задржувањето да бидат информирани за исходите од своите посети; во врска со ова усните брифинзи не се доволни.

Сите извештаи треба да се засноваат на внимателно документирани материјали за поединечните посети. Во крајна линија, содржината е одлука за телото што врши посета. Меѓутоа, тие треба да го евидентираат составот на тимот за мониторинг, датумот и времето на посетите, причините за посетите и дополнителните

посети. Самите извештаи, исто така, мораат да имаат датум. Тие мораат да ги вклучуваат целите на посетите и да дадат преглед на методологијата за мониторинг, вклучително и техниките за верификација и вкрстена проверка. Како минимум, тие треба да ги сумираат клучните наоди на тематски начин (позитивни и негативни), рангирани според сериозноста и итноста на прашањата и релевантните препораки и, во согласност со потребите, да известат за нивното спроведување.

Може да постојат различни типови извештаи, како на пример:

Извештаи од посета

Доколку телото што врши посета има намера да издаде поединечни извештаи за посетата, тие вообичаено ќе ги претстават главните наоди на тимот за мониторинг, како и секое прашање што произлегува од разговорот со директорот на крајот од посетата. Таквите извештаи, генерално, се проследени со други форми на извештаи и затоа можат да бидат релативно кратки. Она што е најважно е дека тие треба да бидат издадени колку што е можно побрзо по посетата, да вклучуваат препораки и да ги засилат бенефициите од конструктивниот ангажман и дијалог.

Периодични извештаи

Периодичните извештаи можат да евидентираат и да даваат приказ на:

- посети на едно конкретно место за одреден период време; или
- посети на неколку места за одреден период време.

Тие обезбедуваат статистички податоци и даваат преглед на ситуацијата и општата анализа од придржувањето на стандардите за човековите права.

РАМКА 3.18 ПЕТ ОПШТИ ПРИНЦИПИ ПРИ ИЗГОТВУВАЊЕТО ИЗВЕШТАИ

❶ Точност и прецизност.

❷ Обелоденување лични информации само со јасно искажана и информирана согласност, само ако е неопходно.

❸ Доследност во јазикот и терминологијата.

❹ Навременост.

❺ Ориентираност кон дејствување.

Тие можат да обезбедуваат запис од препораките дадени и/или спроведени во текот на периодот. Опфатениот период ќе зависи од мандатот на телото што врши посети, околностите и практиките на телото. Тие можат да бидат месечни, тримесечни, полугодишни или годишни[53].

Тематски извештаи

Тематскиот извештај обезбедува анализа за одредено прашање (како што е пристапот до здравствена заштита) или избор на прашања (каков што е пристапот до здравствена заштита и до лицата со посебна ранливост), наместо да ги отсликува исходите од посетата или серии посети за мониторинг.

Извештаи за вонредни ситуации или инциденти

Понекогаш може да биде соодветно да се подготват извештаи за вонредни ситуации или инцидент, каде што е потребно итно дејствување по конкретни прашања, како што се бунтовите или штрајковите со глад.

3.5.4 Давање препораки

Како што посетите за мониторинг не се цел самите по себе, истото важи и за препораките. Формулирањето на препораките може да биде еден од најтешките делови од посетата за мониторинг. Препораките мора да бидат јасни, конкретни и спроводливи. Колку што е појасна и поконкретна препораката толку е поверојатно дека ќе биде применета. Сеопфатна и систематска документација и анализа на условите ќе овозможи полесно да се оствари јасност и конкретност во формулирањето на препораките.

Препораките треба да бидат упатени до соодветното ниво на власт, односно до оние функционери што имаат овластување да ги остварат промените и приспособувањата што се неопходни за да се постигне ефект. Кога главните причини за еден проблем се наоѓаат на некое друго место, препораките можат да имаат повеќекратен пристап, кој се осврнува на проблемот како на оперативно така и на системско ниво.

Во однос на содржината и тонот, препораките треба да бидат изработени така, што ќе се има на ум нивната целна публика. Тие треба да бидат практични и да можат да помогнат, наместо да судат или да бидат надмени. Тие треба да доведат до промени за луѓето чии животи се директно засегнати од искуството на задржувањето.

Без да се компромитира минимумот стандарди, и имајќи на ум дека местото на задржување најверојатно ќе продолжи да функционира[54], препораките треба да ги имаат предвид следниве работи:

- чувствителноста и сложеноста на одредени прашања во рамките на средината каде што се задржани лицата и потребата од флексибилност при осврнувањето на нив;
- главните проблеми во установата за задржување и итните приоритети што произлегуваат од тоа;
- потребата да се интегрира јасна и остварлива временска рамка за спроведување на препораките (итни, краткорочни, среднорочни и долгорочни);
- потребата од креативни решенија за решавање одредени проблеми;
- улогата на препораките може да биде во насока на развивање и одржување стандарди;
- можноста дека ќе има потреба од обука и/или техничка помош за делотворно спроведување;
- можност за засилување на препораките дадени од други тела (на пример, регионални и меѓународни тела што вршат посети), кога е тоа соодветно – ова може да ги засили препораките и нивното спроведување да го направи поверојатно.

Квалитетот и корисноста на препораките развиени по посетите на местата за задржување можат да бидат оценети во однос на 10 меѓусебно поврзани и заемно зајакнати критериуми на двоен СМАРТ (паметен) модел[55].

РАМКА 3.19 ДВОЈНИОТ С.М.А.Р.Т. (ПАМЕТЕН) МОДЕЛ

S pecific (конкретна): Секоја препорака се однесува само на едно конкретно прашање.

M easurable (мерлива): Проценувањето на спроведувањето на секоја препорака треба биде колку што е можно полесно.

A chievable (остварлива): Секоја препорака треба да биде реална и изводлива.

R esults-oriented (ориентирана кон резултати): Предложените активности треба да водат кон конкретни резултати.

T ime-bound (временски ограничена): Секоја препорака треба да спомену-ва реална временска рамка за спроведување.

+

S olution-suggestive (да сугерира решение): Секогаш кога е тоа можно, препораката треба да предлага веродостојни решенија.

M indful of prioritization, sequencing and risks (Да внимава на приорите-тите, редоследот и ризиците): Кога има многу препораки, најпрво треба да се спроведат итните. Помалку итните можат да бидат резервирани за дополнителнните извештаи.

A rgued (аргументирани): Препораките треба да се базираат на висококвалитетни и објективни докази и анализа. Тие треба да упатуваат на релевантни стандарди.

R eal-cause responsive (да одговорат на вистинската причина): Препораките треба да се осврнат на причините за проблемите, а не на симптомите.

T argeted (насочени): Препораките треба да бидат насочени кон конкретни институции и/или актери, а не кон „властите", за да биде јасна одговорноста за нивното спроведување.

3.5.5 Дистрибуција на извештаите

Главната публика за извештаите се органите што го применуваат задржувањето. Меѓутоа, земајќи ја предвид приватноста и доверливоста, исто така може да биде важно извештаите да бидат јавно достапни. Времето на објавувањето е прашање на стратегија, за која ќе одлучи телото што ја врши посетата. Исто така, извештаите можат да бидат дистрибуирани до други засегнати страни, особено оние што можат да бидат во позиција да влијаат, да поддржуваат и/или да ја следат имплементацијата на препораките. Тие вклучуваат, на пример, агенции на ООН и регионални агенции и механизми, локални функционери и парламентарци, НВО и други актери на граѓанското општество.

Во зависност од стратегијата за комуникација на телото за мониторинг, извештаите или резимеата од нив исто така можат да бидат ставени на располагање на медиумите. Во овој случај ќе биде важно да се следи реакцијата и одговорот на властите. Ова ќе помогне во планирањето на она што ќе следува.

3.5.6 Она што следува по извештаите и препораките

Пожелно е властите да стапат во дополнителен дијалог со телото што оди во посета во однос на наодите во извештајот и спроведувањето на препораките. Постојат низа начини на кои активностите што следуваат можат да бидат преземени: некои се системки по својот карактер, други се индивидуализирани или се работи за интервенции што се темелат на случајот.

Следуваат некои сугестии за стратегии што можат да се користат.

Побарајте писмен одговор на извештаите

Пожелно е властите да одговорат на извештајот и на препораките написмено, посочувајќи ги сите разлики во однос на мислењето за фактите или придржувањето на законските стандарди. Во контекст на некои мандати за мониторинг, властите имаат обврска да одговорат. Важно е да се одреди крајниот рок за одговор, кој остава разумно време. Што претставува „разумно“ зависи од околностите, особено од сериозноста на прашањата што се отвораат и итноста со која треба да се работи на нив.

Одговорот треба да обезбеди индикација за подготвеноста на властите да ги спроведат препораките. Природата и содржината на овој одговор е да обезбеди насоки за телото што врши посета во смисла на дијалогот што следува, адаптациите што може да бидат неопходни за дополнителната посета, било таа да биде ненајавена или со кратка најава. Кога се даваат гаранции дека препораката била спроведена, тоа треба да биде поздравено. Исто така, треба да се означи она што ќе следува за време на следната посета за мониторинг или преку координирана

мрежа за мониторинг.

Секоја кореспонденција со властите од страна на телото што врши посета треба да е во согласност со локалните конвенции и протоколи за писмена комуникација, користејќи формален јазик и обраќање соодветно на приликите.

Дополнителни посети

Од клучна важност е да се спроведат дополнителни посети за да се провери спроведувањето на препораките и да се потврди опсегот во кој реалноста на терен ги отсликува гаранциите што се даваат на повисоко ниво на власт.

Организирање посети и тркалезни маси со клучните власти

Дополнителните состаноци и тркалезни маси со клучните органи треба внимателно и смислено да се планираат.

Планирањето треба да ги предвиди пречките во имплементацијата на препораките и причините за нив. Овој процес треба да ги измери перспективите за спроведување, кои ги земаат предвид социјалните, економските, правните и политичките размислувања и дали спроведувањето се смета дека е или не е во интерес на властите. Ова ќе помогне во развивање стратегии што ги зголемуваат шансите за спроведување.

Наодите и препораките можат да бидат претставени и дискутирани со јасност, непристрасност и професионализам. Дијалогот треба да се заснова на докази, подложен на размислувања во насока на правна заштита вградени во максимата 'не причинувај штета.'Доколку е неопходно, природата на одобрението за спроведување посети за мониторинг може да биде повторена (и треба да биде достапна за да може да се упати на неа доколку е потребно).

3.5.7 Проценка и ревидирање на процесот на мониторинг

За процесот на мониторинг на местата за задржување од имиграциски причини да биде ефективен, неговото дејствување и влијание мора да биде редовно оценувано и ревидирано, со став да се научи од процесот и да се направат неопходните промени. Овој прирачник е наменет да им помогне на корисниците да разработат јасни цели и задачи за мониторинг, со цел да се стекнат со јасни и мерливи исходи.

Проценката на посетата или програмата за мониторинг треба да ги разгледа сите аспекти и фази од процесот. Треба да ја процени методологијата и нејзиното спроведување во различни фази. Во поширока смисла, треба да може да одговори:

Процесите за мониторинг што се добро планирани и подготвени треба да им овозможат на телата што вршат посети да обезбедат обмислени и конкретни одговори на сите тие прашања. Меѓутоа, оние што вршат проценка треба да внимаваат на фактот дека промените во делот на заштитата вообичаено се постепени и недраматични. Како таков, процесот на проценка и ревидирање треба да биде периодичен и тековен и да го мери влијанието со текот на времето.

3.5.8 Можни дополнителни стратегии што ќе следуваат

Дополнително на процесот за мониторинг, телата можат да размислат за развивање дополнителни последователни стратегии, како оние што се сугерирани долу.

Ревидирање на законодавството и/или на административните упатства или правила

Во некои земји дополнителната инволвираност на телата што се во посета може да се прошири на учество во ревидирање на националното законодавство и/или административни упатства или правила, како што се законите за имиграција или за азил. УНХЦР и некои НИЧП (вклучително и комисиите за човекови права или Народниот правобранител), на пример, работат со владата на ова ниво. Според ОПКАТ, овластувањето на НПМ да „поднесе предлози и забелешки во врска со постојното или со нацрт-законодавство“ се опишува како „минимум овластување“[56].

Индивидуални интервенции и упатувања

Во случаи кога постои непосреден ризик од депортирање или отстранување, кои можат да резултираат со враќање или други повреди на меѓународното право, поединечните интервенции од телото што врши посета може да бидат неопходни. Сепак, непосреден ризик од мачење или друго несоодветно постапување

РАМКА 3.20 ОЦЕНА НА ПОСЕТАТА ЗА МОНИТОРИНГ

- Што имаме направено?
- Што имаме постигнато?
- Колку добро го имаме направено тоа?
- Каква разлика сме остварile?
- Како знаеме дека е така?

Од своја страна, ова треба да обезбеди одговори на следниве прашања:

- Што знаеме сега, а не сме знаеле порано?
- Дали постојат некакви јазови или недостатоци во нашиот процес на мониторинг?
- Дали биле пропуштени некои можности?
- Што можеме да направиме подобро?
- Како ќе направи разлика тоа?

може да ја поттикне потребата за индивидуална интервенција. Иако таквите прашања произлегуваат како дел од поширока функција за мониторинг и подготовка на извештај од страна на телото што ја врши посетата, таквите ризици е крајно веројатно да ја поттикнат потребата за интервенции кои одат подалеку од „потрадиционалната“ функција за мониторингот и од поднесувањето извештаи.

Без разлика на капацитетот да се направат поединечни интервенции, сите тела што вршат посети треба да развијат ефективна политика и систем за упатување.

Застапување

Во зависност од опсегот на овластувањето на телото за посета на местата за задржување заради мониторинг, може да е и неопходно и соодветно да се изградат стратегии за застапување паралелно со функцијата за мониторинг. Стратегиите за застапување треба да бидат дизајнирани на начин со кој ќе се надополни функцијата за мониторинг; односно, да им се даде глас на наодите на телото што ја врши посетата заради остварување на неопходната заштита и спроведување на препораките.

Застапувањето може да се случи преку стратегиска примена на иницијативите за јавно дејствување, форумите и мрежите на граѓанското општество (на пр., ИДЦ), ООН и/или регионалните форуми (на пр., Работната група за своеволно задржување, Советот за човекови права на ООН и други механизми за човекови права).

Медиуми

Властите вообичаено се многу чувствителни на известувањето од страна на медиумите. Се советува телото што врши посета внимателно и стратегиски да ги користи медиумите и да зборува само во рамките на својата област на надлежност и одговорност. Фактите мора да бидат јасни и прецизни, и треба да се прави разлика меѓу известување и наводи, од една страна, и наоди, од друга страна. Коментарите треба да бидат внимателно анализирани, фокусирани, балансирани и да можат да се одбранат. Се препорачува телата што вршат посета да развијат насоки за тоа како се контактира со медиумите.

Тела и механизми за човекови права на ООН

Во некои случаи може да е соодветно да се вклучат меѓународните тела и механизми за човекови права[57]. На пример, во една земја што ја признала надлежноста на договорното тело на ООН за човекови права да добива и да разгледува поединечни информации[58], може да се иницира индивидуална постапка за жалба. Ова е сложен процес, кој бара исцрпување на сите достапни правни лекови и за проблемите може да бидат потребни повеќе години за да се решат. Меѓутоа, постои сè поголем корпус на меѓународна и регионална јуриспруденција, која е поврзана со задржувањето од имигрициски причини[59]. Во контекст на задржувањето од имигрициски причини, времените мерки се особено важни во ситуации кога постои опасност од депортација или отстранување, а враќањето може да биде последица. Дополнително, на индивидуалните процедури за комуникација, телата што вршат посета можат да размислат дали е соодветно да ги споделат своите наоди преку процесот на Универзалниот периодичен преглед што го води Советот на ООН за човекови права или преку процедурата за периодични извештаи до договорните тела на ООН што го следат спроведувањето на договорите за човекови права од страна на државите потписници. Телата што вршат посета, исто така можат да изберат да споделат информации со специјалните процедури на ООН, како што се тематскиот мандат на специјалните известувачи за тортура и за мониторинг на човековите права, или специјалните процедури со мандат за конкретните земји.

Парници

Некои домашни тела што вршат посети, особено национални институции за човекови права, имаат вонсудски, а понекогаш дури и судски овластувања. Тие можат да примат и да истражат претставки, да наложат или да препорачаат

ослободување на задржано лице чие задржување било своеволно или незаконско и/или да наредат или да препорачаат исплата на надомест. Во други случаи, телото што врши посети може да поседува информации што обезбедуваат основа за започнување на законска постапка или кои можат да бидат клучни за нејзиниот успех. Во овие ситуации упатувањето и соработката со адвокатите ќе претставува соодветен чекор што треба да се преземе, особено доколку телото што ја врши посетата наиде на отпор во спроведувањето на неговите препораки.

Интервенциите пред судовите од организации и тела како што се УНХЦР и НИЧП претставуваат важна алатка преку која можат да се развијат стандардите за заштита и да се негува доследна примена на меѓународното право за бегалците и на човековите права.

Градење капацитети и обука

Телата за мониторинг можат да размислат за унапредување и придонесување кон обуката на персоналот инволвиран во процесот на задржување од имиграциски причини, со цел да се зголеми знаењето и вештините и позитивно да се влијае на ставовите и на однесувањето.

4 КОИ АСПЕКТИ ОД ЗАДРЖУВАЊЕТО ОД ИМИГРАЦИСКИ ПРИЧИНИ ДА СЕ ИСПИТААТ

Делот 4 може да се чита и издвоено од остатокот. Искористувајќи ги главните меѓународни и регионални стандарди во врска со задржувањето од имиграциски причини, во овој дел се препорачуваат одредници, практични размислувања и општи насоки за конкретни аспекти од задржувањето од имиграциски причини, кои можат да се испитаат како дел од посетата за мониторинг. Тоа овозможува лесно упатување на релевантните меѓународни стандарди наспроти прашањата што типично произлегуваат во контекст на задржувањето од имиграциски причини.

Изворите упатуваат на универзалните и на регионалните правни договори[60] за бегалците и за човекови права и на необврзувачките правни инструменти. Листата е неисцрпна, но се избрани најрелевантните и најспецифичните одредби. Општите стандарди за човекови права, како што е недискриминацијата, забраната на своеволно задржување и хуманото и достоинствено постапување на задржаните лица важат за сите, но не се посебно наведени.

4.1 ЗАДРЖУВАЊЕ И ИМИГРАЦИСКИ ПРОЦЕДУРИ

Целта на овој дел е да го испита начинот на кој лицата се примаат во центрите за задржување од имиграциски причини и како добиваат информации и пристап до процедурите што се неопходни за да одговорат на околностите поради кои се задржани. Се работи се клучните први чекори од искуството на лицето кога станува задржано лице и тие драматично влијаат на начинот на кој лицето го доживува задржувањето од имиграциски причини, било да е краткорочно или долгорочно.

4.1.1 Процедури за задржување и пристап до алтернативни решенија на задржувањето

Испитувањето на законската основа за задржувањето е од клучна важност за да се разбере природата и ефектите од условите на задржувањето. Ова не значи дека телата што вршат посета треба да направат целосна анализа на законската рамка на задржувањето за да спроведат мониторинг на местата за задржување од имигрaциски причини; всушност, во многу јурисдикции, веќе многу е сработено во однос на овие прашања. Наместо тоа, разбирањето на законската основа за задржувањето – или нејзиното отсуство – претставува суштинска појдовна точка за ефективен мониторинг.

Меѓународното право предвидува дека ограничувања на слободата и употребата на задржувањето како исклучок се дозволени само кога тие се законски и несвоеволни. Со други зборови, секое ограничување на слободата, вклучително и задржувањето, може да се случи само врз основи пропишани со закон и во согласност со процедури утврдени со закон.

Забраната за своеволно задржување бара низа дополнителни заштити за да се обезбеди правичност и недискриминација. Најпрво, задржувањето мора да се примени за легитимни цели. „Легитимните цели" во контекст на задржувањето од имигрaциски причини се исти за барателите на азил и за мигранти како и за секој друг: кога за некој постои ризик дека ќе избега од идни правни постапки или административни процеси, или кога некој претставува опасност за себе и за јавната безбедност.

Второ, под претпоставка дека државата има легитимна цел, секое задржување мора да биде неопходно, разумно и сразмерно во сите околности од случајот. Овие услови се применуваат за сите лица што се предмет на задржување, без разлика дали имаат статус на бегалец, барател на азил или друг имигрантски статус.

Конечно, задржувањето мора да подлежи на суштински, применлив и независен периодичен преглед.

Тимот за мониторинг не може секогаш да биде во позиција да процени дали задржувањето во даден случај е своеволно или незаконско. Сепак, секогаш кога се евидентирани практики на своеволено задржување, тоа може да укажува на системски или зголемен ризик од своеволно и незаконско задржување на други лица задржани од имигрaциски причини.

За подетален преглед на релевантните стандарди, види дел 2.6. под Меѓународната правна рамка.

1 Задржувањето од имиграциски причини е исклучок и е дозволено само врз основи пропишани со закон и во согласност со процедури утврдени со закон

Извори: ICCPR 9(1), 12(1); CMW 16(1), 16(4), 39; CRC 37(b); CRPD 14(1); CSR, чл. 31(1); BPP 2; UNHCR-DG 3; ACHRP 6, 12; ACHR 7(1), (2), (3); ECHR 5; CFREU 6; EU-RD Recital (15); PBPPDLA III(1), (2); CPT/Inf (2009) 27 §85

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали постои законска основа (во националното право) за задржување на лицата?
- Дали употребата на задржувањето е исклучок и последна мерка што се применува? Проверете ги статистичките податоци за задржувањето од имиграциски причини: кој е процентот од лицата што можат да бидат задржани, а кои се реално задржани/ослободени?
- Дали задржаните лица добиваат индивидуален налог за задржување за време на апсењето и задржувањето или набрзо потоа?
- Дали лицата задржани од имиграциски причини добиваат индивидуализирано писмено образложение за првичната одлука за нивно задржување на јазик што го разбираат?

2 Одлуките за задржување подлежат на периодична ревизија и задржаните лица имаат суштинско право да ја оспорат или да ја обжалат одлуката за задржување

Извори: ICCPR 9(5); CRC-GC 6(61-63), GC 10(83); CMW 16(6), (8), (9); BPP 11(3), 37; UNHCR-DG 3(17); ACHR 7(5)-(6), 25(1); ACHRP 7; ECHR 5; CFREU 6; EU-RD Recital (15); PBPPDLA V; CPT/Inf (2009) 27 §86.

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали задржаните лица се информираат брзо за правото да ја оспорат законитоста на своето задржување? Дали постојат делотворни правни лекови?
- Колку често задржувањето во поединечен случај се ревидира (редовност, зачестеност и квалитет, од кого, со какви овластувања)?
- Која е процедурата за ревидирање? Дали задржаните лица се информирани за тоа на јазик што го разбираат?
- Дали е телото за ревидирање независно? Дали е одлуката применлива?
- Дали е ревидирањето автоматско или треба да се побара? Дали е индивидуализирано?

- Дали задржаните лица имаат пристап до информации за тоа до каде е нивното барање?
- Дали непридружуваните или разделените деца добиваат помош при секоја процедура на ревидирање?

3 Задржувањето подлежи на строги временски ограничувања, а задржаните лица се ослободуваат ако се оствари пропишаниот максимален период на задржување

Извори: UNHCR-DG 6; WGAD-D5 P7; PBPPDLA III (1); EU-RD Recital (16); CPT/Inf (97) 10 §27

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали постои максимално законски утврдено временско ограничување за задржувањетои утврдено временско ограничување во поединечниот случај? Што се случува кога задржаното лице ќе ја достигне границата?
- Дали се задржуваат непридружуваните или разделените деца мигранти? Доколку е така, на колку време?
- Кое е реалното времетраење на задржувањето (просек, најдолго)?

4 Пред да се донесе одлука за задржување, се бараат алтернативни решенија на задржувањето

Извори: UNHCR-DG 4.3; PBPPDLA III(4); EU-RD Recital (15)

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Какви видови алтернативни решенија се достапни? Дали се суштински достапни? Врз основа на што?
- Дали налогот за задржување содржи оправдување зошто не била користена никаква друга алтернативна мерка?
- Колкумина биле ослободени со примена на алтернативни решенија на задржувањето во одреден период? Колкумина останале во центарот за задржување во истиот период?
- Дали има некакви лишувања од слобода поврзани со алтернативните решенија на задржувањето конзистентни со принципите на законитост и несвоеволност?
- Дали постојат механизми за разгледување на претставка/периодичен преглед на алтернативните решенија на задржувањето за да се обезбеди тие самите да не достигнат ниво на своеволно лишување од слобода или на друг начин да се повредат правата на бегалецот, барателот на азил или мигрантот?

- Врз која основа им се дозволува пристап до алтернативните решенија на задржувањето на лицата во ранлива ситуација?

5 Задржаните лица и членовите на нивните семејства кои се ослободени да живеат во заедницата, како алтернативно решение на задржувањето ги добиваат неопходните документи за идентификација и/или ослободување/престој, како заштита од повторно лишување од слобода поради тоа што немаат документи и тие имаат пристап до услугите

Извори: UNHCR-DG 4.3

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали им се издаваат официјални привремени лични карти на задржаните лица и на членовите на нивните семејства?
- Дали на оние што се ослободени им се издава привремена лична карта, која дозволува престој во земјата?
- Дали тие ги почитуваат органите на власта?

4.1.2 Пристап до адвокат

Лицата задржани од имиграциски причини имаат право на пристап до соодветно квалификуван адвокат за да ги советува и да им помогне во врска со самото задржување, како и во врска со релевантната заштита и/или имиграциските процедури. Како такви, задржаните лица треба автоматски да бидат информирани за своето право на правен совет и помош и веднаш да им се обезбеди брз пристап. Покрај обезбедувањето правен совет, адвокатите можат да бидат клучни агенти за спречување мачење и враќање. Кога е или може да биде достапна бесплатна правна помош за задржаните лица, за достапноста на таквата помош тие треба да бидат ефективно информирани како дел од редовните постапки.

Задржаните лица мора да добијат адекватно време и можности за правни консултации и комуникација. Таквата комуникација и консултации мора да се случат без одлагање и цензура и да биде целосно доверлива.

1 Задржаните лица имаат пристап до соодветно квалификуван адвокат

Извори: ICCPR 14(3)(b), (d); CMW 18(3)(b), (d); CRC 37(d); CRC GC 6; CSR 16(2); UNHCR-DG 7; BPP 11(1) 17, 18; SMR 93; WGAD-D5 p.2; ACHR 8(2)(d), (e); PBPPDLA V; ACHRP 7; ECHR 6; EPR 23.1 & 98; CFREU 47; EU-RD 9.7; CPT/Inf (97) 10 §30, 31; CPT/Inf (2009) 27 §82, 87

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали лицата задржани од имиграциски причини имаат пристап до адвокат од самиот почеток на своето задржување?
- Дали непридружуваните или разделените деца имаат пристап до адвокат?
- Колку често адвокатите ги посетуваат?
- Дали просториите и другите места што се користат за правни консултации обезбедуваат приватност и доверливост?
- Дали постои систем на дежурен адвокат или други механизми што обезбедуваат навремен пристап до правен совет?
- Дали задржаните лица имаат нешто што ги загрижува во однос на пристапот или квалитетот на правната помош?

2 Лицата задржани од имиграциски причини автоматски се информирани за нивното право на пристап до правна помош во секоја фаза од постапките

Извори: ICCPR 14(3)(b), (d); CMW 18(3)(d); CRC 37(d); CSR 16(2); UNHCR-DG 7; BPP 11(1) 17, 18; SMR 93; WGAD-D5 p.2; ACHR 8(2)(d), (e); ECHR 6; PBPPDLA V; ACHRP 7

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали на лицата задржани од имиграциски причини им е достапен бесплатен правен совет и помош? Доколку не се бесплатни, дали постои систем за обезбедување застапување на про боно основа?
- Кога и како задржаните лица се информираат за своето право на адвокат? Дали е тоа на разбирлив јазик?
- Колкумина/колку проценти од задржаните лица искористиле бесплатен правен совет во последните 3-6 месеци?
- Дали се има случено на некое задржано лице да не му биде обезбедена правна помош или да му биде кажано дека нема право да ја добие?

3 Лицата задржани од имиграциски причини имаат лесен и непречен пристап до своите правни советници

Извори: BPP 11(1), 17, 18; SMR 93, 94; RPJDL 18(a); PBPPDLA V; EPR 23.3; EU-RD 9.7; CPT/Inf (97) 10 §31; CPT/Inf (2009) 27 §82

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали постои неограничен и бесплатен пристап до телефон, факс и/или електронска пошта заради комуникација со правните советници? Дали се доверливи ваквите разговори?
- Дали има на располагање бесплатни, квалификувани и непристрасни толкувачи, доколку се потребни?
- Дали имало примери на доцнење во обезбедувањето пристап до адвокат?

4 Адвокатите можат да бидат присутни во текот на разговорот со владините службеници или со нивните агенти

Извори: SMR 93; BPP 11; CPT/Inf (97) 10 §31

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали адвокатите можат да присуствуваат за време на разговорите со службените лица или за време на формалните процедури?
- Која е процедурата за барање адвокат? Дали има некакви пролонгирања и, доколку има, кои се последиците?

5 Лицата задржани од имиграциски причини и нивните адвокати добиваат претходна писмена белешка од сите интервјуа, разгледувања, претреси по жалби и одлуки во врска со задржувањето, процесите и процедурите за заштита, имиграција и отстранување

Извори: CMW 16(5), 18(3); BPP 11(2), 13; PBPPDLA V

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Која е содржината на писмените информации што им се даваат на задржаните лица и на нивните адвокати?
- Дали се на јазик што го разбира задржаното лице?

4.1.3 Пристигнување и прием

Апсењето и задржувањето се причина за голема вознемиреност и несигурност кај барателите на азил и мигрантите, и тоа може да ја влоши нивната ранливост. Од суштинска важност е да се постапува со почит со задржаните лица и тие да бидат свесни за целиот спектар нивни права. На задржаните лица треба да им се обезбедат средства за контакт со семејството, адвокати, УНХЦР и со конзулатите[61], во согласност со потребите, од самиот момент на лишување од слобода. Доколку со задржаните лица се постапува на начин со кој се намалува нивното чувство на ранливост, со тоа што ќе се направи да се чувствуваат почитувано и колку што е можно посигурно, се зголемува веројатноста тие да се справат со искуството од задржувањето, како и да соработуваат со персоналот и со управата. Начинот на кој задржаните лица ги доживуваат овие почетни фази исто така драматично ќе влијае на тоа како го доживуваат тие задржувањето од имигрициски причини во целина, било краткорочно или долгорочно. Почетната фаза од доаѓањето и приемот исто така е важна можност да се обезбеди задржаните лица да бидат соодветно заведени во евиденцијата и да се идентификуваат задржаните лица со посебни потреби.

На крајот, но не помалку битно, важно е сите задржани лица да можат да бидат прегледани насамо од здравствени работници по пристигањето и во присуство на толкувач, доколку е тоа потребно.

---

1 Задржаните лица по пристигнувањето се информираат системски, написмено и на начин /јазик што го разбираат за причините за апсењето и за задржувањето

Извори: ICCPR 9(2), 14(3)(a); CMW 16(5); BPP 10, 14; ACHR 7(4), 8(2)(b); ECHR 5; EPR 38; PBPPDLA V

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Како се информираат задржаните лица за причините за задржувањето? Дали е ова евидентирани и како?
- Дали им се обезбедени информации за процедурите на задржувањето на задржаните лица?
- Дали им се обезбедени информациите за нивните права и обврски во врска со задржувањето и установата каде што се задржани?
- Како им се дадени овие информации?
- Дали информациите им се дадени на јазик и на начин разбирлив за задржаното лице (вклучително и лицата што се неписмени)?

2 Сите лица задржани од имиграциски причини автоматски се советуваат за нивното право да бараат азил и заштита од враќање

Извори: UDHR 14; UNHCR-DG 1; ACHR 22(7); ACHRP 12(3); CFREU 18; CSR 33; CRC 22; ASP 19; ATP 14; UNHCR-DG 1

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Какви информации им се даваат на задржаните лица? Во каков облик?
- Дали информациите се дадени на јазик и на начин разбирлив за задржаното лице (вклучително и лицата што се неписмени) ?

3 Постои регистар на задржани лица, во кој се евидентира идентитетот, времето, датумот и основата за задржувањето, како и надлежниот орган одговорен за задржувањето, во кој се потпишува задржаното лице

Извори: ICPPED 17(3); SMR 7(1); WGAD-D5 P4; PBPPDLA IX(2); CPT/Inf (2009) 27 §85; EPR 15.1

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали регистарот се води на систематски и ригорозен начин? Дали има некакви пропусти во внесените информации?
- Какви информации се евидентираат во регистарот на задржани лица? Дали тој вклучува: основни лични биографски податоци; валиден налог за задржување; детали од документите и други средства за утврдување на идентитетот; име и податоци за контакт за најблиските членови на семејството; јазик што го зборува задраното лице и дали бил достапен и користен бесплатен, квалификуван и непристрасен толкувач; изнесена причина за тоа зошто се наоѓа или доаѓа на територијата; дали задржаното лице побарало меѓународна заштита/азил; дали задржаното лице има посебни потреби?

4 Личниот претрес[62] се применува само кога е тоа строго неопходно за да се обезбеди безбедноста на персоналот и лицата задржани од имиграциски причини, и се спроведува на начин со кој се почитува достоинството на лицето. Целосно обучен персонал од ист пол како и лицето задржано од имиграциски причини ќе изврши целосен претрес до гола кожа само во вонредни околности

Извори: ICCPR 7, 10; BR 19, 21; CPT/Inf (99) 12; EPR 54; PBPPDLA XXI

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Кои се процедурите за личен претрес, по приемот и дополнително?
- Дали претресот го врши персонал од ист пол?
- Дали персоналот инволвиран во личниот претрес поминува низ специфична обука?
- Како се врши претрес на жена и од кого?
- Дали постојат посебни процедури што ги регулираат претресите на задржаните лица што се ЛГБТИ?
- Дали се користат соодветни алтернативни методи за проверка, како што е скенирањето?

5 Лицата задржани од имиграциски причини се одделени од другите (на пр., затвореници за кривични дела)

Извори: ICCPR 10(2)(a); CMW 17(2); BPP 8; SMR 8(b); RPJDL 17; WGAD-D5 P9; UNHCR-DG 8; EXCOM 44(f); ACHR 5(4); PBPPDLA XIX; CPT/Inf (97) 10 §28

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Кој е процесот за да се обезбеди лицата задржани од имиграциски причини да не се мешаат со лицата затворени за кривични дела?
- Доколку се задржани во установа во која се држат лица затворени за кривични дела, каде се држат лицата задржани од имиграциски причини, на пр. во посебно крило или дел од установата?
- Која е процедурата за заштита на задржаните лица од самоповредување или за идентификување на оние што би можеле да бидат соочени со ризик кој доаѓа од други лица? Дали постои проценка на првата ноќ?

6 Сите задржани лица по пристигнувањето се проверуваат од квалификувани здравствени работници, насамо и со помош на толкувачи, во согласност со потребите

Извори: SMR 24; UNHCR-DG 8 §48(vi); PBPPDLA IX(3); CPT/Inf (97) 10 §30, 31; CPT/Inf (2009) 27 §82

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали задржаните лица систематски се прегледани по пристигнувањето од квалификуван здравствен работник?
- Дали е присутен бесплатен, квалификуван и непристрасен толкувач?
- Дали се соодветно идентификувани, проценети и третирани физичките и здравствените проблеми?

7 Сите задржани лица добиваат насоки за правата, рутините, услугите, правилата и процедурите

Извори: BPP 13, 14; SMR 35; WGAD-D5 P4 and 8; RPJDL 6, 24, 25; PBPPDLA IX(1); CPT/Inf (97) 10 §30 CPT/Inf (2009) 27 §84

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Како се обезбедуваат информациите за правата и за процедурите (постери, брошури и друг материјал)?
- Дали задржаните лица системски добиваат документ во кој се објасните процедурите релевантни за нив и во кој се посочени нивните права на јасен и едноставен начин?
- Дали е достапен бесплатен, квалификуван и непристрасен толкувач?
- На кои јазици се достапни прописите на установата? Дали се достапни и за лица што се неписмени?

8 Задржаните лица можат да му се јават на семејството и правниот застапник насамо

Извори: BPP 16(1), 19; SMR 37; WGAD-D5 P2; RPJDL 61; PBPPDLA XVIII; CPT/Inf (97) 10 §31

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали задржаните лица се информирани за своите права и им е дозволено да стапат во контакт со семејството и со правниот застапник? Како?
- Дали имаат на располагање телефони и дали се тие бесплатни? Дали се

дозволени меѓународни повици? Колку често?

- Дали во регистарот се евидентира дали бил воспоставен контакт, како и времето и датумот? Дали им е обезбедена приватност, кога се на телефон?

9 Задржаните лица можат да стапат во контакт со УНХЦР и/или конзуларна канцеларија или дипломатска мисија насамо и бесплатно, а овој контакт соодветно се евидентира

Извори: CMW 16(7); ASP 16(5); BPP 16(2); SMR 38; RPJDL 56; EU-RD 18.2 (b); UNHCR-DG 8 (vii); WGAD-D5 p.2; OHCHR-TG 6(3); PBPPDLA V; CPT/Inf (97) 10 §31; CPT/Inf (2009) 27 §83, 87

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали задржаните лица се информирани за своите права и дали им е дозволено да стапат во контакт со УНХЦР и/или конзуларна канцеларија или дипломатска мисија? Како?
- Дали имаат на располагање телефони? Дали се бесплатни? Колку често задржаните лица можат да се јавуваат?
- Дали регистарот го евидентира контактот со УНХЦР и/или конзуларна канцеларија или дипломатска мисија, вклучително и времето и датумот?
- Дали постојат воспоставени мерки за заштита на бегалците и барателите на азил од контакт и посети од властите на нивната земја на потекло или вообичаено место за престој?
- Дали управата на центарот за задржување е свесна за специјалната рамка за заштита за барателите на азил и бегалците во таа смисла?

10 Правниот советник, УНХЦР и/или други организации со соодветен мандат веднаш се известуваат за задржувањето

Извори: CRC 22(b); SMR 38; WGAD-D5 p.10

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали управата има ажуриран список на релевантни стручни лица со кои можат да стапат во контакт?
- Дали УНХЦР и други релевантни актери рутински се известуваат за новодојдените лица?
- Дали информациите во врска со пристапот до правен советник и/или УНХЦР, или други организации со соодветен мандат се достапни за задржаното лице?

4.1.4 Трансфер(и)

Задржаните лица можат да бидат префрлени од едно место за задржување во друго или да бидат отстранети/ослободени од установата. Без разлика на причините за трансферот, тој мора да се изведе на достоинствен начин и во согласност со релевантните процедури. Ова вклучува информирање на задржаните лица пред да се случи трансферот и пред тие да бидат префрлаат, и да им се даде доволно време да го информираат своето семејство и правните советници.

1 Задржаните лица адекватно се известуваат за планираните трансфери, а деталите и причините за трансферот соодветно се евидентираат

Извори: ICPPED 18(1)(d); SMR 44(1), (3); RPJDL 21, 22; BPP 16(1); PBPPDLA IX(4)

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали се информирани задржаните лица за планираните трансфери? Дали информациите што ги добиваат се точни?
- Дали се евидентирани датумот, времето и целта на трансферот?
- Колку однапред се известува задржаното лице?
- Дали задржаните лица можат да ја оспорат одлуката за трансферот?
- Како задржаните лица можат да го информираат својот правен застапник однапред за трансферот?
- Дали задржаните лица имаат можност да стапат во контакт со семејството, да ги спакуваат своите работи и да се подготват за трансферот?
- Проверете дали имало трансфери на задржани лица во последен момент пред најавените посети (од лица што вршат мониторинг, инспектори, адвокати, и др.).

2 Трансферите се спроведуваат на безбеден и достоинствен начин, под соодветни услови и земајќи ја предвид ситуацијата на лицата со посебни потреби, како што се децата, бремените жени, постарите лица и лица со попреченост

Извори: PBPPDLA IX(4); EPR 32

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Како се врши трансферот (возила, автобуси)?
- Кој е одговорен за трансферот? Дали има специјализиран персонал за придружба?
- Дали се користат средства за совладување (лисици или друго)?
- Дали транспортот што се користи е сигурен, чист и пријатен? Дали е во присуство на лекар или квалификуван здравствен работник? Што ќе се случи во случај на итен медицински случај?
- Дали се користат возила во кои задржаните лица нема да бидат изложени на погледи однадвор додека ги префрлуваат?
- Колку често и на колку соодветен начин се застанува во текот на транзитот/трансферот (тоалет, одмор, преспивање, време за молитва, игра за децата)?
- Дали мажите, жените и децата се транспортираат одвоено (освен ако не се во сродство)?
- Дали има заштита од сексуални напади за време на трансферот?
- Дали се направени соодветни аранжмани за лицата со посебни потреби (на пр., деца, бремени жени, постари лица, лица со попреченост)?
- Дали трансферите влијаеле врз пристапот до процедури, советници, УНХЦР, семејството или социјалните мрежи?
- Дали лицата што вршат мониторинг имаат пристап до лицата што се префрлаат?

4.1.5 Пристап до процедури за азил/заштита

Недостигот на пристап до правични и ефикасни процедури за азил/заштита го зголемува ризикот од пролонгирано и непотребно задржување и враќање. Пристапот до такви процедури, исто така, има директно влијание врз тоа како задржаните лица искусуваат задржување од имиграциски причини, особено поради ефектот што го има врз чувството за сигурност и безбедност.

Во секое место на задржување треба да има унифицирани протоколи, кои ќе обезбедат лицата да добијат совет за своите права и да можат да ги искористат процедурите за азил/заштита и имиграција, доколку сакаат.

Ова треба да се прочита во врска со правото на пристап до адвокат (види 4.1.2 горе).

1 Лицата задржани од имиграциски причини се информираат за нивното право да бараат азил, да имаат пристап до други форми на заштита и да имаат ефективен пристап до овие процедури кога е потребно тоа

Извори: UDHR 14; UNHCR-DG 1; ACHR 22(7); ACHRP 12(3); CFREU 18; CRC 22; ASP 19; ATP 14

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали задржаните лица се информирани за нивното право да поднесат барање за азил или другите форми на заштита, какви што се процедурите за утврдување бездржавјанство и комплементарните или супсидијарните форми на заштита?
- Како им се стават на располагање овие информации на задржаните лица?
- Дали постојат механизми за идентификување на лицата на кои им треба заштита?
- Дали процедурите за азил/заштита се достапни и им се на располагање на лицата задржани од имиграциски причини?

2 Лицата имаат на располагање информации за други процедури за имиграција

Извори: ATP 6(2)(a); BPP 13

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали задржаните лица добиваат информации за сите можности што им се на располагање (како што се доброволни враќања, дозвола за привремен престој или процедури за повторен прием)?
- Дали лицата задржани од имиграциски причини кои се жртви на трговија имаат пристап до важечките процедури (на пр., азил, заштита на сведок, визи за период за размислување, друго)? Како?
- Какви процедури постојат за да се идентификуваат лицата што се жртви на трговија?

3 Лицата задржани од имиграциски причини имаат адекватен и ефективен пристап до информации

Извори: BPP 10, 11(2), 13; ATP 6(2)(a), 6(3)(b); PBPPDLA V, IX(1); CPT/Inf (2009) 27 §93

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали лицата задржани од имиграциски причини се соочени со задоцнето добивање известување, документи за поднесување жалба и присуство на претреси поврзани со задржувањето?
- Дали персоналот во местото на задржување го олеснува присуството на задржаните лица на интервјуата, прегледите и на претресите по жалбите? Дали задржаните лица добиваат соодветни обрасци за жалби за да ги искажат своите потреби и доволно време за да ги пополнат? Дали се гарантира доверливоста?
- Дали временските ограничувања за поднесување барање за азил/заштита се приспособени (продолжени) на тој начин што ќе можат да го земат предвид фактот дека лицата се лишени од слобода?

4.1.6 Барања и жалби

Во сите места на задржување постои потреба од интерни процедури за барања и жалби, кои се лесно достапни, како и надворешни процедури за да се достават доверливи барања и жалби без цензура. Задржаните лица треба да бидат информирани за овие процедури и да разберат како да дојдат до нив. Оттука, ефективната процедура за жалби на задржаните лица ќе им обезбеди средства за дискусија или согласност за секој аспект од нивните услови во рамките на задржувањето од имиграциски причини. Тоа треба да биде особено јасно и правично, да се почитува приватноста и доверливоста и да се обезбедат конкретни резултати за задржаните лица.

1 Задржаните лица можат да се осврнат на секој аспект од својот престој во центарот за задржување од имиграциски причини преку интерна доверлива процедура за жалби

Извори: SMR 35, 36(1); RPJDL 72-78; PBPPDLA VII; EPR 70.1

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали постои и дали е достапна интерна процедура за жалби?
- Дали се почитуваат приватноста и доверливоста? Како?
- Колку жалби се поднесени во изминативе 3/6/12 месеци?

- Колкав е овој број во споредба со просечниот број на лица што се наоѓа во центарот за задржување?
- Какви мерки постојат за да се одговори на овие жалби?

2 Задржаните лица имаат пристап до надворешна доверлива процедура за жалби

Извори: BPP 33; SMR 36; RPJDL 75-76; PBPPDLA VII

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали постои и дали е достапна надворешна процедура за жалби?
- Дали се почитуваат приватноста и доверливоста? Како?
- Дали неписмените задржани лица или оние што зборуваат странски јазици во практиката можат да поднесат жалби?

3 Секое барање или жалба непристрасно се истражува и брзо се решава и се одговара на неа без непотребно одлагање

Извори: BPP 7, 33(4); SMR 36(4); PBPPDLA VII

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали процедурите за барања и жалби се усогласени со стандардите за правичност и правда? Дали се транспарентни? Дали се непристрасни?
- Дали на жалбите се добива навремен одговор, кој се осврнува на суштината на жалбата?
- Кој е најчестиот исход?
- Во колкав процент од жалбите е одлучено во корист на жалителот?

4 Задржаните лица не страдаат од заплашување, казни и одмазда затоа што поднеле барање или жалба

Извори: BPP 33(4); EPR 70.4

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали задржаните лица биле заплашувани и обесхрабрувани да не поднесуваат жалби?
- Дали имало пријави или наводи за заплашување, казни, одмазда или репресалии?

4.1.7 Ослободување и дополнителна грижа

Во затворскиот систем датумот на кој лицето треба да биде ослободено е општо познат и може да биде планиран од страна на затвореникот и неговата мрежа за поддршка. Во контекст на задржувањето од имиграциски причини, крајот на задржувањето е многу помалку јасно определен. Задржаните лица ретко знаат однапред кога ќе бидат ослободени, дали ќе бидат ослободени во заедницата домаќин или дали од нив ќе се бара да се вратат во својата земја на потекло или поранешна земја на вообичаено место за престој или да се вратат или да патуваат во трета земја. Како што поминува времето, лицата задржани од имиграциски причини честопати не знаат дали се приближуваат кон иднината на која се надеваат или кон онаа од која се плашат. Како резултат на тоа, како се приближува крајот на задржувањето, нивото на стрес и нервоза кај нив може да порасне, наместо да се намали. Во врска со ова важно е да се запомни дека задржаните лица што се ослободуваат можат да веруваат дека она што им се случува е, всушност, нивно отстранување. Затоа е од голема важност со процедурите за ослободување, отстранување и депортација да се управува на достоинствен, чувствителен и хуман начин. Без разлика на крајниот исход , лицето задржано од имиграциски причини треба да биде во позиција да се интегрира во општеството домаќин или повторно да се интегрира во својата земја на потекло или поранешно вообичаено место за престој.

1 Задржаните лица се адекватно подготвени за своето ослободување и за живот во заедницата домаќин

Извори: SMR 60(2), 61, 64

RPJDL 53, 79, 80

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Како се информираат задржаните лица за своето ослободување? Дали добиваат адекватно известување?
- Дали ослободените задржани лица добиваат соодветни лекови доколку се на третман, како и дали го добиваат здравствениот картон доколку им е потребен, како и листа со релевантните социјални/здравствени услуги? Дали се упатуваат на овие служби кога се смета дека е тоа соодветно?
- Дали се подготвува план за ослободување во случаи кога лицето се ослободува во здравствена/психијатриска установа?
- Дали социјалните/здравствените служби во земјата домаќин се опремени за да можат да се грижат за ослободените барателите на азил и за мигрантите?
- Дали ослободените задржани лица се поврзани со правни советници и/

или локални групи за поддршка?

- Дали лицата што се ослободуваат добиваат соодветна документација за да се спречи повторно задржување?

2 Постои стандардна и евидентирана процедура за ослободување

Извори: SMR 7(1)(c), 43; RPJDL 21(c), (d), 22

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали се почитува процедурата? Дали има исклучоци? Зошто?
- Како им се враќаат предметите во лична сопственост на задржаните лица (вклучително и готовината)?
- Дали има време да се проверат предметите во лична сопственост што им се враќаат со листата што била направена при пристигнувањето?
- Дали се известени однапред семејствата на задржаните лица? Како и колку време однапред? Дали е обезбеден безбеден превоз за задржаните лица и/или семејството?

4.1.8 Процедури за отстранување, депортирање и репатријација[63]

Практиките на отстранување и депортирање може да резултираат во сериозни повреди на човековите права, па дури во некои случаи и со смрт на лицето што е задржано, доколку не се обезбеди соодветна заштита за властите да постапат на безбеден и достоинствен начин. За време на процедурите за депортирање, задржаните лица се особено ранливи и изложени на ризик од малтретирање и мачење[64]. Мониторингот на практиките на отстранување и депортирање може да послужи како важна заштита против малтретирањето и враќањето. Од клучна важност е примената на сила и средства за совладување да биде јасно утврдена и следена.

Исто така, важно е процедурите да се применуваат на начин со кој се покажува почит, чувствителност и човечност и да тоа да биде во безбедни и достоинствени услови. Лицата задржани од имигрициски причини треба соодветно да бидат известени за депортирањето или отстранувањето и да им се даде разумна можност да се подготват за тоа. Исто така, процедурални заштити се потребни за да се обезбеди налозите за отстранување да не ја повредат забраната на враќањето.

Овој дел треба да се чита во врска со правото на пристап до адвокат (дел 4.1.2.), пристап до азил/заштита или други имигрициски процедури (види дел 4.1.5.), како и во врска со средствата за совладување и примена на сила (види дел 4.2.3).

1 Лицата задржани од имигрициски причини добиваат соодветно известување за отстранување и депортирање, вклучително и за причините и за дестинацијата[65]

Извори: BPP 16; PBPPDLA V; CPT/Inf (2003) 35 §41; CPT/Inf (2009) 27 §95; CoE-TGFR 4, 15; EU-RD 8.3 (d)

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Кога, каде и како лицата задржани од имигрициски причини добиваат известување за нивното отстранување? Дали се дава на начин или во формат што можат да го разберат?
- Кога се спроведуваат отстранувањата/депортирањата? Во кој дел од денот, на кој датум и во кои околности биле извршени последните отстранувања/депортирања (на пр., навечер, викенди, работни денови, државни празници)? Проверете особено ако има некои контроверзни отстранувања и реакции на задржаните лица.
- Проверете дали има некакви безбедносни проблеми (како, на пример, отстранување во области каде што трговците со луѓе се прикрадуваат во чудни времиња од денот или на опасни локации).
- Дали задржаните лица се информирани за причините за отстранување/депортирање?
- Дали на задржаните лица им е дадена шанса да направат подготовки пред заминувањето, како на пример, да стапат во контакт со членови на семејството, организации за помош во реинтеграцијата и интернет-пристап за да им се помогне да направат подготовки при пристигнувањето?

2 Задржаните лица добиваат соодветно време да ги информираат своите адвокати, посетители волонтери и семејството и пријателите за тоа кога ќе бидат отстранети/депортирани или репатрирани од земјата

Извори: BPP 16; PBPPDLA V; CPT/Inf (2003) 35 §41; CoE-TGFR 15

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали лицата задржани од имигрициски причини имаат доволно време да стапат во контакт и да ја информираат својата мрежа за поддршка (адвокат, семејство, пријатели и други задржани лица)? Како (телефон, електронска пошта, факс, итн.)? Дали се охрабрени да постапат така?
- Дали се преземени претходни мерки за да им се помогне на задржаните лица да го организираат своето враќање, особено во делот на семејството, работата и на психолошко ниво?

3 Воспоставени се системи за да се обезбеди лицата задржани од имиграциски причини да бидат прегледани од здравствени работници (пред и за време на депортирањето), да бидат способни за патување и да им се вратат личните предмети[66]

Извори: SMR 43; RPJDL 35; CoE-TGFR 16; CPT/Inf (2003) 35 §39

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали лицата задржани од имиграциски причини се прегледани од здравствени работници пред отстранувањето/депортирањето? Дали е ова заведено во регистарот?
- Дали е предвиден навремен пристап до советување и друга поддршка во подготовката за депортирање или отстранување?
- Дали се помогнати од психолози и социјални работници, кои се одговорни за подготовка на лицата задржани од имиграциски причини за нивното депортирање?
- Дали им се враќаат на задржаните лица предметите што се во нивна сопственост пред заминувањето? Дали можат да ги земат?
- Дали е присутен лекар или здравствен работник за време на процесот на депортирање?

4 Постојат процедурални заштити за да се обезбеди налозите за отстранување и депортирање да не ја прекршуваат забраната за враќање[67]

Извори: CSR 33; CAT 3; CRC 22; OAUR II(3); CoE-TGFR 2(3); ACHR 22(8); CPT/Inf (2003) 35 §30; CPT/Inf (2009) 27 §93-95; EU-RD 8.3(d)

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали задржаните лица имаат пристап до сите достапни процедури, вклучително и процедурите за жалба и ревидирање?
- Дали постои посебен регистар за налозите за отстранување/депортирање? Дали тоа вклучува запис за тоа што се случило во текот на секое отстранување/депортирање?
- Дали сите барања за азил/заштита биле целосно и индивидуално утврдени/проценети пред спроведувањето на налозите за отстранување?

5 Наводите за напад на задржаните лица, вклучително и за прекумерна употреба на сила, поткрепени со медицински докази, темелно се истражуваат заради евентуално поднесување на обвинение[68]

Извори: CCLEO 8; PBPPDLA XXIII(3); CPT/Inf (2003) 35 §32-40; CoE-TGFR 19

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали има некакви жалби или наводи за прекумерна употреба на сила? Како било постапено?
- Кои методи за совладување биле применети? Проверете го овластувањето, неопходноста, надзорот, лекарскиот надзор, видот на сила или начинот на совладување што се користи.
- Што се случува со децата што не се отстрануваат? Дали е можно да се среди тие да се обединат со други членови на семејството што се отстрануваат?

6 Персоналот за придружба се однесува со почит кон задржаните лица и има поминато посебна обука

Извори: ICCPR 10(1); BPP 1; CPT/Inf (2003) 35 §42[69]

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали персоналот за придружба поминал низ посебна обука? Каков вид обука?
- Дали меѓу персоналот има жени?

4.2 ПОСТАПУВАЊЕ И ЗАШТИТА

Во секое место за задржување, задржаните лица се ранливи во однос на државата и оние агенти што се директно одговорни за нивното задржување. Како такви, секогаш постои ризик дека лицата задржани од имиграциски причини можат да бидат мачени (како ментално така и физички) или малтретирани додека се задржани. Нечовечното или понижувачко постапување може да произлезе, на пример, преку малтретирање, каква што е злоупотребата на дисциплински мерки и санкции/одмазда, несоодветната употреба на методи на совладување или прекумерната примена на сила. Исто така, тоа може да произлезе и од многу лошите услови во притворот или од употребата на самица.

Дополнително на овие ризици од мачење и друго несоодветно постапување во местото на задржување, лицата што вршат мониторинг, исто така, треба да бидат свесни дека барателите на азил и мигрантите што се задржани може да биле подложени на различни облици на несоодветно постапување пред нивното

заминување од својата земја и/или пред задржувањето, за време на апсењето или трансферот. Како жртви на такви злоупотреби, на барателите на азил и на мигрантите што се задржани им е потребна посебна грижа и внимание од властите, но исто така, и од лицата што вршат мониторинг во текот на нивната интеракција со нив.

Од суштинска важност е сите области на примена на задржувањето од имигрициски причини да се соодветно регулирани и администрирани и проследени од потребните гаранции и заштита. Исто така, мора да постојат делотворни правни лекови, достапни за лицата задржани од имигрициски причини кои се жртви на мачење или друго несоодветно постапување; правни лекови што вклучуваат прекин на повредата, надомест, репарации и мерки за спречување на повторувањето.

4.2.1 Мачење или друго несоодветно постапување[70]

Мачењето и несоодветното постапување, во минатото или сега, се едни од најтешките проблеми за решавање во местата на задржување.

Мачењето и несоодветното постапување се апсолутно забранети и никогаш не можат да бидат оправдани со никакви околности.

Мачењето и несоодветното постапување можат да се случуваат во различни облици, вклучително на пример, и како сексуално злоупотребување или лишување од храна, сон или комуникација. Важно е да се биде свесен дека постојат практики поради кои не е лесно да се откријат случаите на мачење и другите форми на несоодветно постапување, кои можат да предизвикаат долгорочни психолошки последици. Жртвите на мачење и/или несоодветно постапување можат да страдаат од траума, депресија и други емоционални или психолошки последици.

Во овој контекст, важно е да се препознае дека лицата задржани од имигрициски причини може да биле жртви на мачење или несоодветно постапување во различни моменти: во нивната земја на потекло, за време на нивното имигрициско патување, за време на апсењето или трансферот во земјата што им е дестинација, како и во самото место на задржување. Самото задржување може да влоши некои од симптомите на жртвите.

Затоа разговорите насамо се многу деликатен момент. За жртвата на мачење или траума зборувањето за тоа што му/ѝ се случило може да биде крајно вознемирувачко или понижувачко искуство, и тимовите за мониторинг треба да бидат особено чувствителни на ова. Ова значи развивање на чувство кога да сопрат или да го прекинат разговорот, колку длабоко да навлегуваат и кога да го упатат на специјалистичка интервенција. Тоа, исто така, значи да се биде јасен со задржаното лице за тоа што тимот за мониторинг може да направи со информациите,

и барањето жртвата да даде согласност.

Освен ако телото што врши посета нема судски или вонсудски овластувања, треба да ги упати, со согласност на лицето, неговите наводи за мачење или несоодветно постапување до релевантните власти за управна или кривична истрага.

Конечно, од клучна важност е да се има на ум принципот на неврaќање, кој им забранува на државите да вратат некое лице во место каде што ќе биде соочено со ризик од прогон, мачење или други форми на сериозни или непоправливи повреди. Овој принцип е широко препознаен како правило на обичајното меѓународно право.

1 Ниедно лице што е задржано од имиграциски причини не се подложува на мачење или сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување, вклучувајќи и почитување на принципот на неврaќање

Извори: UNCAT 2, 16; ICCPR 7; CSR 33; CMW 10; SMR 27, 31; ACHR 5(2); ACHRP 5; IACPPT 1, 6; CPT/Inf (2009) 27 §93-95

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали задржаните лица се жалат на начинот на кој било постапувано со нив во местото на задржување?
- Дали постојат наводи за мачење или несоодветно постапување за време на апсењето или на трансферот?

2 Постои протокол за справување со случаи кога задржаното лице ќе обелодени информации за претходно несоодветно постапување, мачење или суровост

Извори: CPT/Inf (2009) 27 §96

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали историјата за случајот вклучува сеопфатна проценка на мачењето/траумата?
- Дали задржаните лица имаат планови за згрижување во случај на мачење и трауми (број содржина, спроведување)?
- Какви статистички податоци се достапни во врска со оние што се идентификувани дека искусиле мачење и/или траума?
- Дали постои соодветна поддршка за децата во овие околности?

3 Првиот лекарски преглед на лицата задржани од имиграциски причини е усогласен и чувствителен на можноста дека задржаното лице може да било жртва на мачење или траума

Извори: ICCPR 10(1); BPP 24; SMR 24; PBPPDLA IX(3); CPT/Inf (2009) 27 §96

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали задржаните лица имаат извршено лекарски преглед при пристигнувањето? Дали е присутен квалификуван толкувач?
- Дали здравствените работници се обучени за работа со жртви на мачење и несоодветно постапување?
- Дали постои медицинска евиденција? Дали специфичните случаи се заведени во посебен регистар?

4 Постои протокол за одговор на актуелните тврдења за мачење или несоодветно постапување

Извори: BPP 7, 33; RPJDL 72-78, 87; CPT/Inf (2009) 27 §96

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали регистарот со претставки открива жалби за мачење или несоодветно постапување? Ако е така, какви биле одговорите, неодговарањето и дополнителните активности?
- Дали наводите за мачење или несоодветно постапување се истражуваат веднаш и на ефективен начин?
- Дали се гарантира доверливоста на претставките? Како?
- Дали постојат докази за санкции/одмазди по претставките?

5 Кога ќе се изнесе навод за мачење или несоодветно постапување, жртвата се прегледува физички и психолошки од страна на независен здравствен работник колку што е можно поскоро

Извори: BPP 24; CPT/Inf (2009) 27 §96

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали постои список на независни здравствени работници?
- Дали здравствените работници имаат добиено конкретна обука за документирање на мачењето или на несоодветното постапување?

4.2.2 Изолација и самица

Изолацијата е мерка со која едно лице (или група лица) се издвојува од другите задржани лица и има ограничен или нема никаков контакт со нив и со надворешниот свет[71]. Таквите мерки можат да се користат како дисциплинска казна или како мерка за управување со однесувањето (во случај на самоповредување или на ризик од самоубиство). Тие, исто така, се користат за безбедносни цели, како што е одвојување на лица од ЛГБТИ заедницата (види: 4.8.9). Одделувањето секогаш треба да претставува последна опција, кога е тоа строго неопходно за да се избегне сериозна или непосредна опасност од самоповредување , повредување на други или уништување имот, и треба да трае најкратко можно време. Меѓутоа, во некои ситуации изолацијата се користи како техника за инхибирање или спречување на пристап на страна на поединци или групи лица со правен совет, роднини и пријатели или други извори на надворешен совет и поддршка.

Изолацијата, особено во случај на пролонгирана самица, може да претставува сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казна, или дури и да достигне ниво на забранет чин на мачење[72]. Затоа, изолацијата треба внимателно да се разгледа и да се анализира од тимовите што вршат мониторинг.

1 Примената на изолацијата/самицата е регулирана и се користи како последно средство и на многу кратко време

Извори: BPTP 7; SMR 31; BR 21(b); RPJDL 67; PBPPDLA XXII(3); EPR 60.5

Совети за лицата што вршат мониторинг

- За што се користи одделувањето или изолацијата (како казна, управување со однесувањето, заштита, поради ризик од самоубиство или самоповредување)?
- Колку задржани лица биле изолирани во одреден временски период? Каде е изолирано лицето?
- Дали се изолирани малолетници?
- Дали се изолирани други лица што се во ранлива состојба?
- Кое е просечното времетраење на изолацијата?
- Кои се условите за инструментот на изолација и дали е во согласност со хуманите услови на задржувањето?
- Дали постојат алтернативни решенија на изолацијата?

2 Одлуката за изолирање на едно задржано лице или група задржани лица е вонредна мерка, донесена врз јасни основи, и е предмет на независна ревизија

Извори: PBPPDLA XXII(3); RPJDL 67; SMR 30(2)(3)

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Која е процедурата за изолацијата? (Кој одлучува? Врз основа на што?)
- Дали лицата задржани од имиграциски причини се информирани за причините за одлуката да бидат изолирани на начин што го разбираат?
- Дали постои регистар за изолацијата?
- Колку често лицата што се во изолација ги прегледува лекар?
- Дали постои жалбена постапка?

3 Изолацијата на задржаното лице подложи на ефективен дневен мониторинг, вклучително и од независен лекар, на неговата физичка, емоционална и психолошка состојба

Извори: SMR 32; SR Torture §100

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Каква е процедурата за мониторинг?
- Дали тимот за мониторинг има пристап до лицата во изолација?
- Дали изолираните задржани лица секојдневно ги проверува лекар?
- Дали изолираните задржани лица бараат да ги види лекар?

4 Се почитуваат правата и привилегиите на изолираните задржани лица

Извори: ICCPR 10 §1; SMR 35

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали со изолацијата или разделувањето биле компромитирани некои од процедуралните права на задржаното лице?
- Какви ограничувања или рестрикции постојат, ако постојат, во однос на правата што ги уживаат другите задржани лица?

4.2.3 Средства за совладување и употреба на сила

Во контекст на задржувањето од имиграциски причини, од витална важност е персоналот и службениците на органите на прогонот да го сфатат и да го почитуваат статусот на лицата задржани од имиграциски причини кој не е кривичен, како и фактот дека не се задржани за казна.

Физичките средства за совладување, какви што се лисиците или, во вонредни околности, примената на сила, во овој контекст треба да се ограничат со закон и да се применуваат само кога е тоа строго неопходно, разумно и сразмерно на легитимната цел за одржување на безбедноста и редот во местото каде што се задржани лицата или кога постои закана по личната безбедност или оштетување на имот. Хемиските или медицинските облици на совладување се, генерално, незаконски.

Употребата на вакви средства врз деца мора да е јасно забрането, освен ако не се процени и не се утврди дека е тоа во најдобар интерес на детето.

---

1 Примената на сила врз лицата задржани од имиграциски причини е само во вонредни услови и строго мора да биде во согласност со закон, ограничено на употреба во самоодбрана или други мерки што се неопходни за да се заштити животот и безбедноста

Извори: SMR 54(1); BPUFF 4; PBPPDLA XXIII; EPR 64, 65, 66

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали постои законска рамка и прописи за примената на сила конкретно во контекст на задржувањето од имиграциски причини? Дали со нив е запознаен персоналот?
- Каков вид обука има добиено персоналот во однос на употребата на овие мерки?

---

2 Кога ситуацијата бара примена на сила, местото на задржување им дава приоритет на напорите за смирување на ситуацијата со ненасилни стратегии за управување со конфликт

Извори: BPUFF 4; PBPPDLA XXIII(2)

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали обуката за персоналот вклучува и стратегии за смирување на напнати ситуации?
- Дали има примери кога тоа се покажало како ефективно?
- Како одговорил персоналот при управувањето со кризата?

3 Своеволната, нападна или прекумерната употреба на сила на некој друг начин од страна на службениците на органите на прогонот претставува кривично дело

Извори: BPUFF 7; PBPPDLA XXIII(3); EPR 69

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали персоналот носи и користи оружје (огнено оружје или пендрек)? Доколку носи, што носи? Дали е персоналот обучен да користи оружје?
- Дали персоналот може да биде идентификуван по име или по број?
- Дали постојат други докази на прекумерна или несразмерна употреба на сила?

4 Употребата на сила е целосно документирана и евидентирана во регистарот на инциденти и во досиејата на поединечните случаи, а постојат и процедури за ефективен преглед

Извори: SMR 54(1); BPUFF 6, 22; PBPPDLA XXIII(3)

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Како се евидентираат случаите на употреба на сила? Дали има воспоставен процес на преглед?
- Кога се применува сила врз задржаните лица? Каде? Зошто?
- Кој е процесот за упатување за лекарски преглед?

5 Употребата на какви било инструменти или методи за совладување експлицитно е во согласност со законот и со прописите

Извори: UNCAT 16; PME 5; SMR 33, 34; RPJDL 63-65; PBPPDLA XXIII(1); EPR 68; BR 21(c)

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Кои политики и прописи се воспоставени во врска со употребата на средства за совладување?
- Употребата на средства за совладување е ограничена на: а) спречување незаконско бегство за време на трансфер; б) медицински основи; в) спречување повреди, самоповредување, оштетување имот.
- Каков вид совладување се користи? Физичко, вклучително и лисици? Хемиско?
- Дали се користат средства за совладување за време на трансферот или депортирањето/отстранувањето?

- Дали средствата за совладување се користат за време на надворешни лекарски или стоматолошки прегледи или третман (на пр., пораѓање на жена), интервјуа или претреси?
- Дали има некакви докази за примена на средства за совладување врз деца или бремени жени?

---

6 Примената на средства за совладување е предмет на мониторинг и задржаните лица ги прегледува лекар, кога постои индиција за тоа

Извори: SMR 34; BPUFF 5(c); PME 5

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Кој врши мониторинг на примената на средствата за совладување (проверете ја управата, лекарот, судската анализа)?
- Која е постапката за да се упати некој да биде прегледан од лекар?

4.3 БЕЗБЕДНОСТ, РЕД И ДИСЦИПЛИНА

Иако е од огромна важност да се одржува безбедноста, предвидливоста и редот во местото на задржување од имиграциски причини, правилата и дисциплинските постапки треба да бидат полесни и соодветни на статусот на лицата задржани од имиграциски причини кои не се кривично осудени.

Исто така, за да се обезбеди безбедност и ред во животот во заедница, од витална важност е да се обезбеди постоењето на адекватни механизми за отчетност. Ова вклучува стандардите и ограничувањата да бидат уредени со закон или законска регулатива, одлуките да подложат на преглед и да постои програма за редовна и ригорозна инспекција.

Оттука, тимовите за мониторинг ќе се фокусираат на анализа на институционалните заштити и одговори и на потребата да се испитаат причините и ефектите од проблемите, какво што се малтретирањето и виктимизацијата.

4.3.1 Дисциплински постапки

Во контекст на задржувањето од имиграциски причини, крајно пожелно и корисно е за ефективно одржување на безбедноста и добриот ред однесувањето на задржаните лица најпрво и, пред сè, да се управува преку шема што го наградува соодветно доброто однесување, наместо да го казнува неприфатливото однесување. Сепак, за тимовите за мониторинг важно е секогаш да имаат на ум дека во практиката шемите за наградување можат брзо да станат казнени,

доколку со нив не се управува соодветно, а наградите се даваат или се повлекуваат на своеволен начин.

Од клучна важност е тимот да ги согледа разликите меѓу дисциплинскиот систем во контекст на затвор и интерните правила во еден центар за задржување оди имиграциски причини. Регистарот во кој се заведени сите повреди на интерните правила и процедури и санкции што следуваат треба да се разгледа во ова светло.

1 Дисциплината и редот се одржуваат во согласност со правилата и во опсегот што е неопходен за безбедно задржување и добар ред во животот во заедницата

Извори: SMR 27; BPP 30; PBPPDLA XXIII(1); CPT/Inf (2009) 27 §88; EPR 56.1, 2; 57.1, 2

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали интерните правила се јасни и достапни на повеќе јазици?
- Дали интерните правила се изложени во заедничките простории и со нив се запознаени задржаните лица и персоналот?
- Кој вид однесување привлекува каков вид дисциплинска мерка?
- Дали се утврдени со закон или со законски пропис?
- Кој ги одредува санкциите и врз основа на што?
- Која е природата на санкциите што се изрекуваат?
- Дали задржаното лице има можност да се брани?

2 Дисциплинските процедури се предмет на ревизија и жалба

Извори: PBPPDLA XXII(1); CPT/Inf (2009) 27 §88

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Како функционира механизмот на жалби?
- Дали некоја жалба резултирала со поволен исход за задржаното лице?

3 Во дисциплинскиот регистар се евидентираат деталите од сите дисциплински мерки, вклучително и податоци и детали од наводни дисциплински прекршоци, датум и детали од ревизијата и причините за одлуката, датум, детали и времетраење на дисциплинската мерка што е изречена

Извори: RPJDL 19, 70

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали е прецизен и добро воден регистарот на дисциплински мерки?
- Каква е природата и времетраењето на санкциите (типови, просечни и најдолги)? Дали се дисциплинските мерки временски ограничени?
- Колкав е вкупниот број санкции? Дали постојат некакви докази за своеволно или недоследно одлучување?

4 Дисциплинските санкции што се применуваат на деца се приспособени на нивните посебни околности и на ранливоста

Извори: CRC 37(a); RPJDL 70

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали има примери на примена на дисциплински постапки врз деца (број, период)?
- Какви мерки биле преземени?

4.3.2 Надворешна инспекција

Системите за надворешна инспекција се неопходни заради заштита на правата на лицата задржани од имиграциски причини. Треба да постои механизам за редовна независна инспекција и надзор на управите на местата за задржување од имиграциски причини и на постапувањето со задржаните лица. Опсегот на инспекциите треба да ги опфати сите аспекти на задржувањето од имиграциски причини.

1 Постои редовен надзор и инспекција на местата за задржување од имиграциски причини и на нивната управа од надлежен орган различен од органот што го врши задржувањето

Извори: BPP 29(1); SMR 55; RPJDL 14, 72-74; PBPPDLA XXIV; EPR 93.1

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Кој врши инспекции на местата за задржување од имиграциски причини? Со какво овластување?
- Колку често се прават инспекции?
- Кој е опсегот на инспекциите?
- Дали има извештаи од инспекциите?

2 Инспекторите се назначени од органот за инспекција/надзор и се одговорни пред него, а нивните овластувања вклучуваат инспекција на сите места за задржување и распит, и решавање н поплаки и жалби

Извори: BPP 29(1); SMR 36, 55; RPJDL 72-78

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Кој ги назначува инспекторите?
- Кој е составот на тимовите за инспекција (на пр., родова рамнотежа и професионални капацитети)?
- Кој е нивниот мандат и овластување?

3 Задржаните лица имаат право на слободна комуникација со инспекторите, како и тоа таа да биде во целосно доверлива

Извори: BPP 29(2); SMR 36(2); RPJDL 73; BR 25(1)

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали задржаните лица комуницираат слободно со инспекторите? Колку редовно? Кој е процесот?
- Дали се почитува приватноста и доверливоста?

4.3.3 Малтретирање и виктимизација

Малтретирањето и другите форми на виктимизација се облици на насилство што влијаат на опсегот на другите човекови права. Тие можат да бидат проблем на ниво на однос меѓу персоналот и задржаните лица, како и за односите меѓу персоналот и меѓу задржаните лица. Сите облици на малтретирање и виктимизација негативно влијаат во една затворена средина. Кумулативниот ефект или пропустот да се одговори адекватно може да достигне повреда на човековите права, вклучително и нечовечко или понижувачко постапување. Потребно е во сите случаи да се дејствува на соодветен начин.

1 Персоналот и задржаните лица се свесни дека малтретирањето и другите облици на виктимизација се забранети, ги знаат своите права и како да им пристапат

Извори: BPP 1; ICCPR 10

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали постои политика за малтретирање и виктимизација?
- Колку е раширен проблемот со малтретирањето и виктимизацијата?
- Дали постои обука за персоналот за малтретирање и виктимизација?
- Дали задржаните лица се инволвирани во развивање стратегии за справување со малтретирањето и со другите облици на виктимизација?
- Дали задржаните лица се заштитени од несакано сексуално внимание и додворување или експлоатација?

2 Персоналот е обучен да ги препознае и да одговори на инцидентите на малтретирање или виктимизација колку што е можно порано и да идентификува лица или групи што можат да бидат особено ранливи

Извори: PBPPDLA XX

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали персоналот ги користи забелешките и влезните информации од други – задржани лица, персонал, семејство и пријатели, други професионалци што доаѓаат во центарот – за да ги идентификува поединците или групите што можат да бидат особено ранливи на малтретирање или виктимизација?
- Дали персоналот може да ги идентификува и да ги намали тензиите меѓу задржаните лица од различни националности, етнички или религиозни групи?

- Дали е персоналот присутен во сите делови од местото на задржување на ниво што е соодветно за локацијата?

3 На наводите за малтретирање или виктимизација се одговара навремено, тие се соодветно истражени и обезбеден е соодветен правен лек

Извори: CoE-TGFR 10.6; SMR 36; RPJDL 76-77; PBPPDLA IX(3), V; BR 5(1); BPP 7.1, 33.4; UNHCR-DG 8, 9.3

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали во случаи на малтретирање или виктимизација од страна на персоналот се применуваат дисциплински постапки за персоналот?
- Како жртвите можат да се пожалат? Кои се резултатите?
- Дали наводите соодветно се документираат?
- Дали се почитуваат приватноста и доверливоста?

4.3.4 Справување со вонредни ситуации

Во секое место каде што лицата се лишени од својата слобода, вклучително задржување од имигрициски причини, постои потреба од подготвеност за вонредни ситуации. Причините за вонредни ситуации или криза можат да бидат интерни, екстерни, случајни, како резултат на негрижа, намерни или природни катастрофи. Во местото за задржување од имигрициски причини луѓето се лишени од својата слобода (понекогаш во голем број) и имаат мала можност да се заштитат во вонредна ситуација. Во некои земји политиките и практиките за задржување од имигрициски причини значат дека местата за задржување од имигрициски причини можат да бидат „експрес лонец" на стрес и нервоза, кој од време на време може да експлодира во протести, бунтови и други немири и чинови на насилство, вклучително и самоповредување.

1 Постои сеопфатна политика за подготвеност во вонредни ситуации на местото на задржување, која ги вклучува и персоналот и задржаните лица, и нејзиниот примарен фокус е да се обезбеди безбедност за лицата задржани од имигрициски причини, за персоналот и, ако ги има, и за посетителите

Извори: PBPPDLA XXIII(1)

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали дизајнот и структурата на установата за задржување од имигрициски причини го минимизира ризикот од пожар или други опасности (на пр.,

истекување хемикалии) и природни катастрофи (на пр., ураган, поплави) и обезбедува безбедна евакуација од објектите?

- Кое е влијанието на таквата политика врз секојдневниот живот?
- Дали е персоналот обучен за стратегии за управување со криза?
- Дали местото за задржување од имиграциски причини има соодветна опрема, како што се системи за алармирање, звучници и апарати за гасење пожар? Дали се тие достапни за употреба? Дали опремата редовно се тестира, дали е во добра состојба?
- Дали е персоналот обучен да ја користи оваа опрема?
- Дали постојат алтернативни системи за комуникација во случај редовните системи за комуникација да не можат да бидат употребени (на пр., поради прекини во напојувањето со струја)?
- Дали спроведувањето на политиката било ефективно во случај на неодамнешна вонредна ситуација или криза?

---

2 Постои можност да се донесе дополнителна поддршка, вклучително и персонал од службите за справување со вонредни ситуации, независни преговарачи и медицински персонал

Извори: CoE-TGFR 10.3

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали дополнителната поддршка е лесно достапна за кратко време?
- Дали била ефективна во случај на неодамнешна вонредна ситуација или криза?

---

3 Постојат јасни процедури за евакуација во вонредни ситуации и се прават редовни вежби за пожар и евакуација, а постојат и посебни одредби за лицата што се наоѓаат во особено ранлива состојба

Извори: RPJDL 32

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали редовно се тестира алармот, се прават вежби за пожар и други вежби за евакуација при вонредни ситуации?
- Дали децата и други конкретни ранливи групи имаат корист од дополнителната заштита?

4.4 МАТЕРИЈАЛНИ УСЛОВИ

Со лишувањето на лицето од слобода, државата ја презема одговорноста да му ги задоволи виталните потреби на лицето, како што се храната и сместувањето. Државата има одговорност колку што е можно повеќе да ја ублажи загубата на слободата со тоа што ќе обезбеди опкружувањето и условите каде што е задржано лицето да го почитуваат достоинството на задржаните лица и фактот дека не се кривично осудени. Ова значи „избегнување на употреба на затвори, казнено-поправни домови и установи што се проектирани и кои функционираат како затвори и казнено-поправни домови“ (УНХЦР ДГ 8), а „имиграциските установи да бидат проектирани конкретно за таа цел“ (Стандарди на КСТ, извадок од Седмиот извештај). Понатаму, треба да се води грижа при проектирањето и во структурата на објектите да се избегне, во рамките на можностите, секаков впечаток дека се работи за затворска средина. Ова значи дека и средината за задржување и животните услови мора да бидат пристојни од секој аспект. Како такви, сместувањето, санитарните услови, хигиената, водата за пиење, храната, облеката, постелнината, обезбедувањето и пристапот до предметите во лична сопственост мора да бидат обезбедени според адекватен стандард и на начин што е безбеден и го почитува достоинството на задржаните лица. Дополнително, дизајнот и физичкото опкружување во установите за задржување треба да обезбедат сите задржани лица да имаат адекватна приватност.

4.4.1 Сместување

Соодветното сместување е многу важно за задржаните лица, вклучително и барателите на азил и задржаните лица мигранти, кога се работи за материјалните услови на нивното сместување. Многу очигледно тоа има масовно влијание врз тоа како се чувствуваат тие, во зависност, меѓу другото, од типот и големината на сместувањето, колку е чисто, времето што го поминуваат таму, или можноста што ја нуди за да се одржи семејниот живот.

Во однос на децата, вклучително непридружуваните или разделените деца, барателите на азил и мигранти, од клучна важност е тие да се сместени издвоено од возрасните што не им се роднини.

Големината, природната или вештачката светлина, бројот на лица сместени во една просторија и мебелот се клучни работи што тимовите за мониторинг треба да ги проверат.

Со оглед на природата на задржувањето од имиграциски причини, задржаните лица не треба да бидат затворени во својата соба по цел ден, туку треба да можат да се движат слободно во рамките на установата.

1 Бројот на задржани лица не го надминува одобрениот максимален капацитет на легла во местото за задржување

Извори: SMR 9(1); PBPPDLA XVII

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Кој е официјалниот капацитет на местото?
- Која е стапката на пополнетост?

2 Големината на собата (собите) е адекватна и е наменета за едно лице, со исклучок во случаите на парови и семејства

Извори: SMR 9(1); PBPPDLA XII(1); CPT/Inf (97) 10 §29; EPR 18; 96

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Која е големината на просторијата (квадратни метри по лице)?
- Како се распоредуваат лицата по соби?
- Дали се земени предвид потребите на лицата во состојба на ранливост?
- Во случај на соби со повеќе лица, дали се земаат предвид културните/етничките/верските аспекти?

3 Сместувањето за спиење за сите лица задржани од имигрициски причини добро се одржува, безбедно е, чисто и со соодветен мебел

Извори: SMR 10; PBPPDLA XII(2); CPT/Inf (97) 10 §29; EPR 19.2; EU-RD Recital (18), (17)

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали децата, вклучително непридружуваните или разделените деца, се сместени издвоено од возрасните со кои немаат роднински врски?
- Дали сите задржани лица имаат свој кревет и душек и постелнина/ќебе?
- Како е опремена собата?
- Во случај на делење соба, дали задржаните лица имаат свое шкафче, кое можат да го заклучат?

4 Просториите имаат природна светлина и дозволуваат циркулација на свеж воздух

Извори: SMR 11(a); PBPPDLA XII(1)

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали има природна светлина во просторијата?
- Дали прозорците можат да се отворат?
- Дали преку прозорците влегува доволно светлина за да може да се чита и да се работи?

5 Вештачката светлина е доволна за задржаните лица да можат да читаат или да работат

Извори: SMR 11(b)

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали задржаните лица имаат контрола врз прекинувачите за светлото во просториите за спиење?

6 Постои соодветно и безбедно греење и/или ладење и вентилација, во согласност со климатските услови, и тие се во добра состојба

Извори: SMR 10; PBPPDLA XII(1)

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Која е температурата во просторијата?
- Дали греењето или вентилацијата функционира како што треба?
- Дали задржаните лица имаат контрола врз греењето, ладењето и вентилацијата?

7 Паровите добиваат соодветно сместување, вклучително и паровите што може да имаат посебен вид ранливост, како што се парови што не се во брак или ЛГБТИ-лицата

Извори: UNHCR-DG 9; PBPPDLA XIX

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Каков вид сместување им се обезбедува на паровите?
- Дали постојат некакви докази за дискриминација врз некои категории парови (невенчани, ЛГБТИ)?

8 Се обезбедува семејно сместување што е безбедно и одговара за деца

Извори: SMR 8(d); PBPPDLA XIX; EU-RD 12, 18.2 (a)

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Каково сместување им се обезбедува на семејствата?
- Дали се сместени деца со возрасни со кои не се роднински поврзани?

9 Спалните за жени се издвоени од оние за мажи

Извори: SMR 8(a), 23; UNHCR-DG 8 §48(v); PBPPDLA XIX

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали на жените им се даваат издвоени спални?
- Дали им е гарантирана приватноста?
- Дали се безбедни?

10 Задржаните лица добиваат чиста постелнина

Извори: SMR 19; PBPPDLA XII(1); EPR 21

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Каква постелнина добиваат задржаните лица кога ќе пристигнат? Дали е соодветна на климатските услови?
- Колку често се менуваат чаршафите?
- Кој е задолжен за перење на постелнината?
- Дали постелнината изгледа и мириса чисто?

11 Кога задржаните лица се наоѓаат во место во кое се држат и други категории лица, на пр. затвори или полициски станици, лицата задржани од имиграциски причини не се мешаат со оние лица што се притворени според кривичното право

Извори: ICCPR 10(2)(a); CMW 17(2); BPP 8; SMR 8(b); RPJDL 17; WGAD-D5 p.9; UNHCR-DG 8 §48(iii); EXCOM 44(f); PBPPDLA XIX; CPT/Inf (97) 10 §27, 28

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали лицата задржани од имиграциски причини се разделени од оние лица што се притворени според кривичното право? Дали се држат, на пример, во определено одделение или крило на установата?
- Дали се држат подолго време? Дали се држат во вонредни случаи (на пр., поради позната склоност кон насилство)?

4.4.2 Храна и вода за пиење

Во контекст на задржувањето од имиграциски причини, обрнувањето внимание на правото на храна е прашање на здравје и безбедност, како и почитување на достоинството на човечките суштества. Треба да се обезбеди храна со хранлива вредност соодветна на возраста, здравјето и културното/верското потекло. Треба да има посебна исхрана за бремени жени и жени што дојат. Установите во кои храната се подготвува и се јаде треба да ги почитуваат основните санитетски правила и чистота. Оттука, задржаните лица треба да имаат доволна, здрава, разновидна и балансирана исхрана, и тоа бесплатно.

Исто така, треба да им биде дозволено да нарачуваат храна надвор од установата на сопствен трошок, преку администрацијата, преку своето семејство или преку пријатели.

Дополнително. ангажманот во изборот и подготовката на храна претставува важна дневна активност. која е наменска и заедничка. Тоа може да биде начин за (повторно) воспоставување контакти со заедницата од земјата на потекло во земјата домаќин. Исто така, одржува, подобрува или дава важна животна вештина, која е од суштинска важност при ослободувањето или отстранувањето.

1 Лицата задржани од имиграциски причини добиваат доволно храна со хранлива вредност и разновидна и балансирана исхрана, бесплатно

Извори: SMR 20(1); UNHCR-DG 8 §48(xi); PBPPDLA XI(1); EPR 22

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали е храната во доволни количини, со доволен квалитет и разновидна?
- Дали се задоволуваат специјалните барања во исхраната (вегетаријански, религиозни, медицински)?
- Кој одлучува за менијата? Дали се вклучени здравствените работници?
- Кој е дневниот буџет за храна?
- Што велат задржаните лица за храната? Каква е по вкус?
- Дали задржаните лица купуваат храна во установата? Какви се цените во споредба со надвор?

2 Оброците и пијалаците/водата се обезбедуваат во редовни интервали

Извори: SMR 20; PBPPDLA XI; EPR 22.4

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали задржаните лица имаат пристап до сопствената вода за пиење во секое време? Каква е по боја, мирис, вкус?
- Колку оброци добиваат лицата задржани од имиграциски причини секој ден? Во кое време?
- Дали храната се подготвува и се служи во хигиенски услови? Дали е добро послужена? Дали се служи со почит?
- Каде се јадат оброците? Дали има регистар на оброците?

3 Задржаните лица имаат можност да си ја зготват својата храна

Извори: BR 5

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали задржаните лица си ја готват својата храна? Во секое време?
- Каде и како задржаните лица можат да добијат храна за готвење?
- Дали лицата имаат пристап до храна надвор од времето кога ги добиваат оброците?

4 Храната што им се дава на бремените жени и на доилките е доволна за одржување на соодветниот стандард за здравјето на мајките и на бебињата

Извори: CEDAW 12(2); BR 48; UNHCR-DG 8 §48(xi); PBPPDLA XI(1)

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали постојат посебни аранжмани во врска со исхраната за бремените жени и за доилките?

5 Религиозните, културните и другите специјални барања во однос на исхраната целосно се почитуваат

Извори: BPTP 3, 6; PBPPDLA XI(1)

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Како се земаат предвид специјалните барања во однос на исхраната, вклучително и делот на чување, подготовка и дистрибуција на храната?
- Дали задржаните лица можат да информираат за своите специјални барања во однос на исхраната?
- Дали постојат некакви докази за дискриминација?
- Дали верските претставници се консултираат кога се разгледуваат прашања во врска со храната?

6 Здравствен работник редовно врши проверки и дава совети за чувањето, количеството, квалитетот, подготовката и служењето на храната

Извори: SMR 26(1)(a); EPR 22.6

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали е вклучен здравствениот работник во синџирот на исхрана?
- Дали дава некакви препораки во врска со исхраната?
- Дали менијата се поделени според хранливата вредност?

7 Условите за готвење, просторот за јадење и опремата за јадење се безбедни, чисти, хигиенски, добро вентилирани и добро се одржуваат

Извори: SMR 14; PBPPDLA XI(1)

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Каде се јаде?
- Како се служи храната?
- Дали објектите што обезбедуваат храна/кујната се чисти, хигиенски и во добра состојба?
- Дали објектите што обезбедуваат храна се проверуваат во однос на здравствениот аспект и безбедноста?
- Дали задржаните лица имаат пристап до нив?

4.4.3 Санитетски услови и хигиена

Одржувањето добра телесна хигиена е прашање на здравје и почитување на себе и на другите. Личната хигиена, исто така, може да биде поврзана со религиозните практики, кои мора да се почитуваат.

Исто така, пристапот до соодветни санитетски услови, како и туш и бања, е од суштинска важност како начин за намалување на шансите за ширење болести меѓу задржаните лица и персоналот. Како што е предвидено во СМР 13, „соодветни инсталации за бањање и туширање треба да бидат обезбедени за да му се овозможи на секој затвореник и да се бара од него да се бања или да се тушира, на температура соодветна на климата, онолку често колку што е потребно за општа хигиена, според сезоната и географскиот регион, но најмалку еднаш неделно во умерена клима".

Соодветно на тоа, властите што задржуваат мора да ги преземат сите неопходни мерки за да се обезбеди пристап до чисти санитетски инсталации и услови за бањање. Тие треба да посветат посебно внимание на посебните потреби на жените, малите деца и бебињата.

1 Задржаните лица имаат неограничен пристап до добро одржувани, чисти, пристојни и интимни санитетски услови

Извори: SMR 12; PBPPDLA XII(2); EPR 19.3

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали санитарните, хигиенските и просториите за перење функционираат?
- Дали санитарните простории се разделени за жени и мажи?
- Кој е соодносот на тоалети наспроти бројот на задржани лица?
- Дали имаат пристап навечер?
- Дали е обезбедена интимност?
- Дали постојат некакви посебна услови за жените и за другите лица што се во ранлива состојба?
- Дали има на располагање средства и опремата за чистење во секое време?

2 Задржаните лица имаат пристап до адекватни и интимни простории за бањање и туширање, со температура соодветна на климата и доволно чести, во согласност со потребите на општата хигиена

Извори: SMR 13; EPR 19.4

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали задржаните лица имаат пристап до вода (ладна и топла) во секое време?
- Каква е бојата и мирисот на водата?
- Дали има доволен број бањи?
- Дали просториите за бањање и туширање се разделени за жени и мажи?
- Дали постојат докази на дискриминација во однос на пристапот на малцинските групи до бањите? Дали е обезбедена интимност во просториите за бањање?

3 Сите задржани лица имаат бесплатни средства за лична хигиена, чистота и основно достоинство

Извори: SMR 15, 16; PBPPDLA XII(2); EPR 19.6

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Какви средства им се даваат на задржаните лица (мажи/жени) при пристигнувањето?

- Дали се адекватно обезбедени родово специфичните или други посебни потреби? Дали на жените им се нудат хигиенски пакети?
- Како и колку често задржаните лица добиваат нови резерви од ваквите средства?

---

4 Бебињата и малите деца имаат доволно снабдување со пелени

Извори: CRC 37(c); SMR 15; PBPPDLA XII(2)

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали се пелените достапни бесплатно?
- Кој е одговорен за обезбедувањето пелени?
- Во случај на пелени што се перат, дали е обезбедена опрема и средства за перење?

4.4.4 Облека

Луѓето што се задржани од имиграциски причини не се задржани по казна и треба да имаат право да си ја носат сопствената облека. Меѓутоа, потребите од облека треба да им бидат задоволени доколку немаат соодветна облека. Таа треба да биде соодветна, достапна и да може лесно и безбедно да се дојде до неа. Исто така, треба да биде соодветна на климата и на културата, да биде чиста и да одговара, и сето тоа на недискриминирачка основа.

Исто така, задржаните лица не смеат да имаат само адекватна облека, туку ,исто така, мора да имаат и пристап до можности или служби за перење и сапун, за да можат редовно да ја перат облеката.

---

1 На задржаните лица им е дозволено да ја носат сопствената облека и чевли

Извори: CMW 17(1); SMR 88(1); EPR 97; UNHCR-DG 8(x)

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали задржаните лица можат да ја носат сопствената облека?
- Дали задржаните лица можат да ја носат сопствената облека на рочишта и други надворешни состаноци?

2 Кога задржаните лица немаат сопствена облека, добиваат соодветна и доволно облека и чевли адаптирани на контекстот

Извори: SMR 17; PBPPDLA XII(3); EPR 20, 97

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Доколку има потреба, задржаните лица добиваат соодветна облека при пристигнувањето?
- Дали е облеката соодветна на климата?
- Кога се дава облеката, како изгледа таа? Дали е облеката соодветна за да одговори на религиозните или културните потреби на одредени задржани лица?
- Дали е облеката соодветна за различни цели, на пр. работа или спорт?
- Дали облеката што им се дава се разликува од таа што им се дава на осудените лица во истата јурисдикција?
- Од каде се обезбедува облеката?
- Дали облеката, чевлите и долната облека што им се даваат се соодветни за задржаните лица, вклучително и за децата, бремените жени и лицата со попреченост?
- Дали лицата што се ослободуваат, депортираат или се предмет на репатријација носат соодветна облека, која е чиста и соодветна за употреба?

3 Задржаните лица веќе имаат пристап до можности или услуги за перење

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали задржаните лица имаат пристап до можности за перење? Под кои услови и колку често?
- Дали пералните и сушарите се безбедни, добро осветлени, чисти, со добра вентилација и во добра состојба?
- Дали задржаните лица добиваат сапун?

4.4.5 Готовина и личен имот

Еден од главните ефекти од лишувањето од слобода е загубата на индивидуална автономија. Како такви, лицата задржани од имиграциски причини честопати се лишени од правото или можноста да направат едноставен избор и одлуки за својот секојдневен живот, фактор што може да има негативен ефект врз нивното чувство на самопочит и достоинство. Во врска со ова, постои обврска да се внимава секое попречување на личната автономија на едно лице да се сведе на минимум, а ограничувањата што се наметнуваат да бидат само во размери кои се неопходни за да се одржи безбедноста и живот во заедница во која има ред. Пристапот и користењето на свои пари и лични предмети претставува еден таков пример.

1 Постојат јасни правила и прописи за задржување на предмети во лична сопственост при приемот во местото на задржување

Извори: SMR 43; RPJDL 35; EPR 31

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали правилата на установата имаат процедури за задржување и враќање на предмети во лична сопственост?
- Дали задржаните лица и персоналот знаат за важечките правила и прописи?
- Дали се прави попис на готовината и предметите од лична сопственост при приемот?
- Дали копија од нивната финансиска евиденција им се дава на задржаните лица?

2 Задржаните лица имаат на располагање шкафчиња што се заклучуваат за вредните работи и други предмети во лична сопственост, кои ги немаат предадено на чување

Извори: SMR 43(1); RPJDL 35

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Како и каде се чуваат вредните предмети? Дали задржаните лица имаат пристап до своите вредни предмети?
- Дали имало случаи на кражби? Како биле евидентирани тие? Како биле истражени?

3 Лицата задржани од имиграциски причини имаат пристап до својата готовина или можат да ја добијат готовина или други лични предмети однадвор

Извори: SMR 43(3)

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Која е процедурата за да се добие готовината од властите?
- Дали благајникот во местото на задржување е овластен да прима готовина од семејството или од пријателите на задржаните лица?
- Како се евидентира секој депозит на пари?

4.5 АКТИВНОСТИ

Опсегот во кој постои разновиден и соодветен режим на активности (вклучително и пристап до надворешниот свет и до значајни активности) и кој е институционално охрабрен, претставува силен индикатор за средината на задржување, која активно бара да се минимизираат ризиците поврзани со лишувањето од слобода. Меѓутоа, опсегот на активности ќе зависи од просечното времетраење на престојот. Оние што вршат мониторинг можат да проверат дали се обезбедени доволно ресурси и дали постојат адекватни услови за семејни посети, стручна обука, работа и активности што се плаќаат, вежбање надвор, одмор и културни активности и правото на практикување на сопствената вера.

Навистина, отсуството на активности што се прават со некаква цел претставува еден од најсилните и најштетни аспекти на задржувањето од имиграциски причини. Тоа произлегува од ставот дека задржувањето од имиграциски причини претставува практика што треба да се фокусира само на задржувањето, а идната благосостојба на лицето задржано од имиграциски причини не е препознаена како задолжителна социјална одговорност. Како резултат на тоа, сите чекори за подготовка на лицата задржани од имиграциски причини за живот надвор од местото на задржување, каде и да е тоа, не треба да се третираат како да се од второстепена важност. Доколку се постапи така, штетните ефекти од здодевноста, беспомошноста и безнадежноста веројатно ќе претставуваат значаен, скап, тековен и здравствен проблем, како внатре така и надвор од местото на задржување, особено во случаите во кои се продолжува задржувањето.

4.5.1 Посети и комуникација со надворешниот свет

Посетите од семејството и други претставува право, а не привилегија. Тие претставуваат важен ресурс, не само при помагањето на лицата задржани од имиграциски причини да се справат со својата тешка ситуација и несигурноста на околностите во кои се наоѓаат туку, исто така, и да им помогне да се подготват за живот по нивното задржување, било во земјата каде што одат или во земјата на азил, или во земјата на потекло. Меѓутоа, реалноста на задржувањето од имиграциски причини е таква што посетите на семејството во практиката се тешки. Сепак, водечки принцип треба да биде унапредување на контактите со надворешниот свет, кои можат да бидат ограничени само поради безбедноста и тоа само доколку постојат навистина значајни докази. Тимовите за мониторинг мора да гледаат со одредено ниво на загриженост на практиките на формирање места за задржување на оддалечени или на друг начин недостапни локации, поради што можноста за прием на посетители е непрактична или невозможна.

Соодветно на тоа, преку посетите и другите средства за комуникација лицата задржани од имиграциски причини мора да можат да одржуваат контакт со правниот застапник, семејството и пријателите, групите за поддршка, верските претставници и социјалните и здравствените работници. Тие, исто така, треба да имаат лесен пристап до службите за пронаоѓање лица на УНХЦР, Меѓународниот комитет на Црвениот крст, Црвениот крст/Црвената полумесечина, како и по сопствена иницијатива до советодавни услуги.

Барателите на азил што се задржани треба да можат да одржуваат редовен контакт (вклучително преку телефон или интернет, според можностите) и да примаат посети од роднини, пријатели, како и верски, меѓународни и/или невладини организации, доколку сакаат. Особено мора да биде обезбеден пристап до УНХЦР и од него.

1 Местото на задржување е разумно достапно за редовни посети од семејството, пријателите и од групите за поддршка од заедницата

Извори: BPP 20

Совети за лицата што вршат мониторинг

- На која локација се наоѓа местото за задржување?
- Колку е далеку местото за задржување од јавниот транспорт?
- Дали се обезбедува некаква финансиска или материјална поддршка за олеснување на посетите, особено од семејствата?

2 Задржаните лица имаат право да добијат посети од семејството и од други лица

Извори: BPP 19; UNHCR-DG 8 (vii); EPR 24.1; 99; EU-RD 10.4; PBPPDLA XVIII

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали задржаните лица биле информирани за правото да добијат посети? Дали информацијата била обезбедена на јазик што го разбираат?
- Кога и колку често можат да имаат посети?
- Колку долго трае една таква посета?
- Од кого (покрај блиските роднини) задржаните лица можат да добиваат посети?
- Дали задржаните лица можат да одбијат посети? Која е процедурата?
- Дали некогаш биле одбиени/спречени посети?

3 Обезбедени се разумни услови за прием на посетителите, а персоналот и управата охрабруваат посети на задржаните лица

Извори: SMR 92; EPR 24.4

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Какви се условите во просториите за посета (отворен или затворен тип посети)?
- Колку соби (доколку има) има на располагање за посети?
- Дали се почитува приватноста и доверливоста на посетите?

4 Интимни посети од брачен другар или партнер се дозволени и се охрабруваат

Извори: ICCPR 10(1), 17, 23; PBPPDLA I

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали просториите за посета имаат услови за интимна посета?
- Дали постојат докази за дискриминација против невенчани и/или ЛГБТИ-парови?

5 Овозможена е комуникација со семејството и со пријателите во земјата на задржување и во земјите на потекло и транзит

Извори: ICCPR 17; UNHCR-DG 8 (vii); RPJDL 60, 61; CPT/Inf (2009) 27 §87; EPR 24.5

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Каков систем е воспоставен?
- Дали задржаните лица слободно комуницираат со надворешниот свет? Како? Колку често? Дали постои политика или протокол со кој се утврдуваат критериумите за комуникација со надворешниот свет?
- Дали задржаните лица се лишени од комуникација како дисциплинска мерка?
- Дали задржаните лица имаат пристап до електронска пошта и интернет?

6 Задржаните лица имаат лесен и едноставен пристап до УНХЦР, Меѓународниот комитет на Црвениот крст и/или Црвениот крст или други организации и, по сопствена иницијатива, конзуларни претставници или дипломатски мисии

Извори: CMW 16(7); UNHCR-DG 8 (vii); WGAD-D5 p.2, 10; EU-RD 10.3; CPT/Inf (97) 10 §31; CPT/Inf (2009) 27 §83, 87; EPR 37

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали задржаните лица се посетени од страна на претставници на УНХЦР?
- Дали задржаните лица се посетени од персонал на Меѓународниот комитет на Црвениот крст и/или Црвениот крст/Црвената полумесечина?
- Дали задржаните лица се заштитени од несакани обиди за контакт со нив од страна на конзуларни претставници?
- Дали задржаните лица се поддржани да стапат во контакт со конзуларното претставништво доколку тие не одговараат на нивното барање?

7 Задржаните лица имаат лесен и едноставен пристап до телефони (за да се јават по разумна цена без некој да ги слуша) и да добијат телефонски повици во секое време, кои не се следени и цензурирани

Извори: BPP 18(3), 19; UNHCR-DG 8 (vii); RPJDL 61; PBPPDLA XVIII; CPT/Inf (97) 10 §31

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали задржаните лица имаат можност за приватни телефонски повици? Колку често (фреквенција, времетраење, број на телефони што функционираат, квалитет на телефонските врски, почитување на временските разлики)?
- Кој е системот на плаќање?

8 Задржаните лица имаат секојдневен и нецензуриран пристап до весници, телевизија и/или радио

Извори: SMR 39, 90; RPJDL 62; PBPPDLA XVIII; CPT/Inf (97) 10 §29; EPR 24.10; 24.12; 99 (c)

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали задржаните лица имаат на располагање весници/списанија? На јазици кои ги разбираат? Дали се бесплатни?
- Дали имаат телевизија и/или радио? Доколку имаат, на кој јазик се достапни?

9 Задржаните лица можат да испратат или да примат пошта од и до пријателите и семејството на трошок на државата, доколку има потреба

Извори: BPP 19

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Кои се чекорите за да се испрати писмо?
- Како ги добиваат задржаните лица неопходните материјали (хартија, плика, поштенски марки)?
- Дали поштенските марки се бесплатни?
- Дали писмата и пратките се мониторираат, цензорираат или ограничуваат на друг начин? Доколку е тоа случајот, врз кој основ?

4.5.2 Образование и градење вештини

Образованието, вклучително стручната обука и обуката за стекнување вештини, е важен елемент во подготовката на лицата задржани од имиграциски причини за повторна интеграција во општеството, без разлика што тоа значи, и за стимулирање на нивниот личен развој. Образованието може да одговори на конкретните потреби на задржаните лица, какви што се описменувањето и нумеричкото образование, или изучување на локалниот јазик или на јазикот што претставува лингва франка.

Кога децата се држат во установи за задржување без разлика на нивниот статус или времетраењето на престојот, тие имаат право на пристап барем до основно образование. По можност, децата треба да се образуваат надвор од установата, во локалните училишта.

Несигурноста на времетраењето на задржувањето и каде ќе завршат задржаните лица не треба да ги спречи или да ги ограничи од преземање такви иницијативи, бидејќи задржаните лица ќе можат да го завршат образованието и по ослободувањето, а во исто време, ќе имаат корист од активност што има цел и стимулира.

1 Образованието се обезбедува според идентификуваните потреби, вклучувајќи ги и оние на неписмените задржани лица

Извори: SMR 77(1); UNHCR-DG 8 (xiii); PBPPDLA XIII; EPR 28; EU-RD 14

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Каков тип образование се нуди? На кои јазици?
- Дали локалниот јазик или јазикот лингва франка им се предава на сите лица задржани од имиграциски причини?
- Кој е процентот на задржани лица што учествуваат во едукативни активности?
- Дали сите задржани лица имаат пристап до образовни активности, доколку тоа го сакаат?
- Дали пристапот до образование е обезбеден на правичен и недискриминирачки начин?
- Дали е наставата приспособена на поединечните потреби?
- Дали е писменоста дел од првичната проверка кога лицата пристигнуваат во установата? Доколку е така, како се прави? Кој го прави тоа? Кој е процесот?
- Кој обезбедува часови за писменост?
- Дали се доделени конкретни средства за образование?
- Дали се доделува надомест за образование или стручна обука?

2 Образовните можности вклучуваат стручна обука дизајнирана да ги одржи или да ги унапреди вештините и учеството на работната сила

Извори: CRC 28(1)(b); CMW 17(7); ATP 6(3)(d); RPJDL 42-44; BR 37; ACHR AP 13(3)(b); PBPPDLA XIII; EU-RD 12

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали задржаните лица имаат пристап до стручна обука? Дали наставата или обуката вклучува наставници и инструктори однадвор?
- Дали дипломите или образовните сертификати што им се даваат на задржаните лица го посочуваат имиграцискиот статус на лицето?

3 Децата на училишна возраст имаат пристап до образование, по можност во локални училишта, без разлика на времетраењето на нивното задржување

Извори: CRC 28(1)(a); UNHCR-DG 8 (xiii); CMW 17(7), 30, 43, 45; RPJDL 12, 38, 59, 79; ACHR AP 13; ACHRP 17; EPR 28.3; EU-RD 14; PBPPDLA XIII

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Кои нивоа на образование се достапни? Дали има настава на различни јазици?
- Кој го обезбедува образованието?
- Кој е соодносот наставник – ученик?
- Каде се одвиваат образовните активности? Во установата? Надвор од неа? Соодветност на установите?

4 На децата и на младите задржани лица кои се постари од задолжителната училишна возраст, а кои немаат завршено училиште, дозволено им е и се охрабруваат да продолжат со своето образование

Извори: RPJDL 39; SMR 77(1); ACHR AP 13(3)(d); ACHRP 7; PBPPDLA XIII

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали има млади задржани лица кои ги користат образовните програми?
- Каков вид образование се нуди?

4.5.3 Работа и активности што се плаќаат

Со оглед на тоа што лицата задржани од имиграциски причини не издржуваат затворска казна, од нив не може да се бара да работат, а некои задржани лица може да не можат да работат дури и да сакаат. Меѓутоа, треба да се вложат напори за да се обезбедат можности за работа. Секогаш кога е тоа можно, лицата задржани од имиграциски причини треба да добијат можност да работат во локалната заедница.

1 Задржаните лица можат да работат во местото на задржување

Извори: ATP 6(3)(d); SMR 89; RPJDL 45; BPTP 8; BR 60; CMW 17(7); PBPPDLA XIV; EPR 26

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Каков вид работа е достапна?
- Дали задржаните лица го избираат типот на работа што сакаат да ја работат?
- Дали им се плаќа за работата?
- Кој е одговорен за давањето работа? Дали е процесот праведен и правичен?
- Дали има можности за работа во локалната заедница?

2 Работата не е задолжителна

Извори: ILO-C29; ILO-C105; SMR 89; PBPPDLA XIV

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали е работата доброволна?
- Кои се условите за работата и какви се во споредба со работните услови во надворешниот свет?
- Дали правата на оние што работат во од установата или надвор од неа се заштитени?
- Дали задржаните лица што нема да изберат или не можат да работат добиваат парична помош доволна за да ги покријат основните потреби?
- Дали постојат докази за присилна работа и/или детски труд?

3 Можностите за работа се безбедни, пристојни и не експлоатираат

Извори: SMR 72, 76; PBPPDLA XIV

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали местата за работа имаат соодветна природна светлина, свеж воздух и доволно вештачка светлина?
- Дали е доволно тоа што им се плаќа?
- Колку денови за одмор неделно добиваат задржаните лица?

4.5.4 Рекреација надвор, слободно време и културни активности

Со оглед на та што лицата задржани од имиграциски причини не се кривично осудени, тие не мора да останат во својата соба по цел ден, туку треба да можат да се движат слободно по установата.

Важноста на рекреацијата надвор за менталната и за физичката благосостојба на лицето е широко препознаена. Како и сите други лица лишени од својата слобода, лицата задржани од имиграциски причини треба да имаат соодветен пристап до активности и место за вежбање надвор. Таквите простори треба да бидат пространи и, по можност, да имаат поглед кон природа и да имаат вегетација. Ова, на пример, значи дека мал двор опкружен со ѕид не нуди доволно можности за рекреација надвор.

Покрај општите здравствени бенефиции, рекреацијата и активностите надвор можат да имаат дополнителна корист за намалување на тензиите и промовирање на добрите односи. Таквите активности имаат вистински капацитет за негување чувства на вредност за сите.

Секој има право на одмор и слободно време и да учествува во културниот живот. Лицата задржани од имиграциски причини не се исклучок. Таквите активности се важни за личниот развој, физичкото и менталното здравје и социјалната и културната инклузија. Исто така, тие се корисен начин за уривање бариери. Обемот во кој се охрабрува учеството во структурирани и неструктурирани рекреативни, културни и активности во слободно време е силен показател за тоа дали средината каде што се задржани лица активно бара да ги минимизира негативните ефекти од лишувањето од слобода.

1 Лицата задржани од имиграциски причини можат да се движат слободно во рамките на установата и имаат најмалку еден час дневно за соодветна рекреација надвор

Извори: SMR 21(1); RPJDL 47; UNHCR-DG 8(viii); CPT/Inf (97) 10 §29; EPR 25, 27; EU-RD 10.2

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Кога времетраењето надвор од собата е ограничено метража, каква причина дава персоналот за таквите ограничувања?
- Колку часа дневно можат да бидат надвор задржаните лица?
- Какви вежби или активности има на располагање?
- Дали задржаните лица имаат или им е обезбедена облека што е соодветна на климата за рекреација надвор?

2 Децата и младите задржани лица можат да учествуваат во физички и рекреативни активности соодветни за своите развојни и физички потреби

Извори: SMR 21(2); RPJDL 47

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Какви рекреативни активности стојат на располагање?
- Какви организирани активности им се нудат на задржаните лица (спортски, културни)?
- Дали добиваат дополнително време за користење на терените за вежбање?

3 Задржаните лица имаат пристап до пространо, безбеден, чист и добро одржуван простор за вежбање

Извори: PBPPDLA XIII; UNHCR-DG 8(viii)

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали задржаните лица имаат пристап до терени за вежбање?
- Какви можности им се нудат?
- Која е големината на просторот за вежбање?
- Дали терените надвор се соодветни за спорт, физички вежби и активности во слободно време?
- Дали има соодветни алтернативи внатре?

4 Задржаните лица имаат пристап до разумни количества културен и информативен материјал

Извори: BPP 28; SMR 78, 90; PBPPDLA XIII; UNHCR-DG 8(xii); EPR 27.6

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Какви културни активности се достапни?
- Дали имаат пристап до телевизија? Доколку имаат, каде и на кој јазик?

5 Сите задржани лица имаат редовен пристап до соодветно опремена библиотека

Извори: SMR 40; RPJDL 41; PBPPDLA XIII

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали се зададени некакви услови за пристап до библиотеката?
- Каков вид материјали (рекреативни и едукативни книги, весници, речници, правни референтни материјали и видеа/ДВД за учење странски јазик) има на располагање?
- Дали има материјали на јазиците што ги зборуваат задржаните лица?

6 Сите задржани лица, особено децата и младите, имаат соодветни можности да ги развијат своите интереси и вештини, вклучително и уметноста и занаетчиството

Извори: RPJDL 47

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Какви шанси постојат задржаните лица да се занимаваат со уметност и занаетчиство? Какви за музика?

4.5.5 Религија

Во контекст на лицата задржани од имиграциски причини, од клучна важност е религиите или убедувањата од секаков вид да се почитуваат и да се штитат, дури и ако се практикуваат од верски малцинства кои можеби се предмет на непријателства од доминантната верска заедница, било во или надвор од местото на задржување.

Во согласност со членот 18 од ИЦЦПР, „секој има право на слобода на вероисповед и убедувања". Ова го вклучува и правото на вероисповед или убедување, на избор и прифаќање на вера или убедување, и на богослужба, индивидуално или во заедница, почитување, практика и учење. Овие слободи се толку основни што не може да се отстапи од нив, дури ни во време на вонредна ситуација.

Слободата на богослужба ги опфаќа и ритуалните и церемонијалните чинови кои се директен израз на верувањето, како и различни практики што се составен дел на таквите дејства. Во контекст на задржувањето од имиграциски причини ова може да вклучува, на пример, креирање место за молитва, користење ритуални формули и предмети, прикажување симболи и почитување на празниците, прославите и деновите за одмор.

Вероисповедта или убедувањето честопати ги регулираат и исхраната, облеката и ритуалите поврзани со одредени фази или одредници во животот. Слободата некој да ја манифестира својата вероисповед или убедување „подлежи само на оние ограничувања што се пропишани со закон и се неопходни за да се заштити јавната безбедност, ред, здравје или морал или основните права и слободи на другите" (ИЦЦПР, член 18(3)). Во врска со ова, појдовната точка треба да биде потребата од заштита на правата на сите задржани лица гарантирани со Пактот.

1 Се почитува правото на секое задржано лице да ја практикува својата вера во целост, сам или во заедница со други

Извори: ICCPR 18; CMW 12; CSR 4; CSSP 4; ACHR 12; UNHCR-DG 8(ix); PBPPDLA XV; EPR 29

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали е одговорено на верските потреби на лицата задржани од имигрициски причини?
- Кои вери се застапени во местото на задржување (број на религии, број на следбеници)? Дали се почитуваат малцинските верски убедувања и практики?
- Дали се почитуваат времињата за молитва?
- Дали постојат некакви услови или ограничувања во однос на пристапот до можност за молитва или свештеничка поддршка?

2 Приватна свештеничка поддршка и грижа е достапна на барање на задржаното лице на редовна основа и во време на лична потреба, вклучително и при подготовка за ослободување, отстранување или трансфер

Извори: SMR 41(3)

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Каква свештеничка грижа и поддршка е достапна?
- Кои се критериумите за назначување на верските претставници (кој назначува, кој плаќа)?
- Која е фреквенцијата и нивото на учество во верските служби?

3 Сите задржани ица можат да учествуваат во верските служби

Извори: SMR 42; PBPPDLA XV

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Какви верски служби се достапни?
- Каде се одвиваат верските служби? Колку често?
- Дали задржаните лица можат да ги слават своите главни културни и верски прослави?

4 Задржаните лица можат да набават, да чуваат и да користат предмети од верско значење, вклучително и книги за верско учење и подучување

Извори: ICCPR 18; CMW 17(7); CSR 4; CSSP 4; SMR 42; RPJDL 48; ACHR 12; CFREU 10; ECHR 9; PBPPDLA XV

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали постојат докази дека биле оштетени или конфискувани верски предмети?
- Дали некој се пожалил на такво нешто? Кој бил исходот?

5 Задржаните лица што не се придржуваат до никакво верско убедување и кои не сакаат да практикуваат ниту една вера не се обврзани тоа да го направат и не треба да бидат дискриминирани

Извори: ICCPR 18; ACHR 12; CFREU 10; ECHR 9

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали има докази за дискриминација кон такви лица? Од властите? Од други задржани лица?
- Дали се преземени проактивни мерки во таа насока?

4.5.6 Социјално и стручно советување

За лицата задржани од имиграциски причини потребата од социјално и стручно советување[73] е тековна и може да биде од клучна важност во обезбедувањето на колку што е можно полесна транзиција во установата за задржување, како и при нејзиното напуштање. Сите лица задржани од имиграциски причини треба да имаат корист од социјалното и стручното советување додека се задржани и особено кога ќе дојдат до неговиот крајот, посебно доколку исходите од некаква суштинска заштита или од процедури за имиграција не се сигурни. Социјалното и стручното советување можат да бидат од секуларна природа или можат да вклучуваат поддршка од лица што даваат пасторска грижа и честопати се корисни кога им помагаат на задржаните лица да го прифатат исходот од својот случај.

Важно е да се обезбеди социјалните работници, стручните советници и лицата што даваат пасторска грижа да не се професионално компромитирани или на друг начин имплицирани во исходот или последиците од постапките, и на нивната улога да не се гледа како на некој вид замена за соодветен правен совет или помош.

1 Социјалното и стручното советување постојат за да им помогнат на задржаните лица околу практичните проблеми предизвикани од задржувањето од имиграциски причини и да им помогнат на задржаните лица да се подготват (вклучително и психолошки) за ослободување, трансфер или отстранување

Извори: ATP 6(3)(b); BR 60; UNHCR-DG 8 (vi)

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали социјалното и стручното советување е достапно? Дали има социјални работници во установата? Која е нивната улога? Дали вршат психо-социјална процена?
- Дали има стручни советници кои се квалификувани и културно свесни?
- Дали службите за социјална поддршка и советување ги почитуваат правата на приватност и доверливост на задржаните лица?
- Дали тие им помагаат на задржаните лица да стапат во контакт со своите адвокати?
- Дали тие им помагаат на задржаните лица во комуникацијата со семејството, пријателите и групите за поддршка?

2 Доколку се побара, задржаните лица се придружувани од социјалните работници и стручните советници за време на ослободувањето, трансферот или отстранувањето

Извори: CoE-TGFR 15.2; SMR 60(2); RPJDL 79; BR 46; BPTP 10

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали задржаните лица што се ослободени, префрлени или отстранети добиваат детали за контакт од социјалните работници и од стручните советници во земјата домаќин?
- Дали задржаните лица се придружувани за време на ослободувањето, трансферот или отстранувањето?

4.6 ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Физичкото и менталното здравје на лицата задржани од имиграциски причини се особено важни од неколку причини. Најпрво, лишувањето од слобода ја отстранува можноста самите да се грижат за сопственото здравје. Второ, тие можат да имаат некои специфични физички и ментални здравствени проблеми, кои произлегуваат од поранешно малтретирање, како и ранливост во минатото и во сегашноста. Трето, постои голема шанса задржувањето од имиграциски причини да има негативно влијание врз физичкото и менталното здравје на задржаните лица. Одговорноста за почитување, заштита и исполнување на правото на здравје на лицата задржани од имиграциски причини неопходно се проширува на негата и лекувањето на претходните состојби и треба да биде со ист квалитет и стандард како и тие што им се обезбедуваат на сите што живеат во заедницата.

Децата, вклучително и непридружуваните или разделените деца, имаат право на редовни прегледи, а не само на грижа како реакција на состојбата.

Однесувањето на здравствените работници во установата за задржување е од клучна важност за чувството на безбедност и почит на задржаните лица. Во оваа насока, еден од најважните аспекти на етичкото однесување на здравствените работници е почитувањето на принципите на согласност од пациентот и доверливост. Ова се прашања на кои тимот за мониторинг треба да посвети посебно внимание.

4.6.1 Пристап до здравствена заштита

На задржаните лица им е потребен пристап до бесплатна здравствена заштита од квалификуван еквивалент на она што постои надвор. Ова е особено важно со оглед на тоа што лишувањето од слобода самото по себе може да ја зголеми потребата од здравствена заштита за лицето.

Во времето на првичното апсење и задржување, сите лица задржани од имиграциски причини треба да бидат прегледани од соодветно квалификуван здравствен работник за да ги утврди болестите или состојбите што постоеле претходно, како и повредите што можеле да бидат добиени во текот на апсењето или на задржувањето. Прегледот е исто така важен за идентификување на заразните или преносливите болести. Затоа, здравствената заштита мора да биде достапна и прифатлива (т.е. етнички и културно соодветна), научно и медицински соодветна и со добар квалитет. Ова значи дека пристапот до лекарска грижа и потребните информации мора да бидат усогласени на начин што нема да дозволи никаква дискриминација, и мора да бидат физички достапни и бесплатни.

1 Лекарскиот преглед при пристигнувањето се прави насамо од страна на квалификуван лекар (или од квалификувана медицинска сестра, која насамо го известува лекарот, колку што е можно поскоро по приемот)

Извори: CRC 24; BPP 24-25; SMR 24; UNHCR-DG 8 (vi); PBPPDLA IX(3); CPT/Inf (97) 10 §30, 31; CPT/Inf (2009) 27 §82; EPR 42.1

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали задржаните лица имаат пристап до лекар од самиот почеток на нивното задржување?
- Која е процедурата за лекарскиот преглед по пристигнувањето?
- Дали во лекарскиот преглед е вклучен и преглед за преносливи болести, вклучително и туберкулоза?
- Дали има на располагање бесплатни, квалификувани и непристрасни толкувачи?
- Како се пренесува здравствениот картон во случај на трансфер?

2 Сите задржани лица имаат целосен и еднаков пристап до здравствени услуги

Извори: CRC 24; BPP 24; SMR 25; RPJDL 50; BR 6, 9; ACHR AP 10; UNHCR-DG 8 (vi); PBPPDLA X; EPR 39; EU-RD 19; ACHRP 16; CPT/Inf (97) 10 §31; CPT/Inf (2009) 27 §87

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Кои се процедурите да се добие пристап до здравствените услуги?
- Колку време треба да чекаат задржаните лица за да бидат прегледани од здравствен работник?
- Дали ова ги вклучува и специфичните здравствени потреби на жените (гинеколог, репродуктивно здравје)?
- Дали постојат докази за дискриминација во пристапот до здравствената заштита?
- Дали се почитуваат претходните дијагнози и режими на лекување, како на пример, пропишаната терапија (на пр., антидепресиви, протоколи за ХИВ)?
- Дали е можно да се добие второ лекарско или стоматолошко мислење?
- Дали задржаните лица имаат пристап до специјализирана заштита, каков што е психијатрискиот третман, доколку е потребно, во специјализирани институции или цивилни болници, според условите?
- Дали има пристап до бесплатни, квалификувани и непристрасни толкувачки услуги за лекарските консултации?
- Каков систем постои при итен случај?

3 Услугите на здравствената заштита се обезбедуваат во услови што ја почитуваат и се држат до пристојноста, приватноста и достоинството, и по можност преку службите што се воспоставени во заедницата

Извори: ICESCR 12; RPJDL 49; ACHR AP 10; ACHRP 16; PBPPDLA X; EPR 40; 42; EU-RD 19; UNHCR-DG 8 (vi)

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Какви се условите во амбулантата?
- Дали задржаните лица излегуваат надвор од центарот за задржување за лекарски прегледи?
- Дали се споменува статусот на задржаното лице во текот на лекарскиот преглед?

4 Задржувањето или одвојувањето врз основа на јавно здравје е уредено со политиките и законските прописи што го уредуваат карантинот и контролата на болести

Извори: SMR 24; EPR 42.3(f)(g)

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Која е процедурата за одвојување на едно задржано лице од здравствени причини? (Кој одлучува? Како се ревидира одлуката?)
- Колку задржани лица биле одделени врз основа на јавното здравје во времето на посетата?
- Дали е воспоставен некаков лекарски надзор?
- Дали сместувањето каде што се одделени лицата има услови за лечење?

5 Лекарските прегледи се вршат насамо, во доверба и на пристоен, професионален и грижлив начин, кој е чувствителен на разновидноста на потребите и ранливостите

Извори: CRPD 22(2); PBPPDLA X; CPT/Inf (2009) 27 §92

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали лекарските прегледи се прават насамо и дали се почитува доверливоста?
- Дали консултациите се со лекар од истпол, доколку се побара?
- Дали има на располагање толкувачи?
- Дали е присутен некој од установата за време на лекарскиот преглед?
- Дали здравствените картони на задржаните лица се чуваат заклучени и недостапни за немедицинскиот персонал?

6 Обезбедувањето здравствена заштита за задржаните лица не може да биде предмет на компромис или да биде неоправдано ограничена поради безбедносни мерки или процедури

Извори: UNHCR-DG 8; CoE-TGFR 16

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали изолираните задржани лица имаат пристап до лекарски преглед кога ќе го побараат?
- Дали трансферите на задржаните лица од едно во друго место за задржување влијаат на пристапот до здравствена заштита?

7 На располагање ги има лековите што се пропишуваат или се бараат, тие соодветно и безбедно се чуваат, и се повлекуваат доколку им истече рокот

Извори: CoE-TGFR 9.4; SMR 22(2); RPJDL 55; PBPPDLA X

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Каков вид лекови најчесто се пропишуваат? За кои причини? Дали има знаци на премногу давање лекови?
- Кој ги дистрибуира лековите?
- Дали имало примери на недостиг?
- Кој управува со резервите на лекови?

8 Постои протокол што е усогласен со меѓународните насоки за клиничко управување и грижа за задржаните лица кои одбиваат храна и/или течности и за закрепнување и психолошка грижа за оние што прекинале со штрајкот со глад[74]

Извори: PME 1; DOM; DOT

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали постои посебен протокол за штрајкови со глад? Доколку постои, дали е во согласност со меѓународните насоки?
- Дали се почитува информираниот избор на задржаните лица, заедно со нивното човечко достоинство и дали присилното хранење е забрането (под услов засегнатите задржани лица да бидат „целосно запознаени со можните последици од постот врз здравјето и животот")?
- Дали клиничките мерки за заштита се почитуваат, вклучително и потврдата за капацитетот на задржаното лице да ги согледа последиците од своето

доброволно одбивање храна од страна на најмалку еден независен лекар?

- Дали медицинскиот персонал има целосна клиничка независност во одлучувањето за грижата за лицето што штрајкува со глад?

9 Постојат редовни разгледувања на социјалните, физичките и здравствените ранливости на задржаните лица

Извори: BR 6

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали постојат специјални услови и грижа за постарите задржани лица?
- Дали постои возраст над која задржаните лица се ослободуваат?

4.6.2 Медицински персонал

Медицинскиот персонал игра повеќекратна улога во контекст на задржувањето од имигрициски причини. Најпрво, тие го проценуваат здравствениот статус на задржаните лица и обезбедуваат медицински третман и нега, кои може да им бидат потребни, вклучително и во случај да страдаат од несоодветно постапување од овој или од оној вид. Второ, тие имаат улога како советници на управата на местото за задржување за адекватноста на условите, вклучително и храната, санитетските и хигиенските услови, сместувањето и рекреацијата. Конечно, може да имаат улога и во лекарската проценка на лицата што можеби претрпеле несоодветно постапување во минатото, и можат да го поддржат нивното барање за заштита или имиграција, или барањето за ослободување. Иако овие повеќекратни улоги, во суштина, не се во судир едни со други, секогаш постои ризик дека тие можат да поттикнат политички, етички и клинички дилеми, предизвици и притисоци. Според тоа, медицинскиот персонал што работи во установите за задржување треба да има целосна клиничка независност и да биде добро поддржан од своето стручно тело.

1 Медицинската служба е соодветно пополнета со персонал за да се обезбеди соодветна грижа за менталното и за физичкото здравје на задржаните лица

Извори: SMR 22(1); PBPPDLA X; CPT/Inf (2009) 27 §91; UNHCR-DG 8 (vi); EPR 41.1

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Колку лекари/медицински сестри се присутни секојдневно, преку ноќ, за време на викендите?

- Кој е соодносот меѓу медицинскиот персонал и задржаните лица? Дали е соодветен?
- Дали едно медицинско лице има примарна одговорност да обезбеди соодветна здравствена грижа? Кои се неговите/нејзините главни обврски?
- Дали имало некакви одлагања во обезбедувањето медицински третман?

---

2 Едно медицинско лице редовно ја проверува и го известува директорот за адекватноста на: храната, санитетските услови, хигиената и чистотата; греењето, осветлувањето и вентилацијата; облеката и постелнината; физичките и спортските активности

Извори: SMR 25(2), 26(1); RPJDL 73; EPR 43.3; 44

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали медицинско лице го проверува местото? Ако е така, колку често?

---

3 Кога побарувачката од медицинско внимание ќе го надмине капацитетот на установата, постои ефективен и ефикасен систем за упатување на други медицински лица, вклучително и цивилни болници и надворешни специјалисти во согласност со условите

Извори: SMR 22(2); PBPPDLA X

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Каков систем за упатување постои за да се обезбеди здравствена грижа во периодите на висока побарувачка?
- Во случај на упатување надвор, дали има на располагање толкувачи?
- Каков процес е воспоставен за специјалистичка здравствена грижа, како што се стоматолози или гинеколози?
- Дали постои список на достапни медицински лица?

---

4 Медицинскиот персонал е соодветно обучен и искусен за да ги препознае и да ги третира потребите за грижа на лицата што се наоѓаат во ранлива состојба

Извори: PBPPDLA X; EPR 41.4

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали медицинскиот персонал добил посебна обука за да се справи со лицата во ситуација на ранливост?

5 Постои медицинско лице што е на повик по работното време на одделението за итни случаи

Извори: PBPPDLA X; EPR 41.2

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Каков е системот при итни случаи?
- Каков систем постои за да се обезбеди пристап до здравствените картони при итен случај, а притоа, да се почитува доверливоста?

6 Медицинскиот персонал има гарантирана целосна клиничка независност во постапувањето и грижата со задржаните лица

Извори: RPJDL 53; PBPPDLA IX(3), X; DOT 5

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Под кој орган е здравствената служба? Пред кого одговара медицинскиот персонал?
- Дали медицинскиот персонал има автономија во донесувањето медицински одлуки и препораки?
- Дали постојат докази за прекршување на вообичаениот кодекс на доверливост?

4.6.3 Посебни потреби на жените и бебињата

Во контекст на задржувањето од имиграциски причини, често пати има невообичаено голем број жени и деца во центрите за задржување, вклучително и бремени жени и жени со мали деца. Оттука, здравствените проблеми на жените и грижата и третманот на бремените жени, доилките и нивните бебиња се крајно релевантни аспекти на задржувањето, кои треба да ги разгледа тимот што врши мониторинг. Специјалистичкиот медицински персонал ќе треба да биде добро информиран за културното и верското потекло на жените и бебињата во центрите за задржување, како и за секакво мачење или траума што можеби го претрпеле, вклучително и сексуално и родово засновано насилство[75] и експлоатација пред или во текот на престојот во центарот. Во врска со ова, жените што се нашле во конфликтни ситуации или кои паднале или самите се нашле во рацете на трговци или криумчари на луѓе треба да се сметаат дека се под посебен ризик. Семејствата чија глава е жена може да биде особено ранливо и медицинскиот персонал исто така треба да биде свесен за ризикот од семејно насилство, кој може да биде влошен од искуството во установата за задржување.

1 Доколку се задржани жени, медицинското лице што се наоѓа во центарот има специјалистичко знаење и искуство со проблеми поврзани со здравјето на жените и достапна е пренатална и постнатална грижа и третман

Извори: CEDAW 12; SMR 23(1); BR 10; PBPPDLA I; EPR 89; EU-RD 21; UNHCR-DG 9.3

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали има некакви специјалисти во рамки на медицинскиот тим? Колкумина?
- Дали има специјалисти за здравјето на мајката и детето? Колкумина?
- Дали има гинеколози на располагање? Колкумина?
- Дали родово специфичните здравствени услуги се барем еквивалентни на тие што им се достапни на жените во заедницата?
- Дали жените и нивните бебиња се здрави?

2 Ако се задржани бремени жени, во рамките на практичните можности, тие се пораѓаат во болница надвор од центарот за задржување

Извори: SMR 23(1); EPR 34.3

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Каде се случиле пораѓањата (местото на задржување, болница)?
- Ако некое бебе се роди во установата за задржување, дали е ова наведено во изводот на родени на детето?

3 Доколку бебињата и нивните мајки се задржани, медицинското лице на самото место има специјалистичко знаење и искуство по педијатрија и здравјето на мајката и детето

Извори: CRC 24(2)(d); PBPPDLA X

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали има педијатари?
- Колкумина? Дали соодносот е соодветен?

4 Превентивни здравствени прегледи и нега се достапни за жените и децата што се задржани од имиграциски причини на исто ниво како и за жените и децата во заедницата домаќин

Извори: BR 17-18; PBPPDLA X

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Каков конкретен превентивен лекарски преглед постои за задржаните жени, вклучително и проверка за сакатење на женските полови органи?
- Дали постои програма за вакцинирање?

5 Медицинските лица се посебно обучени за идентификување на ранливостите кај задржаните жени, земајќи го предвид нивното културно и верско потекло

Извори: UNHCR-DG 9.3; PBPPDLA X; BR 6-18

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали медицинските лица се сензибилизирани за потребите на жените соочени со родово засновано насилство, вклучително и жените или девојчињата што се жртви на трговија со луѓе?

4.6.4 Лица со ментални здравствени проблеми

Покрај жените и децата, и други лица, исто така, имаат специфични здравствени потреби, особено лицата што претрпеле мачење или траума или страдаат од ментална болест/попреченост.

Вакво внимание треба да се обезбеди во текот на првиот лекарски преглед за да се обезбеди преземање итни мерки (вклучително и алтернативни решенија на задржувањето), но исто така, и редовно преку процесот за ревидирање на задржувањето.

Овој дел треба да се прочита во врска со 4.8. Лица во состојба на ранливост/ризик.

1 Здравствениот преглед вклучува испитување на менталниот здравствен статус на задржаното лице и е интегрирано со проценката на другите социјални, физички и здравствени ранливости

Извори: CRPD 25; BPP 24-26; SMR 24; RPJDL 50; BR 6(b); PBPPDLA IX(3); EU-RD 22; CPT/Inf (2009) 27 §90

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали лекарскиот преглед вклучува проценка на менталното здравје?
- Колку задржани лица имаат проблеми со менталното здравје (возраст, историја, причини)?
- Дали има лекарски извештаи за негативните здравствени ефекти од континуираното задржување во поединечните случаи?
- Дали здравствени работници дале препораки за ослободување врз основа на менталното здравје (број, институционален одговор, одговор на судско или друго независно тело за ревизија)?
- Колку е раширена примената на алтернативни решенија на задржувањето врз основа на менталното здравје (во принцип, во практика, бројки и услови за ослободување)?

2 Задржаните лица имаат пристап до специјализиран третман за ментално здравје доколку е потребно и во специјализирани институции или цивилни болници, во согласност со условите

Извори: SMR 22(1), (2), 82-83; RPJDL 53; PBPPDLA III(3); EPR 4

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Каков тип специјализирана грижа за менталното здравје е достапна во местото на задржување? Со упат?
- Дали има докази за злоупотреба на лекови што не се на рецепт? Како се работи на ова?
- Колку е раширена употребата на антидепресиви, седативи, апчиња за спиење и психотропни лекови? Колку често се проверуваат рецептите?

3 Првиот лекарски преглед на лицата задржани од имиграциски причини е приспособен и сензибилизиран на можноста дека задржаното лице било жртва на мачење или на траума

Извори: SMR 24; BR 6(e); PBPPDLA IX(3); CPT/Inf (2009) 27 §90

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали персоналот добива некаква обука за ефективна истрага и документирање на мачење и несоодветно постапување (Истанбулскиот протокол)?[76]
- Дали на жртвите на мачење или траума им се дава некаква психосоцијална помош?

4.7 ПЕРСОНАЛ

Видот на институцијата одговорна за управување со местото на задржување (на пр., полиција, гранична полиција, затворски персонал, приватен субјект со кој е склучен договор, имиграциската служба) ќе влијае на севкупната институционална култура[77] и на општата атмосфера.

Персоналот што е одговорен за задржувањето од имиграциски причини има тешка задача да се справи со задржаните лица, кои може да не ги разбираат причините за своето задржување, комбинирано со проблемите во комуникацијата. Затоа е важно лицата што вршат мониторинг да не го превидат персоналот, без разлика на нивната улога, со оглед на тоа што нивните квалификации, обука, способност и однос се некои од клучните детерминанти за тоа како ќе се постапува со задржаните лица. Дополнително, доколку е персоналот преоптоварен со многу работа, а малку е платен и/или не е ценет, ова може да има негативен ефект врз атмосферата во установата.

Лицата што вршат мониторинг треба да запомнат дека условите во центарот за задржување се исто така и услови за работа на персоналот. Персоналот и управата не се лишени од својата слобода, но може да се под стрес и нервозни, може да се сведоци на стресни инциденти, а може дури и да се жртви на агресивно или насилно однесување. Секако, персоналот може да врши или да дозволува чинови на заплашување, несоодветно постапување или запоставување. Тие може да уживаат во својата работа или може да сметаат дека е таа неблагодарна, недоволно платена, па дури и депресивна. Каков и да е случајот, нема сомнеж дека благосостојбата на персоналот и на управата, кои работат на места за задржување, не е важна самата по себе, но директно влијае на чувството на благосостојба и безбедност кај задржаните лица. Како такви, нивните гледишта во однос на функционирањето на местото на задржување и подобрувањата што ги сметаат

за неопходни се крајно релевантни. Персоналот, исто така, може да претставува важен извор на информации во врска со постапувањето со задржаните лица.

Општо гледано, членовите на персоналот имаат две функции: одржување на сигурноста и безбедноста, и давање услуги. Во зависност од големината и природата на местото на задржување, овие функции можат или не можат да бидат спроведени од страна на различни групи од персоналот. Информациите за двете функции ќе бидат релевантни за тимот за мониторинг. Лицата што вршат мониторинг можат да очекуваат дека некои членови на персоналот можеби ќе бидат повоздржани од други, и може да гледаат на тимот за мониторинг како на натрапници. Сепак, важно е тимот да биде упорен. Држењето и приемливоста на персоналот при проверката може да ја каже целата приказна, упатувајќи на културата на средината на задржување. Важно е да се запомни дека членовите на персоналот се дел од секојдневниот живот на задржаните лица.

4.7.1 Односите меѓу персоналот и задржаните лица и безбедноста

Тешко е да не се нагласи важноста на добрите односи меѓу персоналот и задржаните лица во една затворена средина каде што се држат. Кога задржаните лица чувствуваат дека персоналот и управата ги почитуваат како луѓе и внимаваат на нивното достоинство, вклучително и на несигурноста на нивната ситуација и нивното културно, етничко и религиозно потекло, тоа веројатно ќе влијае на позитивен начин на нивното чувство на благосостојба. Бидејќи позитивните односи влијаат како основа за динамичката безбедност, задржаните лица е поверојатно да ја преземат одговорноста за своите дејства и одлуки и да соработуваат со персоналот и управата. Од своја страна, доколку персоналот и управата се чувствуваат почитувани како луѓе, не само поради моќта и власта што ја поседуваат, тоа исто така, веројатно ќе има позитивен ефект и врз нивната благосостојба и тие ќе имаат поздрава работна средина.

Работата на места каде што се задржуваат лица од имиграциски причини може да биде напорна и понекогаш длабоко да погодува, особено во случаи кога задржаните лица се под голем стрес или се самоповредуваат, или искусуваат некои други непредвидени моменти на криза. Целиот персонал треба да помине низ обука за стратегии за управување со кризи. Исто така, треба да им се понуди, а во некои околности и да се бара, од време на време да поразговараат со квалификуван персонал, како поединечно така и како група.

1 Односите меѓу персоналот/функционерите и задржаните лица се љубезни, пристојни и учтиви цело време

Извори: ICCPR 10(1); CMW 17(1); CRC 37(c); ACHR 5(1); ACHRP 5; PBPPDLA I, XX

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Каква е општата атмосфера меѓу персоналот и задржаните лица?
- Дали управата и централните власти охрабруваат позитивна интеракција меѓу персоналот и задржаните лица?
- Дали персоналот учествува во рекреативните, спортските или културните активности со задржаните лица?
- Дали на задржаните лица им се обраќаат со името што тие го претпочитаат? Дали персоналот ги третира просториите каде што се сместени задржаните лица како нивен приватен простор?

2 Дали персоналот ги извршува своите обврски внимателно, постапува со приватните и/или доверливите информации што ги поседува внимателно и со почит и сфаќа дека има обврска да се грижи за сите задржани лица?

Извори: CRPD 22(2); CCLEO 4; PBPPDLA XX; EPR 72

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Кои се забелешките на тимот во однос на држењето и однесувањето на персоналот?
- Дали има докази за несоодветни односи меѓу персоналот и задржаното лице (на пр., сексуална експлоатација, корупција, манипулаторско однесување или злоупотреба)?
- Дали персоналот ги почитува задржаните лица поради начинот на кој се однесуваат тие?

3 Елементите на динамичната безбедност се воспоставени така што: односите (персонал –задржано лице, персонал – персонал и задржано лице – задржано лице) се позитивни; односите локална заедница – задржано лице се позитивни; постои конструктивна активност да се држат задржаните лица ангажирани; задржаните лица се добро подготвени за ослободување, трансфер или отстранување

Извори: ICCPR 10(1); EPR 73; 74; 75

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали задржаните лица се чувствуваат сигурно и безбедно (во текот на денот, навечер, на сите места)?
- Дали односите персонал – задржано лице се негуваат од персоналот и/или од управата? Ако е така, како? Дали е тоа ефективно?
- Дали постојат програми за посета од локалните заедници?
- Дали задржаните лица се ангажирани со целисходни активности?

---

4 Мерките, заедно со причините што се преземаат за да се обезбеди или да се одржи „безбедноста и редот", се целосно документирани во безбедносен регистар

Извори: BPP18(3), 25, 29(2); PBPPDLA XXII

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали постои безбедносен регистар? Како се води?
- Дали е ажуриран безбедносниот регистар?

4.7.2 Ангажирање на персоналот, обука и однесување

Камен-темелник на хуманиот концепт на задржување од имиграциски причини е персоналот да биде соодветно регрутиран и обучен. Во врска со ова, имиграциските службеници, извршителите, медицинскиот персонал и сите други лица инволвирани во лишувањето од слобода или постапувањето со лицата задржани од имиграциски причини, вклучително и ангажираните приватни субјекти, треба да добијат соодветни и тековни насоки, обука, надзор и поддршка.

Персоналот треба да усвои став во своите односи со задржаните лица кој е соодветен и пристоен. Персоналот треба да биде со различна стручна подготовка и искуство, особено оние со искуство во заедницата со работа со лица од различно културно или верско потекло.

---

1 Персоналот внимателно се избира и се ангажира поради својот интегритет, хуманост, професионален капацитет и лична соодветност за работа во места каде што се задржани лица од имиграциски причини

Извори: SMR 46(1), 47; RPJDL 82; PBPPDLA XX; CPT/Inf (97) 10 §29; EPR 76; 77

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Кои се условите за ангажирање на персоналот кој е во контакт со задржаните лица?

- Дали стручната квалификација, искуството и карактерните особини се земаат предвид при процесот на регрутирање?

2 Персоналот што се ангажира има различна стручна подготовка и соодветна јазична заднина

Извори: SMR 49, 51(1); EPR 87.2

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Кој е уделот на персоналот што доаѓа од затворите?
- Кој е уделот на социјалните работници меѓу персоналот? Колку членови на персоналот зборуваат јазик релевантен за задржаните лица?
- Колку членови на персоналот се од истата култура или вероисповед како и задржаните лица?
- Дали има културни посредници, социјални работници, толкувачи, психолози и др.?

3 Родовиот сооднос кај персоналот е соодветен на групата задржани лица

Извори: BPP 5(2); RPJDL 83; SMR 53; PBPPDLA XX; EPR 85

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали соодносот на персоналот и задржаните лица е соодветен за да се обезбеди сигурност и безбедност?
- Кој е соодносот меѓу мажите и жените кај персоналот?
- Дали има жени на високи раководни позиции?

4 Персоналот е обучен и покажува разбирање за прашањата поврзани со разновидноста, вклучително социјалната, културната, јазичната и верската разновидност, како и за посебните потреби на лицата во ситуација на ранливост

Извори: CCLEO 2; BPP 5 BPP 33; SMR 47(2); RPJDL 83, 85; UNHCR-DG 8; PBPPDLA XX; CPT/Inf (97) 10 §29; EPR 81

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали персоналот има добри меѓучовечки и комуникациски вештини?
- Дали ова се цени од управата, персоналот и од задржаните лица?
- Дали е персоналот обучен за културна свест, верска толеранција и

чувствителност?

- Дали е персоналот свесен и чувствителен на потребите на децата, жените, ЛГБТИ-лицата и постарите?
- Дали е персоналот обучен да ги препознае можните симптоми на реакции на стрес кои ги покажуваат задржаните лица (било посттрауматски или предизвикани од општествено-културните промени) и да преземат соодветни дејства?

5 Постои јасен редослед на отчетност и структури за поднесување пријави за персоналот за да се обезбеди тие да ги остваруваат своите обврски на начин со кој се почитуваат правата и достоинството на задржаните лица

Извори: SMR 48; RPJDL 87; PBPPDLA XXIV; EPR 83, 84

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали постои кодекс на однесување за персоналот и дали е персоналот свесен за кодексот на однесување?
- Дали дисциплинските и мерките за отчетност се соодветни и делотворни?
- Дали се работи на случаите на користење непримерен јазик и однесување?

6 Професионалните капацитети на персоналот се препознаваат и се почитуваат, работното време е разумно и платата е соодветна

Извори: SMR 46(3); RPJDL 83; EPR 78, 79

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали е соодветен опсегот на плати на персоналот?
- Дали е сигурно нивното работно место?
- Дали имаат пристап до можности за професионален развој и напредување во кариерата?
- Дали се прифатливи работните услови (ротација, паузи, одмор, боледување)?

7 Персоналот има на располагање бесплатен пристап до услуги на анализа и советување

Извори: BPUFF 21

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали персоналот е соодветно поддржан и под надзор на работното место?
- Дали анализата и советувањето се достапни и се охрабруваат?

4.8 ЛИЦА ВО СОСТОЈБА НА РАНЛИВОСТ/РИЗИК

Секое лице што е лишено од својата слобода е ранливо или соочено со ризик. Но, некои лица задржани од имиграциски причини се особено ранливи и треба да се преземат посебни мерки од властите за да се осврнат на нивните посебни потреби. Степенот на ризик во контекст за задржувањето значително е засегнат од самата средина во местото на задржување[78], како и од низа лични карактеристики, вклучително и од: возраста, полот/родот, нивото на образование, јазикот, психолошкиот и физичкиот здравствен статус, сексуалната ориентација или родовиот идентитет, социјалната изолација и индивидуалната отпорност или заштитните фактори на задржаното лице.

Телата што вршат мониторинг треба да играат клучна улога во:

- нагласувањето на владините политики или практики на задржување на особено ранливи барателите на азил и на мигранти, кои не треба да бидат задржани;
- давањето можност на посебно ранливите поединци да можат да искористат соодветна помош и заштита;
- привлекување на вниманието на властите на конкретните потреби на оние што се особено ранливи.

4.8.1 Основни принципи

Се внимава задржувањето да биде неопходно, а сразмерноста се однесува на тоа да се земат предвид специјалните околности и потреби на секое лице во одлуките за задржување (UNHCR-DG 4). Процесот на проверка и проценка може да се искористи од страна на оние што одлучуваат, со цел да ги идентификуваат лицата во состојба на ранливост и да идентификуваат соодветни алтернативни решенија на задржувањето. Кога е задржувањето неопходно како последна мерка, процесот на проверка и проценка, исто така, може да помогне за да се обезбеди условите на задржување да бидат соодветни на нивните специфични околности.

1 Задржувањето на лица што се во состојба на ранливост е само во вонредни услови и се користи само како последна мерка по активно разгледување на алтернативите решенија на задржувањето/ослободувањето

Извори: SRHRM §43; UNHCR-DG 4, 9

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали има процеси на проверка и оцена за да се идентификуваат задржаните лица што припаѓаат на ранлива категорија?
- Дали има ранливи лица што се задржани во центарот (број, возраст, род, државјанство, вид на ранливост)?
- Дали одлуките за задржување на ранливи лица ги земаат предвид личните потреби и ранливоста и утврдуваат вонредни околности што го оправдуваат нивното задржување?
- Дали овие одлуки оправдуваат зошто не биле искористени никакви алтернативни решенија на задржувањето?
- Дали задржаните лица што се особено ранливи имаат приоритет во однос на алтернативните решенија на задржувањето/ослободувањето?

2 Центарот за задржување има активна политика за еднаквост и недискриминација

Извори: CEDAW 2; CERD 7; CRPD 4, 5; BR 31

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали центарот има воспоставена политика за еднаквост и недискриминација, која прикажува како ќе потребите на ранливите групи бидат препознаени и како ќе бидат адресирани?
- Дали е персоналот запознаен со оваа политика? Дали е таа соодветно спроведена?
- Дали се презема проценка по пристигнувањето во центарот на задржување за да се идентификуваат ранливостите и како да се одговори на одредени потреби на ранливите задржани лица?
- Кога се спроведува проценка, како се прави тоа во практиката? Дали на задржаните лица им се гарантира дека информациите ќе се сметаат за доверливи?
- Дали се води евиденција за ранливостите и посебните потреби?

3 Персоналот е обучен за еднаквост и недискриминација и како да одговори на потребите на лицата во состојби на ранливост

Извори: CCLEO 2; CEDAW 2; CERD 6, 7; CRPD 4, 5; SMR 47; EPR 81.3

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали е персоналот обучен за еднаквост и недискриминација?
- Дали јасно разбираат како да одговорат на потребите на различни групи/поединци во состојба на ранливост?

4 Задржаните лица можат да се жалат на било каков инцидент на дискриминација или злоупотреба (види, исто така, 4.1.6.)

Извори: BPP 33; SMR 36; BR 25; EPR 70

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали задржаните лица можат да се пожалат во доверба за дискриминирачки третман или однесување на сопствениот јазик на властите надлежни за задржувањето, на некои независни или судски тела?
- Дали задржаните лица што се жалат веднаш добиваат заштита, поддршка и советување според условите? Дали мерките за заштита ја земаат предвид и можноста од одмазда?
- Дали по жалбите се постапува брзо и се одговара на нив без непотребно одлагање?

4.8.2 Деца[79]

Конвенцијата за правата на детето (КПД) го дава основното водечко начело дека „во сите активности што се однесуваат на децата, најдобрите интереси на детето ќе бидат од најголема важност“ (КПД 3). Постои глобално признание дека, во принцип, децата барателите на азил и мигранти воопшто не треба да се затвораат или можат да се задржат само како последна мерка и на „најкраткото соодветно време“ (КПД 37 (б))[80]. Насоките од Комитетот за правата на детето исто така упатуваат дека децата никогаш не требат да бидат подложени на казнени мерки врз основа на нивниот миграциски статус или тој на нивните родители и дека секое задржување од имиграциски причини на едно дете е спротивно на принципот „во најдобар интерес на детето“ и ќе претставува повреда на правата на детето. Во случај децата да се држат во установи за задржување од имиграциски причини, лицата што вршат мониторинг треба да бидат особено претпазливи. Кон сите задржани деца има посебни обврски поради нивниот статус и дистинктивните потреби на децата. Правилата

на Обединетите нации за заштита на малолетници лишени од слобода (РПЈДЛ) дава важни насоки, кои се фокусираат на правата и потребите на децата што се задржани.

Во практиката задржувањето деца во контекст на имиграцијата и понатаму е реалност што отвора низа прашања во смисла на заштита на физичкиот и менталниот интегритет, како и во врска со семејните врски, образованието и социјалната (ре)интеграција. Постојат силни докази дека задржувањето има длабоки и негативни последици по здравјето и развојот на децата, без разлика на условите во кои се чуваат тие. Дури и многу кратки периоди на задржување можат да ѝ наштетат на психолошката и на физичката благосостојба на децата и да го компромитираат нивниот когнитивен развој. Децата што се задржани се соочени со ризик да страдаат од депресија и нервоза, и често покажуваат симптоми што се конзистентни со посттрауматско стресно нарушување (ПТСН), како што се несоница, кошмари и мокрење во сон. Чувствата на безнадежност и фрустрација можат да се манифестираат како чинови на насилство врз себе или врз други. Извештаите за ефектите врз децата од задржувањето од имиграциски причини укажуваат на наоди на зголемени стапки на самоубиства, обиди за самоубиство и самоповредување, ментални нарушувања и проблеми во развојот, вклучително и сериозни нарушувања во однос на приврзувањето со луѓе.

1 Децата во принцип не се задржуваат. Кога ќе се задржат, тоа е само како последна мерка и треба да биде колку што е можно пократко

Извори: CRC 37(b); RPJDL 1, 2; UNHCR-DG 9.2; CPT/Inf (2009) 27 §97

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Која е политиката на државата во врска со задржувањето на децата?
- Дали има деца што се наоѓаат во установата?
- Колку долго биле задржани? Кое е просечното времетраење?
- Колку често се ревидира задржувањето на децата?
- Кој тип алтернативни решенија на задржувањето биле разгледани во конкретниот случај?
- Какви мерки се преземени за да се обезбеди задржувањето да биде колку што е можно пократко (на пр., забрзување на имиграциските барања)?
- Дали надворешни агенции за деца имаат пристап до задржаните деца?

2 Сите одлуки се носат во најдобар интерес на детето

Извори: CRC 3; UNHCR 9.2; EU-RD 23(1); EPR 35, 36

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Како влијае задржувањето на децата?
- Дали има некакви индикации за негативни последици? Како се работи на нив?
- Дали задржаните лица имаат пристап до образование, рекреација, слободно време, социјална поддршка и материјална помош? Дали децата се ослободуваат привремено (на пр., на дневна основа) за да учествуваат во овие активности?

3 Децата не се разделени од своите родители спротивно на својата волја

Извори: CRC 9; ICCPR 23; ICESCR 10

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали има деца што се разделени од своите родители во установата за задржување?
- Дали има процес за утврдување што е во нивен најдобар интерес?[81]

4 Децата не се задржуваат поради имиграцискиот статус на нивните родители или старатели

Извори: CRC 2; SRHRM §40

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали има деца што се задржани поради имиграцискиот статус на своите родители?
- Дали активно се разгледуваат можностите за алтернативни решенија на задржувањето?

5 Децата никогаш не се сместуваат со возрасни во установите за задржување, освен ако не припаѓаат на истото семејство

Извори: CRC 3; RPJDL 28, 29; EPR 35.4; EU-RD 23(5); SMR 8(d)

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали децата се сместени со други возрасни (кои не се членови на нивното семејство) во установата за задржување?

6 Секое дете лишено од слобода веднаш добива правна помош и право да го оспори задржувањето

Извори: CRC 37(d)

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали децата имаат правна помош околу имигрантските и азилантските постапки и можност да го оспорат задржувањето пред суд?

4.8.3 Непридружувани или разделени деца

Понекогаш децата мигрираат, или патуваат сами, или се разделуваат од своите родители, или лицата што се грижат за нив во текот на миграцијата, или бегството од прогон, или други ситуации на конфликт и насилство. Децата без родители или старатели се особено ранливи на сексуална и економска експлоатација, трговија и злоупотреба. КПД уредува дека дополнително на правата што им се обезбедуваат на сите деца мигранти, непридружуваните деца имаат посебни потреби во однос на заштитата и помошта. Комитетот за правата на детето јасно вели дека генерално не треба да бидат задржувани (CRC-GC 6). Со оглед на алтернативните решенија на задржувањето, тешко е да се замисли ситуација во која задржувањето на непридружуваното дете би било оправдано (WGAD A/HRC/13/30).

1 Непридружуваните или разделените деца генерално не се задржуваат. Задржувањето не е оправдано од фактот дека тие се непридружувани или разделени, или врз основа на нивниот миграциски статус. Тие не се криминализирани поради нелегален влез или присуство

Извори: CRC-GC 6; SRHRM §40; UNHCR 9.2; EU-RD 2

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали има непридружувани или разделени деца во установата за задржување?
- Дали има воспоставени процеси за проценка на возраста на децата чија возраст е спорна?
- Колку долго се лишени од слобода?
- Кое е оправдувањето за нивното задржување? Каков вид алтернативни решенија на задржувањето се разгледуваат?
- Дали одлуките за задржување оправдуваат зошто алтернативните решенија на задржувањето не биле искористени (на пр., договори за старателство, престојување со возрасни роднини, алтернативни видови згрижување или сместување)?

2 На сите непридружувани или разделени деца кои се задржани, им се доделуваат старатели што ги надгледуваат сите одлуки кои влијаат на нив, во најдобар интерес на детето

Извори: CRC 18(2), 20(1); CRC-GC 6 p.11; SRHRM §41; EU-RD 24

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали непридружуваните или разделените деца имаат старатели што им се назначени, кои внимаваат сите одлуки да се донесуваат во нивен најдобар интерес?
- Колку често непридружуваните или разделените деца се во контакт со старателите?
- Дали старателите се активни во застапувањето на најдобрите интереси на детето?

3 Постои воспоставен процес за обединување на децата бегалци со нивните родители (види дел 4.5.1.)

Извори: CRC 22

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали државата презема чекори за обединување на непридружуваните или разделените деца со своите родители?

4.8.4 Жени

Жените што се задржани од имиграциски причини имаат различни потреби, кои треба да бидат задоволени. Иако некои категории жени, вклучително бремените жени и мајките доилки, не треба воопшто да бидат задржани, а доколку се задржани поради некои вонредни причини, тогаш треба да им се обезбеди посебна медицинска и друга поддршка. Исто така, потребите што се поврзани со родово специфичната хигиена и со прашањата на репродуктивното здравје на жените, треба да бидат задоволени. Властите мора да утврдат мерки за спречување сексуално злоупотребување и други форми на родово засновано насилство, како и да им одговорат на потребите на жртвите.

1 Центарот за задржување има јасни политики и прописи за обезбедување максимална заштита од сексуално и родово засновано насилство, дискриминација и злоупотреба за задржаните жени

Извори: CEDAW 2; BR 31; IACPPEVAW 3, 4; EPR 34

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали центарот за задржување има јасни политики и прописи за да обезбеди максимална заштита од сексуално и родово засновано насилство, дискриминација и злоупотреба за жените што се задржани?
- Дали е персоналот запознаен со нив?
- Дали политиките се спроведуваат соодветно?

2 Персоналот што работи со задржаните жени е обучен за конкретните потреби на задржаните жени

Извори: CEDAW 2; BR 33; IACPPEVAW 7

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали персоналот што работи со задржаните жени јасно ги разбира нивните конкретни потреби (вклучително на бремените жени и на мајките доилки)?
- Дали е персоналот обучен за ова?

3 Жените се разделени од мажите во местото на задржување, освен во случаи кога се работи за семејства, во согласност со условите. Персоналот што работи со задржаните жени е составен од жени

Извори: SMR 8(a); SRHRM §36, 37

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали се жените одделени од мажите во центарот за задржување?
- Дали има посебно сместување за семејствата?
- Дали е одреден женски персонал да работи со задржаните жени?

4 Бремените жени и мајките доилки не се задржуваат. Активно се бараат алтернативни решенија на задржувањето

Извори: BR §9; UNHCR-DG 9.3

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали има бремени жени или мајки доилки во центарот за задржување?
- Кое е оправдувањето за нивното задржување? Дали активно се разгледувале можностите за алтернативни решенија пред одлуката за нивно задржување?

5 Дисциплинските санкции за задржаните жени не вклучуваат забрана за контакт со семејството, особено не со децата. Казнувањето преку затворање или дисциплинско одделување не се применува врз бремените жени, жените со мали деца и мајките доилки што се задржани

Извори: BR 22, 23

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали дисциплинските санкции вклучуваат забрана за контакт со семејството?
- Дали одделувањето се користи како казна против бремените жени, жените со мали деца или мајките доилки?

6 Сместувањето за жени ги има условите и средствата што се потребни за остварување на нивните посебни хигиенски потреби и оние на нивните деца, во согласност со условите

Извори: BR 5; EPR 19.7

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали им се обезбедуваат бесплатни хигиенски влошки?
- Дали има редовно снабдување со чиста вода за лична хигиена на децата и жените, особено бремените жени, жените што дојат или имаат менструација?

Забелешка: Родово специфичната здравствена нега е вклучена во делот 4.6.3.

4.8.5 Лица со ментална или физичка попреченост

Задржувањето од имиграциски причини на лицата со ментална или физичка попреченост е премногу често, а на местата на задржување од имиграциски причини честопати им недостасуваат ресурси за да му се овозможи на секое лице лекарско внимание и нега (SRHRM §46). Задржувањето од имиграциски причини ги влошува постојните проблеми со менталното и физичкото здравје и може да предизвика широко распространета и сериозна штета по менталното и физичкото здравје на задржаните лица[82]. Од овие причини лицата што страдаат од ментална попреченост никогаш не можат да бидат задржани. Наместо тоа, тие треба да бидат набљудувани и треба да бидат згрижени во специјализирани институции под лекарски надзор (SMR 82). Во некои случаи, континуираното задржување од имиграциски причини и пропустот да се најдат алтернативни решенија на задржувањето за барателите на азил и мигрантите со ментална или физичка попреченост може да достигне ниво на мачење и сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување[83]. Треба разумно да им се излезе во пресрет на околностите во кои се наоѓаат лицата со физичка попрепеченост?

1 Постоењето на попреченост во никој случај нема да го оправда лишувањето од слобода. Лицата што страдаат од ментална попреченост, во принцип, не се задржуваат и имаат пристап до алтернативни решенија на задржувањето во заедницата, во согласност со условите

Извори: CRPD 14, 19; BR 60; PBPPDLA III(III); UNHCR-DG 9.5

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали во центарот за задржување има лица со ментална или физичка попреченост? Дали има задржани лица со сериозни видови попреченост?
- Дали има докази дека лица со попреченост биле лишени од својата слобода врз основа на нивната попреченост (на пр., лишени од пристап до алтернативни решенија на задржувањето поради неспособноста да се пријават кај властите)?
- Дали се размислило за алтернативни решенија на задржувањето?

2 Секое задржано лице е проценето колку што е можно побрзо по приемот во установата за задржување и потоа, според потребите, со посебен фокус на утврдување физичка или ментална болест и преземање на сите неопходни мерки. Здравствениот работник е задолжен за грижата за затворениците со проблеми со физичкото или со менталното здравје

Извори: SMR 24, 25

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали задржаните лица со попреченост се оценети во однос на нивните медицински потреби и брзо и систематски се идентификуваат по пристигнувањето во установата за задржување?
- Дали се обезбедуваат клинички психолошки и психијатриски услуги и проценки за да се утврдат менталните болести кај задржаните лица?
- Дали има медицински или здравствени стручни лица кои можат да направат дијагноза на здравствените услови или да идентификуваат попреченост и/или да препорачаат мерки за да се одговори на нивната попреченост?

3 Со лицата со попреченост се постапува во согласност со нивните човекови права и без дискриминација, вклучително и преку обезбедување „разумно сместување“

Извори: CRPD 6, 7, 14(3), 15-17, 18(1)(b); BR 1(b); BPP 5(2); UNHCR-DG 9.5

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали центарот за задржување има политики за заштита на правата на лицата со попреченост кога се задржани од имиграциски причини?
- Какви приспособувања се направени за да се одговори на потребите на лицата со попреченост? Дали се тие адекватни/разумни?

4.8.6 Лица жртви на трговија со луѓе

Иако лицата што биле предмет на трговија можеби влегле во државата или останале во државата на нелегален начин, како жртви на експлоатација тие не треба да бидат држени во установа за задржување од имиграциски причини или да се употребуваат други форми на лишување од слобода[84]. Лицата што биле предмет на трговија, пред сè ,се жртви и не треба да бидат задржани, обвинети или казнети за нелегалниот влез или престој, или за некаква инволвираност во незаконски активности што се директна последица од нивната ситуација како лица со кои е тргувано[85]. Наместо тоа, на државите им се препорачува да усвојат

законски прописи или други соодветни мерки што ќе им дозволат на лицата со кои е тргувано да останат привремено или постојано во рамките на државата (ATP 7, §1).

1 Лицата со кои е тргувано не се задржуваат од имиграциски причини. Тие никогаш не се држат заедно со трговците

Извори: ATP 7(1) (4); OHCHR-TG; SRTP §95

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали има процес на оцена и идентификување на лицата со кои е тргувано?
- Дали има задржани лица со кои било тргувано? Во кои околности било тргувано со нив?
- Дали одлуките за задржување на лицата со кои е тргувано го земаат предвид она низ што поминале? Дали одлуките оправдуваат зошто алтернативните решенија на задржувањето не биле искористени (на пр., безбедни куќи и соодветно управување со згрижувањето)?
- Дали постојат мерки (на пр., проверки) што се воспоставени за да се овозможи лицата со кои се тргувало да не бидат држени заедно со оние што тргувале со нив?

2 Лицата со кои е тргувано добиваат помош и заштита

Извори: ATP 6(3)(a); OHCHR-TG 8, 9

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали лицата со кои е тргувано имаа пристап до адвокат, правни постапки, социјална поддршка и советување?

4.8.7 Жртви на мачење и траума

Жртвите на мачење и друго сериозно физичко, психичко или сексуално насилство се психолошки ранливи поради траумата што ја искусиле. Задржувањето веројатно ќе ги влоши нивните симптоми, кои бараат етика на грижливост наместо задржување. Жртвите на мачење и траума редовно се барателите на азил и бегалци. Задржувањето на жртвите може само по себе да достигне нечовечно и понижувачко постапување (SRHRM §44). Овој дел треба да се чита заедно со 4.8.5.

1 Жртвите на мачење или друго физичко, психичко или сексуално насилство, во принцип, не се задржуваат

Извори: SRHRM §44; UNHCR-DG 9.1

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали одлуките за задржување ја земаат предвид претходната историја на мачење или траума?
- Дали одлуките даваат оправдување зошто не биле искористени алтернативни решенија за лицата што преживеале мачење/траума?

2 Постои протокол за справување со случаи кога задржаните лица обелоденуваат информации за претходно малтретирање, мачење или траума

Извори: ICCPR 7; UNCAT 2; EU-RD 25

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали историјата на случајот вклучува сеопфатен приказ на мачењето/траумата?
- Дали постои план за нега на задржаните лица, жртви на мачење/траума?
- Дали релевантните власти се информираат за случаите на несоодветно постапување од минатото (доколку побараат/се согласат задржаните лица)?
- Какви статистички податоци се располагање во врска со оние што се идентификувани дека претходно биле предмет на мачење и/или траума?

3 Првиот лекарски преглед на лицата задржувани од имигрициски причини е приспособен и чувствителен на можноста дека задржаното лице можеби било жртва на мачење или траума

Извори: ICCPR 10; BPP 24; SMR 24; EU-RD 25; PBPPDLA IX(3)

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали здравствените работници се обучени за работа со лица што преживеале мачење или друг вид траума?
- Дали има медицински регистар? Дали специфичните случаи се заведени во посебен регистар?

4.8.8 Лица без државјанство

Бидејќи лицата без државјанство, генерално, не можат да ја искористат конзуларната и дипломатската заштита на една држава, честопати не поседуваат документи за идентификација и немаат земја во која можат да се вратат, тие се особено ранливи на продолжено задржување од имигрициски причини. Всушност, повеќето лица без државјанство живеат во земјите во кои се родени или во кои имаат вообичаено место на престој, и затоа не треба да се третираат како случаи на имиграција.

1 Неможноста за отстранување/депортирање на лицата без државјанство треба да биде земена предвид при донесувањето на одлуките за задржување. Задржување на неодредено време е незаконско.

Извори: CSSP 26, 27; UNHCR-DG 6; SRHRM §47

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали има лица без државјанство што се задржани? Колку долго се во установата за задржување? Кој е просечниот период на задржување?
- Какво е оправдувањето за нивното задржување?
- Дали има случаи на лица без државјанство кои се држат на неодредено времепоради тоа што немаат документи или државјанство? Дали лицата без државјанство што се задржани имаат пристап до постапки за утврдување на бездржавјанството?

2 Со лицата без државјанство се постапува во согласност со нивните човекови права и без дискриминација

Извори: CSSP 3, 5; UNHCR-DG §4; SRHRM §47

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали лицата без државјанство имаат пристап до истите стандарди во установата за задржување како и другите задржани лица? Дали има индикации за дискриминирачко постапување?

4.8.9 ЛГБТИ-лица

Лицата што се лезбијки, геј, бисексуалци, трансродови и интерсексуални (ЛГБРИ), соочени се до зголемен ризик да бидат подложени на физичко, психолошко и/или сексуално насилство или злоупотреба во услови на задржување, како од страна на персоналот така и од страна на другите задржани лица[86]. Тие можат да имаат посебни медицински потреби и потреби за советување. Самицата или административното одделување, иако честопати се користи од властите, не е соодветен начин за обезбедување на безбедност за задржаните лица од ЛГБТИ-заедницата. Доколку нивната безбедност не може да се гарантира во установата за задржување, задржаните лица што се ЛГБТИ треба да бидат ослободени безусловно или да бидат упатени на алтернативни решенија на задржувањето.

1 Персоналот е обучен за недискриминација и еднаквост во однос на родовиот идентитет и сексуалната ориентација и тој е сензибилизиран за специфичните потреби на ЛГБТИ-лицата

Извори: ICCPR 10(1); YP 9(g)[87]; UNHCR-DG 9.7

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали персоналот има јасно разбирање за потребите од заштита и грижа за задржаните лица што се ЛГБТИ?
- Дали персоналот е обучен за еднаквост и недискриминација во однос на родовиот идентитет и сексуалната ориентација?
- Дали постои кодекс на однесување или сличен документ што ја покрива сексуалната ориентација и родовиот идентитет? Дали дискриминацијата за сексуалната ориентација или родовиот идентитет се санкционира на ист начин како и другите форми на дискриминација?

2 Задржаните лица што се ЛГБТИ имаат пристап до соодветна здравствена заштита и советување, приспособени на нивните специфични потреби

Извори: YP 9(b)

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали задржаните лица што се ЛГБТИ имаат пристап до соодветна здравствена заштита и советување, вклучително, на пример, во однос на репродуктивното здравје или пристап до информации и лекови за ХИВ/СИДА?

3 Воспоставени се мерки за заштита заради спречување насилство или злоупотреба на ЛГБТИ-лицата

Извори: ICCPR 7; YP 9(d); UNHCR-DG 9.7

Совети за лицата што вршат мониторинг

- Дали има примери на насилство, физичка или сексуална злоупотреба на задржаните лица кои се ЛГБТИ?
- Како центарот за задржување ја гарантира сигурноста и безбедноста на задржаните лица кои се ЛГБТИ од насилство и од злоупотреба?
- Дали некогаш се користат самица или административно одвојување заради безбедност на задржаните лица кои се ЛГБТИ? Како се применуваат таквите мерки, а притоа, да се внимава да не се повредат другите права?
- Какви процедури постојат за да се земат предвид трансродовите преференции во врска со нивното сместување?
- Дали постои можност за безусловно ослободување и алтернативни решенија на задржувањето, кога центарот не може да ја гарантира нивната безбедност?

ФУСНОТИ

[1] United Nations Human Rights Committee (CCPR), General Comment No. 15: *The Position of Aliens under the Covenant,* 11 April 1986, §5, достапен на: http://goo.gl/oiMW1M Види, исто така, *Moustaquim v. Belgium* (1991), Council of Europe: European Court of Human Rights (ECtHR), App. No. 26/1989/186/246, §43, достапен на: http://goo.gl/xl0gD7 и *Vilvarajah and Others v. the United Kingdom,* (1991), ECtHR, App. No. 45/1990/236/302-306, §103, достапен на: http://goo.gl/wKOlJR

[2] За потребите на овој Прирачник, „барателиnа азил и мигранти" се користи со пошироко значење и се однесува на различни категории лица кои се движат од една земја, било да е тоа земјата на потекло или вообичаеното место за престој во друга земја. Овој концепт ќе ги опфати и лицата што се движат поради потреба од заштита, како што се бегалците и барателите на азил, како и специфичната ситуација на лицата без државјанство, но и оние што го прават тоа од економски или од други причини што не се поврзани со заштитата.

[3] Посебните категории би вклучувале бегалци, барателина азил, лица без државјанство, бремени жени и мајки доилки, деца (вклучително и непридружувани или разделени малолетници), лица со физичка или ментална попреченост, жртви на трговија со луѓе, постари лица, ЛГБТИ-лица, лица што преживеале мачење и/или траума и други луѓе со посебни здравствени потреби. Ова во повеќе детали е опфатено во делот 4.8.

[4] Види дефиниција за неврaќање (*non-refoulement*) во глосарот.

[5] ОПКАТ стапи на сила во јуни 2006 г. До ноември 2013 има 70 држави потписнички и дополнителни 21 потписници што допрва треба да го ратификуваат.

[6] UNHCR, *Note on the Mandate of the High Commissioner for Refugees and his Office,* October 2013, достапен на: http://www.refworld.org/docid/5268c9474.html

[7] „Специјални процедури" е општото име што им е дадено на механизмите воспоставени од Советот за човекови права за да се адресираат посебни ситуации во земјата или тематски проблеми во сите делови од светот. Во моментов има 36 тематски мандати и 12 мандати во земји. Канцеларијата на Високиот комесар за човекови права (ОХЦХР) ги обезбедува овие механизми со персонал, политики, истражувања и логистичка поддршка за да ги остварат своите мандати. Специјалните процедури се или лице (наречено „специјален известувач" или „независен експерт") или работна група, обично составена од пет члена (по еден од секој регион). Мандатите на специјалните процедури се утврдени и дефинирани од резолуцијата што ги креира. Носителите на мандатот на специјалните процедури служат во нивното лично својство и не добиваат плата или некаков друг финансиски надомест за својата работа. Независниот статус на носителите на мандатот е клучен со цел да можат да ги исполнат своите функции на целосно непристрасен начин.

[8] Во Европа, Европскиот народен правобранител (омбудсман) ја следи работата на FRONTEX (види белешка 15 долу).

